# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Десетото продолжение на Педесеттата седница
на Собранието на Република Македонија, одржана на
12 февруари 2004 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше, Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа со Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангел Димитров, Ванчо Георгиев, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Жарко Караџоски, Али Ахмети, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претресот по Предлогот за донесување на закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Збор има господинот Ристе Бислимовски. (Не е тука).

Збор има господинот Михајло Георгиевски, (Не е тука).

Господинот Јанаќе Витановски, не е тука, господинот Ванчо Стаменков не е тука, господинот Никола Груевски не е тука, господинот Чедомир Краљевски не е тука, али госпоѓа Којзеклиска е тука.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитуван министре,

Имајќи предвид дека локалната власт претставува едно од главните основи на демократското уредување, дека локалната власт односно правото на граѓаните да учествуваат во водењето на јавните работи, претставува демократски принцип, а особено потенцијрајќи дека ова право најнепосредно може да се оствари на локално ниво, се доаѓа до заклучок дека територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија претставува исклучително сериозен и важен

елемент за општото функционирање на општините и на населението што живее таму.

Локалната самоуправа е утврдена и како темелна вредност на Уставот на Република Македонија и заради тоа заслужува исклучително високо ниво на професионален и повеќедимензионален пристап, со цел локалната самоуправа да биде организирана така што ќе овозможи ефикасно функционирање на институционалната инфраструктура, со крајна цел формирање на стабилна локална самоуправа и стабилен населбен систем.

Сите сме сведоци, почитувани колеги, во каква политичка, економска и безбедносна ситуација се наоѓа Република Македонија во овие денови, во минатото, а со оглед на тоа како се одвиваат секојдневните настани, таа ситуација во сите сегменти се повеќе се влошува. Од друга стана ако релаизацијата односно практичната примена на овој закон на територијална организација на локалната самоуправа, е најсложен и најважен процес, тогаш зошто, се прашувам, а и го прашувам министерот за локална самоуправа, Владата истовремено предлага две сосема нови работи во Република Македонија.

Едната новина е фискалната децентрализација на централната власт.

Втората новина е новата територијална поделба. Од искуство, сите ќе се сложите, дека знаеме што значи да се воведува нешто ново и дотогаш неприменето, а да не зборуваме за ваков особено важен пакет на закони за децентрализација и во исто време ново територијално прегрупирање на општините во Република Македонија.

Сметам дека Владата не смее во јавноста да пласира тези дека децентрализацијата на централната власт и новата територијална организација на локалната самоуправа, како што споменаа некои од вчерашните колеги кои дискутираа на оваа тема, дека тие две работи одат, мора да одат паралелно. Дали така Владата мисли дека побезболно ќе го спроведе процесот и на фискалната децентрализација и на новата територијална организација. Сметам дека ако тоа е мислењето на Владата, тогаш длабоко се лаже од проста причина што, прво, како и секоја Влада која во себе ја има концентрирано целокупната власт тешко ќе дозволи или најмалку е подготвена да ја даде таа своја власт или да се откаже од неа и да се откаже од директното мешање во определени работи.

Затоа, Владата на Република Македонија постојано не бомбардира со информации дека, ете иако на Владата и е многу, многу тешко, ама што да прави, таа мора да си плукне во рацете и да ни ја изготви оваа нова територијална

организација на локалната самоуправа и да ни ги озготви новиот пакет на закони за децентрализација и нивна примена.

Идеален закон за територијална организација, точно е, почитувани колеги, дека не постои но точно е дека постои една друга поговорка, која мора да ни биде основ во овој процес на децентрализација и нова територијална поделба. А, таа поговорка гласи: "брзај полека и кога брзаш внимавај како одиш и што правиш". Вака како што сака Владата одеднаш да спроведе и фискална децентрализација и нова територијална организција на локалната самоуправа, а притоа неземајќи ги предвид укажувањата на локалните самоуправи, не само што нема да ја реформира локалната самоуправа, туку ќе ја запечати судбината на Република Македонија за некакво приближување на нашата држава кон Европската унија, пред се, заради несоодветната изработка или неискористувањето на сите потенцијали, неправењето на претходни анализи и на пакетот закони за децентрализација и на територијалната организација на локалната самоуправа, така што на крај ќе манифестираме една неспособност за реформи во локалната самоуправа. Кога веќе ја спомнав Европската унија, ќе ја спомнам толку повикуваната Европска повелба за локална самоуправа, а во таа Европска повелба за локална самоуправа постои еден член, член 5, кој воопшто не сакам да го коментирам, со оглед на тоа дека оваа Европска повелба е ратификувана од страна на Република Македонија. Меѓутоа, би сакала да ви го прочитам членот 5, чие име е заштита на границите на единиците на локалната самоуправа. Во самиот член се вели: "Границата на територијата на која се простира надлежноста на локалните власти, не смее да се менува, без претходно консултирање на локалните заедници што се во прашање, а доколку тоа е можно по пат на референдум кога тоа е предвидено со статут". А, тоа што Владата на Република Македонија се прави и глува и слепа при примената на овој член 5 во изработката на територијалната организација на локалната самоуправа, не ја амнестира од одговорноста која таа ја сноси.

Во оваа Европска повелба за локална самоуправа постојат јасно дефинирани општи европски стандарди за организација на локалната самоуправа, кои треба да бидат задолжителна рамка за проектирање и за организирање на предложените промени.

Првиот најважен од овие европски стандарди се однесува на почитување и заштита на правото на локална самоуправа на секој еден граѓанин. Ова свое право граѓанинот го остварува на два начина, непосредно преку референдуми и граѓански иницијативи и посредно преку претставници, свои претставници во советите на

општините. Но, ова право на локалната самоуправа во себе го опфаќа, покрај непосредно и претходното изјаснување на граѓаните за границите на својата локална самоуправа, затоа што токму граѓаните вистински занаат и ги чувствуваат своите потреби и интереси во единицата на локална самоуправа каде живеат. Затоа, непримената на овој член 5 од Европската повелба за локална самоуправа од страна на Владата при креирањето на оваа територијална организација на локалната самоуправа значи грубо кршење на демократската можност за остварување на правото на граѓаните за непосредно остварување на интересите на локалната самоуправа. Ако вака грубо игнорираме и индиферентно се однесуваме кон еден ваков документ односно кон Европската повелба за локална самоуправа, како тогаш, почитувани претставници на Владата и почитувани колеги пратеници од позицијата, ќе ја убедиме Европската унија дека ние интензивно работиме на хармонизација на нашето законодавство со законодавството на Европската унија, при што за крајна цел го имаме влезот во Европската унија. Јас не знам дали некој ќе може да ми ја објасни оваа непримена на членот 5 при новата територијална поделба предложена од Владата.

Вториот од општите европски стандарди е фактот што локалната самоуправа ужива свои целосни и изворни надлежности, но истовремено има и делегирани надлежности, кои централната власт за одредени работи и ги пренесува на локалната самоуправа.

Третиот стандард е независен и квалитетен состав на општинската односно на локалната администрација. Според Европската повелба на локалната самоуправа, начинот на вработувањето на лицата во локалните органи и тела, треба да биде независен од било која власт, а особено од централната власт. Во самата Европска повелба за локална самоуправа се инсистира на висококвалитетен кадар, што ќе работи или ќе биде вработен во службите, согласно принципот на стручност и компетентност.

Уште еднаш ќе напоменам ако принципите дефинирани во единиците во Европската повелба за локална самоуправа, не се почитуваат, тогаш и да не се чудиме кога од Брисел постојано ни доаѓаат извештаи во кои негативно се изјаснуваат претставниците на Меѓународната заедница за состојбата во Република Македонија во сите области.

Би се вратила на самиот предлог за донесување на закон за територијална организација на локалната самоуправа. Критериумите, кои според министерот за локална самоуправа се појдовни при изработката на ваквата територијална

организација, ќе ги повторам накратко се, прво, демографска големина на општината и на општинскиот центар, економска одржливост на општините, објекти од општествен стандард кои овозможуваат вршење на функциите на општината согласно член 22 од Законот за локална самоуправа, инфраструктурна опременост на општинскиот центар, природни и географски услови, како и специфични критериуми, историски, културни, еколошки карактеристики на населените места, развој на урбаната и месната самоуправа и претходно постигнат степен на развој на комуналниот систем. Значи, врз основа на овие критериуми, почитувани колеги, е изработена територијалната поделба.

Со оглед на фактот што министерот за локална самоуправа во рамките на своите активности остварувал и остварува секојдневни поединечни средби со градоначалниците, има посетувано голем број на општини, учествувал во работата на Заедничката седница на двата дома на Заедницата на локална самоуправа, кои ја сочинуваат сите градоначалници и претставниците на советит на сите општини во Република Македонија, учествувал во работата на постојниот комитет на заедниците на локална самоуправа, што значи дека министерот, господинот Гештаковски, имал јасна претстава што значи оваа нова територијална организација на локалната самоуправа и каков реален отпор постои кај сите овие структури . За да го потсетам почитуваниог осподин министер, а истовремено да ги информирам и колегите пратеници за определени заклучоци, кои произлегле од бројните дебати и тркалезни маси во врска со новата територијална организација на локалната самоуправа.

Имено, еден од заклучоците е дека предложените решенија со новата територијална организација на локалната самоуправа, ја поставуваат дилемата дали со вака предложената територијална организација се отвора процес на деконцентрација, со што одредени региони се централизираат или во одредени региони се централизираат поголем број на населени места, а во други имаме сосема обратно.

Понатаму, не се јасни визиите во Предлогот на законот за тоа како демографски ќе се обновуваат и стопански реактивираат веќе создадените демографски испразнети простори во Република Македонија, како што е Мариово, Дебарца и други, ако се укинат општинските центри во нив.

Демографскиот критериум применет како услов одредена општина за да биде општина, согласно новата територијална поделба да има пет илјади жители, сметам дека не треба да важи или да биде приоритетен, бидејќи развојот на голем број на

простори без утврдено административно седиште и натаму ќе остане во незавидна положба.

Со окрупнување на општините сметам дека ова е заклучок на сите досегашни дебати, тркалезни маси, на кои се расправало и било тема токму територијалната организација на локалната самоуправа е следниов. Со окрупнување на општините, заради зголемување на надлежностите, како што е во Предлогот на Владата, се загрозува мултиетничката карта на Република Македонија, особено во некои делови на Република Македонија, со што значително ќе се наруши етничката структура на населението на тие простори. Тоа може да предизвика засилени емиграциони движења од овие делови на државата.

Заклучоците ќе одат, или ги има во многу голем број, меѓутоа, генералните заклучоци се овие.

Во Република Македонија , согласно постојниот Закон и сеуште важечки , постојат 123 општини. Како што вчера министерот повикуваше , а и денеска во дневниот печат тоа е ударна вест, да не се користи оваа нова територијална организација на локалната самоуправа, за дневно- политички интереси, ќе ве потсетам само дека постоечкиот закон, значи Законот кој е донесен во 1996 година е донесен токму заради тогашни дневно-политички интереси. Со овој закон рековме дека Република Македонија е поделена на 123 општини. Така што тој термин за дневно-политички интереси не би требало да се користи кон опозицијата и кога треба и кога не треба, ако само малку министерот се врати во 1996 година. Со таа територијална поделба за чие формирање пристапот беше со нагласени политички аспекти и влијанија, сепак , направи можност за каква таква, во однос на тоа што беше никаква претходно ревитализација на населените места, кои се појавија како општински центри. Заради тоа, и со цел да се избегнат грешките во претходниот период важен е пристапот за формирање на новата територијална организација на локалната самоуправа да се направи професионално со научно издржани критериуми, каде политичкиот треба да биде последен критериум.

Многу од колегите се повикуваа на искуствата вов рска со територијалната поделба од другите држави, но сметам дека таквото повикување треба да се земе самокако сознание или поимење дека постои таков вид на територијална организација во другите земји, меѓутоа , не смее да се земе како критериум од причина што секоја држава е засебна географска целина, со исклучиво различни историски, демографски, техничко-технолошки и стопански аспекти. Во најмала рака несериозно е да се правата споредби со Холандија, Данска или други земји, затоа

што сосема различни се сферите на влијанија на политичко-економски системи функционални и други токови кои тие земји ги имаат и токовите во кои се наоѓа моментално Република Македонија. Помошта во однос на искуствата од странските претставници во никој случај не може да се прифати како порелевантно искуство од онаа помош што локалнит еексперти во Република Македонија ја нудат кои и лично и институционално подобро ги знаат состојбите во Република Македонија , посебно кога се работи за територијална организација на локалната самоуправа во сопствената држава.

Затоа, сите овие дискусии врзани со оваа територијална организација на локалната самоуправа постојано укажуваат на фактот дека постојната територијална организација и покрај одредените пропусти и недостатоци кои произлегоа најмногу како резултат на новосоздадените општини, сепак докажа во овој временски период од 1996 година до денеска дека ревитализацијата на руралните средини, сепак е можна. Овој процес на ревитализација е спор и трае најмалку онолку време , колку што била извршена девалвацијата на овој процес. Сега кога тој процес на ревитализација оди споро, но сепак, ќе се согласите, оди во нагорна линија, треба сериозно навистина, да се запрашаме дали денеска е дојден часот повторно да се прекројуваат границите на локалната самоуправа, повторно да се наруши интегритетот на просторот и да се вратат старите деформации од кои , како што нивели Владата сакаат да избегат.

Имено, според најновиот Владин предлог, каде се предлага територијална организација со 62 општини, бројот на руралните општини ќе се намали за 48, односно тој ќе изнесува само 29, а бројот на градските општини , кои во новата предложена консталација ќе изнесува 33, повторно ќе доминира во однос на руралните.

Во овојслучај, ние наместо децентрализација, ќе имаме случај кога повторно ќе настане централизација и тоа со многу висок процент од 50%. Владата всушност со укинувањето на овие 48 постојни општини, истите тие ги стави на таканаречена црна листа, затоа што знаеме дека во последно време многу се актуелни црните листи, така да и Владата на црната листа ќе ги стави овие 48 општини.

Затоа, слободно можам да заклучам дека било каква нова територијална организација на Република Македонија , со оглед на тоа дека претходната веќе покажува позитивни резултати, засега не треба да се спроведува , односно да си функционира оваа постоечката.

Во прилог на тоа говорат и фактите дека скоро и да нема општина во Република Македонија, која на својот атар не воспоставила многу поквалитетна инфраструктура и друг вид на инфраструктурни содржини од оние што постоеле претходно, или пак, кои воопшо не постоеле, затоа што имавме до 1996 година и такви општини.

Со новата територијална организација на локалната самоуправа, се прашувам дали некој сака повторно да ги врати селата во старата положба и да го прекине овој процес на развој, кој тие го чекаа верувајте пвоеќе од 50 години. Ова укажува и на уште нешто, а тоа е дека за да се зборува за нова територијална организација на локалната самоуправа , неопходно е потребно, покрај другите принципи, кои Владата ги зела предвид при изготвувањето на овој предлог на територијалната поделба, треба да се примени и таканаречениот искуствен принцип, односно да се забележат сите искуства од постоењето на новоформираните општини, што не е возможно да се примени и истражи за неколкуте месеци, односно за периодот во кој Владата го изготвуваше овој закон за територијална организација. Значи малиот број на месеци воопшто не ја оправдува Владата за претходно неизвршените анализи кои требало да ги направи , со оглед на тоа дека има можност , има структура да открие дали 123-те општини во Република Македонија ќе функционираат и можат да функционираат такви какви што се во овој момент и за во иднина.

Можам да кажам дека немало или не постои градоначалник, а истиот тој да не отишол во некое од постојните минситерства и други државни органи да бара помош за интересите и потребите на локалната самоуправа. Овде ќе го наведам на кратко само, почитувани колеги, примерот на општината Стар Дојран, која преку Министерството за животна средина и просторно планирање, оваа општина го реализира проектот Ѓавачко Поле, која успеа да го спаси, или поточно да го запре целокупниот демографски колапс пред кој се наоѓаше Дојранското Езеро. Градоначалникот на оваа општина сигурно бил постојано присутен во Министерството за животна средина и просторно планирање, но сигурно тој не ќе можеше ништо да стори, доколку Стар Дојран беше под надлежност на некоја друга општина, како што впрочем се наоѓаше под општина Гевгелија, кога езерото целосно ја загуби својата вода. Сега, Стар Дојран нема да биде под Гевгелија, туку под Богданци. Сега ние си правиме тука експерименти, видовме како било со Гевгелија, но добро, Стар Дојран нема да биде под Гевгелија, ќе експериментираме како ќе биде под Богданци. Но и покрај сите напори да гир азберам критериумите кои ги

нуди Владата и Министерството за локалната самоуправа, сепак, не можам а да не се навратам на едно политичкиот принцип кој најверојатно произлегува како резултат на постојаните политички барања на албанската заедница во целост и не може никој да ме разубеди дека оваа нова територијална организација на локалната самоуправа не претставува политички договор помеѓу СДСМ и ДУИ, затоа што сите сме свесни дека со оваа нова предложена територијална организација Западна Македонија, како и делови од главниот Град Скопје во нив целосно ќе доминираат албанската популација, што од своја страна повторно ќе иманегативни последици, со оглед на искуството кое го имавме до денеска.

Така на пример, кон општина Кичево се предлага да се соединат пораненитe општини Вранешница, Другово, Зајас и Осломеј.  Со ова , вака предложена територијална организација на Кичево , се формира една огромна општина , а притоа , ќе се растурат три постоечки општини, кои покажаа дека досега успешно функционираат. Претпоставувам дека најмалку албанците би сакале да се откажат од општините Осломеј и Зајас, а тоа што не се изјаснуваат на референдум, како останатите општини, е резултат исклучиво на политички притисок. Ништо тука не може да биде причина, освен политички притисок. Овде ќе напоменам кога зборувам за Кичево дека потполно ќе се смени етничката структура на населението во корист на албанската заедница. Не помалку сложена е состојбата во Струга, каде со предложената територијална организација, кон Струга се придодаваат општините Вевчани, Велешта, Делбожда, Луково и Лабуништа, со што , исто како кај Кичево ќе се формира огромна, скоро целосно нефункционална општина, повторно сопроменета етничка структура, повторно во корист на албанците.

Кон општина Тетово , според новата територијална поделба ќе се придодадат општините Џепчиште и Шипковица, со што етничката структура на населението ќе биде следнава.  Бројот на албанцит еод 38,5% се зголемува на 49,4%, а бројот на македонците од 24,5% се зголемува на 29,7%, или дури за 3,2%. Намерата почитувани пратеници, сметам дека е јасна , формирање на претежно чисти албански територииии, со крајна цел систематско и континуирано уништување на се она што не произлегува од албанската заедница. Овие намери кои некогаш беа скриени, но секогаш беа тука некаде, а сега се транспарентни, токму од албанската заедница, а потпомогнати, се разбира, од Владата на Република Македонија , преку оваа нова територијална организација на локалната самоуправа, ќе ги истисне во целост македонците од Западниот дел на Македонија, како што ви гикажав примерите претходно на Кичево и Струга и н атој начин ќе создаде простор на

вештачки политички мнозинства. Можеби затоа, знаејки што се случув апозади сцената, односно зад кулисните игри на СДСМ и ДУИ , вчера министерот за локалната самоуправа така убаво не замоли, да не дозволуваме оваа територијална организација на локалната самоуправа да се користи за дневно политички интереси, за заплашување на граѓаните со преселби и со федерализација на државата и најмалку да се користи за придобивање на гласовите за претстојните избори. Ова е цитат од вчерашните стенографски белешки на почитуваниот министер Гештаковски. Тука сметам дека минситерот ја направи грешката и ја отки меѓу редови целта на оваа територијална организација на локалната самоуправа, редоследот на настаните што ќе се одвиваат и всушност, целото сценарио. Зошто инаку со оваа ваша замолница би си ја бркале “мувата што си ја имате на капата”, ако не е причина токму тоа. Повторносо ваквите таканаречени смирувачки тонови , Владата преку министерот Гештаковски , сака на граѓаните да им прикаже една виртуелна реалност многу користен и практично употреблив израз овие денови, кога во таа виртуелна реалност вие правите или ги реалксирате меѓуетничкитеодноси, а опозицијата постојано ги разгорува тие меѓуетнички односи.

Уште еднаш почитувани колеги пратеници, министре, и на макеоднската јавност ќе повторам дека ВМРО-ДПМНЕ е за неопходна реформа во локалната самоуправа, а тоа го покажа со донесувањето на Законот за локална самоуправа. Но ВМРО-ДПМНЕ е против ваквата валкана политичка игра, каде влогот е премногу голем, а тоа е иднината на Република Македонија.

Затоа колку предложената територијална организација на локална самоуправа има врска со демократијата и намалувањето на ингеренциите на централната власт, а колку тие се поврзани со повторното и се појасното заживување на линијата Приштина, Тетово, Гостивар, Кичево, Струга познати уште од времето на албанската окупација на западниот дел на Македонија, останува за жал сурово само да ни го покаже времето.

За крај, кој што ќе добие со ваквата територијална организација на локалната самоуправа? Албанците ќе ја официјализираат својата намера започната со Илирида за поделба на Македонија по етничка основа, македонците ќе загубат дел од Република Македонија и тоа западниот дел , сите ќе ја загубат државата која природно им припаѓа таква каква што е , толкава каква што е, но сепак, наша е. Нема да биде страшно почитувани колеги пратеници после мојот говор вие сите да ме демантирате и да давате реплики, меѓутоа страшно ќе биде доколку сите вас ве демантира иднината. Тоа е страшното.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г. Абдилаким Адеми.

АБДИЛАКИМ АДЕМИ:

Незнам колку засужува да се реплицира, но поради вистината и заради јавноста ќе кажам неколку зборови. Се спомнуваат овде референдуми кои што се организираат од власта, локалната власт и прашувате дали ќе се земат во предвид резултатите од реферндумите од страна на македонската Влада. Референдумите се израз на волјата на граѓаните и тоа е во ред. Но, треба да имаме во предвид како беа иницирани овие референдуми и која е заднината на овие референдуми, тогаш Владата треба добро да размисли пред да одлучи дали да ги земе, или да не ги земе во предвид резултатите од овие референдуми. Сите сме сведоци дека иницијатива за референдуми произлезе токму од опозиционата партија ВМРО-ДПМНЕ и два претседатели на општини од Струга и Кичево, своите референдуми ги најавија во канцелариите на оваа партија. Тоа доволно говори за политичките придобивки кои што сакате да ги добиете со манипулацијата со граѓаните. Доколку пред најавите околу референдумите беа навремени , се ќе беше во ред. Но, тоа се случуваше во канцелариите на една политичка партија, како тие претседатели на општини да беа припадници на партијата на сите граѓани. Вие врз пропагандата врз етничка основа предизвикувате навистина омраза токму кај македонците во Западна Македонија. Се грижите дека во Западна Македонија бројот на албанците во општините ќе биде многу повисок, или многу поголем. Почитувана г-ѓо албанците се на нивните етнички простори и таму ќе бидат без оглед на ставовите на вашата партија. Последно време е вие да научите лекција од минатото, бидејќи ова нема да ви донесе политички поени. Тие времиња се изминати. Колку побрзо ќе ја разберете вистината, или ова, вие и вашата партија, толку подобро ќе биде за вас и за сите граѓани во Македонија. Мислам дека имате голема грешка во врска со тоа и треба да се потсетите на измените кои што се случија во 2001 година. Државата е за сите граѓани во Република Македонија без оглед на нивна етничка припадност.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас колку што знам во мојот говор не спомнав референдуми, не спомнав ништо, а ќе го упатам колегата на член 5 од европската поделба за локална самоуправа, тоа е во првиот дел. Во вториот дел дека после измените во 2001

година Македонија била на сите граѓани, да , Македонија треба да биде на сите граѓани, ама каде е македонското знаме во западниот дел на Република Македонија, почитуван колега, а не албанското знаме да се вее. Ние не сме во Албанија, ние сме во Македонија и вие сте граѓани на Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г. Недим Рамизи.

НЕДИМ РАМИЗИ:

Сакам кратко да реплицирам, прво во делот на избрзувањето од страна на Владата, беше напоменато дека се прави набрзина, а ние знаеме дека со Рамковниот договор беше многу прецизно определено и овој закон да биде донесен пред парламентарните избори 2002 година. Така што доволно време имаше и претходната Влада да излезе со предлог за територијална организација. Во однос на делот во кој што беше укажано поготово за градот Струга дека се прави општина, така беше речено, голема која што би била нефункционална, некако така беше речено. Незнам во кој правец тоа беше кажано. Мислам дека на овој начин Струга би била далеку пофункционална, економски помоќна општина, значи во однос на големина по жители би го споменал тука да речеме Куманово е со 104 илјади жители во моментов како предлог, а посебно во делот поготово и вчера од некои дискутанти се употребува многу терминот федерализација и се алудира, се однесува пред се за западна Македонија. Се прашувам дали ова прашање се поставува исто така и за во источна Македонија кога од говорницава тука беше речено пред неколкук дена дека има најава за 20 илјади пасоши бугарски на граѓани од Македонија. Така што се прашувам дали некој го поставил ова прашање и за во источна Македонија?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г. Владо Паунков.

ВЛАДО ПАУНКОВ:

Јас сакам да реплицирам на оној дел каде што колешката ја потенцира општина Богданци. Бидејќи јас сум од Богданци, сакам да и дообјаснам каква е всушност состојбата со општина Богданци.

Општина Богданци не е нова општина, општина Богданци сега со овој закон се возобновува. Значи, до 1965 година исти се овие граници, само уште Богородица

треба да се додаде на таа општина. Сакам да укажам дека целокупниот економски локален развој на ова подрачје и покрај тоа што беше укината општината, беше во надлежност на Богданци, на претпријатијата од Богданци, и на стопанството од Богданци. Целокупната инфраструктура, мислам стопанска, тоа е пред се резултат на претпријатијата "Иворски" и "Млаз Богданци". Ако знаете дека единствениот хотел кој што работи сега со висока туристичка категорија во Дојран е хотелот во "Мрдаја", Млаз од Богданци, исто така треба да знаете дека оранжериите се подигнати од Изворски од Богданци, лозарството е подигнато од "Југолозар" - Богданци, дека ланецот на продавници се од Пекара Богданци, дека капацитетот на Пекара - Богданци е капацитет за оваа општина, а плус туристите и дека се водеше една правилна економска политика и покрај тоа што не бевме општина да имаме рамномерен развој. Ако споредите жителите на општина Дојран последниот попис и претходниот попис ќе видите дека се намалиле за 200 , односно од 3.600 дошле на 3.400 жители. Така што поврзаноста на ова подрачје мислам е нераскинливо економски поврзано. И од тие причини сакам да нагласам дека и проектот Дојранско Езеро, еден куриозитет да знаете , бунарското построение е на 50 метри од бунарите за вода за пиење на Богданци. А што мислите, ако не бевме заангажирани како општина Богданци овој проект да биде, дали ќе дозволевме таму да се направи? Сигурно, не, бидејќи со овој проект ја имаме таа предност што јас и градоначалникот сме градежни инженери-хидро смер, го промовиравме овој проект од проста причина заедно со градоначалникот од Дојран за да ги активираме сите оние индустриски капацитети што ги градеше стопанството од Богданци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, Којзеклиска, една минута реплика.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван колега, јас немам ништо против Богданци да си биде општина како што и беше. Меѓутоа, примерот кој го наведов се однесува на Стар Дојран, затоа што Стар Дојран еднаш е под Богданци со една територијална организација, друг пат е под Гевгелија. Камо среќа сите општини да бидат како Богданци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г. Хусеини Хусеинџеват. Повелете три минути.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАТ:

И ги отстапувам две минути на колешката. Само за една минута неколку прашања.

Како г-ѓата мисли дека се растура мултиетничката карта и зошто да се растури картата на Македонија со оваа територијална организасдија, сакам да ми одговори.

Второ, дали се запрашале граѓаните на Македонија за територијалната поделба која што е во сила од минатото. И дали има место во светот каде 25 илјади метри квадратни се поделени на 123 административни единици. И на крај, за што не е обврзана да ми одговори, ако немаше директни телевизиски преноси, колку ќе траеја нивните дискусии?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Којзеклиска, имате една минута за реплика.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

За федерализацијата на Македонија ќе ги праша претставниците на ДУИ кои се во Владата зошто тоа значи федерализација на Република Македонија. Словенија со 190 општини, квадратурата точно не ме држите за збор, а верувајте почитуван колега Хусеинџеват Хусеини дека и да немаше собраниски седници, можеби и подолго ќе траеа моите говори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г. Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Јас г. претседател сакам да реплицирам на г-ѓа Којзеклиска и на принципиелен начин можеби оваа реплика ќе важи и за сите оние кои што од петте критериуми за функционалноста и петте критериуми за целта на организирањето територијална организација и формирањето на локалната самоуправа гледам дека најмногу се посветува на меѓуетничките односи во оние општини, односно локалната самоуправа. За овие неколку две, три минути неможам да се ослободам од еден товар на г-ѓа Којзеклиска со предрасуди какви ќе бидат тие општини каде што според една нова реалност може евентуален претседател да биде од македонска, или албанска припадност, во овој случај албанска припадност, но еднаш за секогаш да се ослободиме од тоа што значи етничкиот соодност ако е тој повеќе албански, ние со

оваа нова реалност, нова организација ние не правиме две национални заедници, тие остануваат во своите улици, во своите домови, на своите работни места, додека територијална организација од аспект на она што значи функционалност и цел на општината има карактер и поинаква важност. Подобро ќе биде да се ослободиме и да ги ослободиме граѓаните и да не им носиме темни облаци, бидејќи вака ако продолжиме со дискусии, верувајте не правиме никакво добро ниту на оние граѓани кои што живеат таму, но и на самите себеси некоја нова добра промоција во однос на тоа дали сум поголем македонец, или албанец. Верувајте дека овие говори за моменталната актуелност можеби значи нешто многу, но мислам дека се демоде кога говориме за она што значи интеграција и изградба на еден живот, на еден ред, општествен ред, демократски натаму во однос на новата територијална организација.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван колега Рамадани, ќе се сложите иако не сакате да признаете, барем јавно, дека не се работи за предрасуди, туку се работи за искуство посебно во демонстрирањето на барање на права, а не на обврски кои ги имаат припадниците на албанската заедница. Значи, досегашно искуство во демонстрирањето за барање на права, но не за обврските.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г. Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Јас би дал една кратка реплика на извештајот, односно на дискусијата на почитуваната колешка. Препоставувам дека станува збор за лапсус. Не би сакал да поверувам дека свесно од нејзината уста ја слушнав следната реченица, а имено дека од Брисел постојано ни се враќаат негативни извештаи по сите области. Иако станува збор овде за еден сосема друг закон, претпоставувам дека тоа се однесува за процесот на децентрализација. Во кратки црти би кажал, но со аргументи какви пораки ни пристигнуваат токму од ЕУ и од Брисел. Имено, ЕУ како прво ги поздравува сите напори за целосна имплементација на уставните и законски реформи засновани на Охридкиот Рамковен договор. Исто така, го поздравува и значајниот напредок што во тој чекор е направен. Меѓутоа, она што посебно би сакал да кажам е сврзано со оваа точка на дневен ред, дека ЕУ смета дека конечната

имплементација на Охридскиот Рамковен договор кој постојано добива зголема подршка од граѓаните треба да биде забрзана, па ги повикува во таа смисла и Владата и Парламентот да продолжат со поголема одлучност во донесувањето на законите во областа на реформите на јавната администрација и процесот на децентрализацијата, вклучувајќи ги и одредбите за финансирање на локалната власт. ЕУ го поздравува успешно завршениот попис и позитивните оценки дадени од страна на меѓународните набљудувачи. Понатаму, исто така ЕУ го цени неодамнешното усвојување од страна на македонскиот Парламент на уставниот амандман за легализација на специјалните истражни средства, го поздравија и усвојувањето на стратегија за борба против корупцијата на Владата, го поздравува независниот буџет на судството, завршувањето на реинтеграцијата на поранешните кризни региони , во сверата на економијата успешната имплементација на Стенд Бај Аранжманот со ММФ, континуирана макроекономска стабилност на земјата и преземените мерки на полето на развој на мали и средни претпријатија итн. А сега ќе ги кажам и последните две пораки од Брисел. Првата е дека се поздравува успешното завршување на првата воена мисија на ЕУ Конкордија, реализирана во целосно партнерство со властите на Република Мака Македринија . Второ, дека исто така, пораката од Брисел дека и Проксима ќе ја заврши успешно својата задача поради која е дојден. Ова , почитувана колешке се аргументи дадени во извештајот од 9-тата меѓупарламентарна средба на претседателите на делегациите на Европскиот парламент и на Парламентот на Република Македринија . Значи зборувам со аргументи и тоа се пораките од Брисел.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас само ќе го потсетам почитуваниот колега Томиќ на изјавата на европарламентарецот Дорис Пак која се однесуваше на тоа дека Република Македонија апсолутно не напреднала во ништо во борбата против корупцијата, во борбата против организираниот криминал. Имаше негативни оценки за законот за основање на трет државен универзитет во Тетово и незнам дали е лапсуз на господинот Томиќ, па не ми прочита во кој документ Брисел ја оправдува оваа нова територијална организација на локалната самоуправа. Документот не го прочитав.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има ли реплики?

Повелете господине Јусуф Арифи.

ЈУСУФ АРИФИ:

Морам да реагирам затоа што веќе втор пат се спомнува тетовскиот универзитет. На пресот господинот Кедев кога јас реагирав и реков дека не е фер да се споменува тема која што е веќе разговарана во текот на свечената вечера, бидејќи за ова имаше реакција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Мислам дека тоа не беше во настапот на госпоѓата Којзеклиска и затоа држете се до реплика во однос на настапот на госпоѓа Којзеклиска.

На овој начин ние почнуваме реплика да даваме за да одговараме на реплики. Јас тоа нема да го дозволам. Ако имате конкретна забелешка на настапот на госпоѓа Којзеклиска, а јас ве молам од место особено позицијата да не дофрлува и да не кажува како треба јас да ги водам седниците. Тоа не е добро ни за Парламентот, ни за позицијата, а не е добро ни за поединци.

ЈУСУФ АРИФИ:

Се извинувам, меѓутоа, овде се спомена господине претседател од страна на госпоѓата и ако не процедурално тогаш нека биде како сакате.

Вие спомнувате дека Европската Унија имала негативно мислење и од таа причина јас сакам да разјаснам дека Европската Унија немала тема на дневен ред на ниво на двете делегации.

Потоа, морам да споменам дека не е фер работите кои што се спомнале во текот на вечерата како лични вреднувања да излезат јавно. За оваа тема имаше реакции и госпоѓата Пак, која демантира дека таа дала оценка дека е против универзитетот или дека дал негативно мислење за работата на Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Арифи.

(Госпоѓата Ганка Самоилова бара збор процедурално)

Јас тоа го објаснив и знам што ќе биде процедурално.

Повелете процедурално.

ГАНКА САМОИЛОВА-ЦВЕТАНОВСКА:

Господине претседателе, јас ве молам како што првиот пат реагиравте требаше и сега да реагирате бидејќи не може во текот на своето излагање

пратеникот кој побара реплика наеднаш да каже дека бара процедурално и воопшто да не се држи за излагањето на пратеничката Којзеклиска.

Доколку имаат забелешки за тоа како е пренесена нашата посета во Брисел нека си свикаат прес конференции и тоа нека го кажат на прес конференции, да не се злупотребува говорницата од собраниската сала.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас тоа го напомнав, колегата се искорегира и на крај при неговиот завршеток рече да биде ова процедурално. Вашиот мандат да важи за сите, вклучително и за опозицијата.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Претседателе, јас колку што го читам деловникот реплика на реплика не е дозволено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа го кажав.

Бидејќи нема повеќе реплики, повелете господине Георгиевски, а нека се подготви пратеникот Љупчо Мешков.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе,почитувани дами и господа пратеници,почитуван министер,

Пред нас се наоѓа предлог законот за новата територијална поделба, уште еден законски проект предложен од страна на Владата, за кој што слободно може да се констатира дека земен заедно во пакет со законот за легализација на Тетовскиот универзитет, претставуваат политички кобно решение за натамошниот развој на Република Македонија. Владиниот предлог за новата поделба на општините, доколку се прифати ваков како што е, со игнорирање на сите сугестии кој што пристигнуваат од експертите, опозицијата, носителите на локалната власт, како и од самите граѓани, со еден збор е неприфатлив. Тој е негативен од повеќе аспекти.

Имено со него покрај тоа што се игнорираат референдумските барања на граѓаните, може да се констатира дека не ги задоволува ниту елементарните географски критериуми. Потоа тој врши драстично менување на етничките односи на теренот, што погледнато од регионалната констелација во која што се наоѓа Република Македонија без двоумење не наведува на заклучокот дека се работи за законски проект за кој не се вршени длабински анализи. Па така едни општини се

бришат, други се задржуваат, при што главна карактеристика на ваквото дејство е тоа што не се почитуваат интересите на реалните локални заедници. Можеме да заклучиме дека во методологијата на изготвување на овој предлог на Владата нема конзистентност, туку се поаѓа од етничко-политички и дневно-бирократски интереси и позиции, кои неминовно ќе доведат до постојана тензија во меѓуетничките односи и разградување на структурата на локалната самоуправа, на која треба да почива системот на локална самоуправа на земјава.

Сегашните противања на граѓаните, изразени преку големиот број на референдуми, покажуваат дека Владата нема легитимитет за овој предлог. А сите знаеме дека основен предуслов за да профункционира одреден закон е неговата прифатеност од тие врз кој што ќе се применува. Ако Владата продолжи да ги игнорира барањата на граѓаните таа ќе се најде осамена на страната против нив, со соголени мотиви и цели. Министерот за локална самоуправа рече дека нема да попушти пред референдумите кои ги организираат општините, во знак на несогласување со предложената територијална поделба. Со тоа министерот ни кажува дека не ја почитува ни Европската повелба за локална самоуправа, која Македонија ја има ратификувано, ниту волјата на граѓаните. Во Повелбата инаку пишува дека за границите, општините се изјаснуваат на референдум.

Референдумот е најдемократски облик на изјаснување, а тоа за власта е неприфатливо затоа што таа своите решенија ги донесува во теснокабинетски услови, далеку од јавноста. Меѓутоа кога нејзиниот предлог беше соочен со јавноста тој најдиректно беше одбиен од сите страни, вклучувајќи ги и нејзините сопартијци. На место да се развие широка дебата од која што ќе произлезат најдобрите можни решенија, Владата изјавува дека е во ред што се одржуваат референдуми, но дека тие за власта не се обврзувачки. Владата значи е решена по секоја цена на општините да им наметне свои решенија, без разлика дали тие им се допаѓаат или не. Референдумите кој што досега беа организирани упатија силна порака до власта, а тоа е пораката дека граѓаните го одбиваат нејзиниот предлог. Доколку таа остане глува на ваквите барања може да се заклучи дека ќе донесе еден неодржив закон кој што набргу ќе треба да се менува, при што ќе дојде до непотребно трошење на буџетските средства, во чие полнење граѓаните имаат најголема улога. Тоа значи залудно трошење на пари.

Граѓаните на општините кој што се погодени од ваквиот предлог на владата одговараат со најдемократската институција-плебисцитарното изјаснување. Повикувањето на членот 5 од Повелбата за локална самоуправа и правото на

граѓаните да одлучат да живеат во општина по нивна мерка, поткрепени со податоците за економската одржливост, се силни аргументи кои централната власт ќе мора да ги респектира, без разлика дали се работи за општини во источниот или западниот дел на Македонија. Точно е дека во нашиот систем референдумот има само консултативна, споредна природа. Сепак ако во сите референдуми граѓаните покажуваат дека не ја подржуваат владата и искажат противање, значи дека предлогот нема подршка кај локалното население.

Со Охридскиот договор, исто така, се бара границите на општините да се определуваат заеднички од локалните и националните власти. На владата останува да одлучи дали ќе се спротивстави на граѓаните. Доколку тоа се случи ќе плати на наредните избори.

Друго на што би сакал да се задржам е фактот кој укажува на тоа дека локалната самоуправа мора да почива на реални локални заедници и целини, а не на региони. Во рамките на регионите може да има повеќе локални целини, кој што може да бидат урбани и рурални. Во Другово на пример 27 населени села се посебна целина, во однос на Зајас, кој исто така е рурална средина и опфаќа исто толку населби. И двете целини имаат своја локална поврзаност која ги чини локални заедници.

Така доколку постои локална албанска заедница тогаш таа ќе ја понесе одговорноста за низа работи во локалната свера, како што се образованието и здравството. Истото важи и за македонската заедница. На тој начин локалните проблеми нема да добијат меѓуетнички карактер. Иако во кичевскиот регион во целина може да има повеќе албанци од македонци, примарни се локалните целини, лоцирани на различни места, кои го сочинуваат мозаикот на локалните заедници. Секоја од нив има сопствен центар. Станува збор за хомоген тип на општина, а не за хетероген тип, кој настанува кога спојувате селски и градски општини, како што сега тоа го прави владата. Градска општина има типично градски потреби и ако се спои со селска, ќе добиете општина која не може да ги решава ниту селските ниту градските проблеми.

Згора на се, ако уште имате и етничко надгласување, тогаш неминовно се создаваат тензии. Од тие причини реалниот мултикултурализам треба мозаично да се изрази преку системот на локални заеднии. Преку, на пример македонската или албанската локална заедница во Вранешница или во Зајас. Ако се спојат тогаш апсолутно се менуваат односите и се воведува механизам на мајоризација и тензии. Прашањата на почитување на етничките интереси треба да се решаваат на друга

основа, на државно ниво и во сверата на политичкото општество. Во локалната самоуправа, баз политизација треба да се решаваат најнепосредните проблеми и потреби на граѓаните.

Вака, добиваме механизми на етничко надгласување, кои неминовно продуцираат етнички тензии, нови делби и особено егзодуси. Ставете го тоа уште во контекст на односите во регионот, но и во контекст на веќе присутниот радикализам и екстремизам.

Практиката вели дека етнички хетерогени општини се најлош тип на општини. Со законот во 1996 година се одеше кон максимално растоварување на градовите од пространите рурални средини. Се знаеше дека и во времето кога градовите имаа можности да им помогнат на руралните средини, не сторија ништо за нив. Градовите делуваа како загушувачи за околните села правејќи комплетна запоставеност на руралните простори. Одкако се одвоија, руралните средини остварија такви резултати за кои не можеа ниту да сонуваат во претходниот модел. Сега некој си наумил тој почнат тренд да се прекине.

На пример, се предлага да се укине општината Самоков, со 26 населени места. До 1996 година таа имаше само неколку шумски и земјени патишта. И при ниски надлежности и при мали средства, таа општина успеа да создаде многу патишта, да изгради водоводни системи и повеќе објекти од јавен карактер. Замислете само каков стимул ќе и даде на општината полнењето на акумулациското езеро Козјак и развојот на туризмот во тој регион. Да ги погледнеме мариовските општини, кои направија многу повеќе отколку во претходните 50 години. Маврово пак како општина, со собирање на земјишната рента и таксата ќе собере голем сопствен буџет. Вевчани се брише, а луѓето таму постигнаа импресивни резултати. Јасно е дека концепцијата на Владата повторно ги занемарува и ги исклучува руралните простори од развојните процеси.И Блатец откако стана општина1996 година дожива процвет,за што ке зборувам покасно во друго искажување.

Исто така може да се констатира дека постојат неколку школски примери за непознавање на географијата. Така, кон Лозово гравитираат голем број населби, а општината се укинувва и се спојува со Свети Николе. Конче е сосема издвоено од Радовиш, а се предлага спојување. Белчиште, рурална средина со многу населени места, се приклучува на Мешеиште, а тоа нема никаква логика. Добрушево, заедно со Могила се приклучува на Кукуречани, иако географски е оправдано центарот да биде во Могила. Сличен е случајот и со Џепчиште кое се става во Тетово, а би било логично да биде со Теарце. Во Гостивар пак, Србиново, Бањица и Вруток се

приклучуваат кон градот, иако Бањица може да биде рурален центар. Она што посебно не може да се разбере и прифати е идејата за трите општини во Дебар, Кичево и Струга. На Дебар му се додава Жупа, која и по етимологијата на своето име е центар на тој крај. Да не заборавиме за Кичево и Струга, каде што драстично се менува етничката структура на населението. Сите тие интервенции имаат апсолутно политичко значење.

Претходната поделба на општините покажа голем степен на виталност. Таа поделба, со сите нејзини маани и недостатоци, апсолутно е подобра од оваа што сега се предлага. Не е точно и тоа дека Македонија има премногу премали општини. По големината на општините сега Македонија се наоѓа на 7 место меѓу 24 европски земји, а по бројот на жителите-на 9 место. Ова што го предлага Владата веројатно ќе не крене на самиот врв. Ќе станеме земја со најголеми општини, хетерогени и со противречни интереси.

Локалната самоуправа е многу лош терен за водење на политика на смирување на меѓуетничките тензии. Владата сака предлогот да го искористи за да ги релаксира тие односи, но за жал ги задоволува само барањата на албанската страна. Со тоа практично се врши политичка поделба на Македонија, бидејќи се создаваат етнички доминантни институции на локалната самоуправа во цела Македонија. Опасноста која постои во лошото и политички креираното територијално делење на општините, како предуслов за ефикасна децентрализација, посебно во мултиетничките делови на државата, како што е западниот дел на Македонија, е реална.

Имено основа од која треба да се појде е Рамковниот договор кој во преамбулата и како основен столб на сите свои решенија ја има идејата за одржување и заштита на мултикултурниот карактер на Македонија. Таа негова основна ориентација може да биде загрозена со доведување до политичката поделба на општините под притисок на коалиционите партнери, оправдуван со брзината за апликација за членство во Европската Унија.

Всушност доаѓањето до таквата поделба ќе придонесе до тивко етничко чистење и рушење на Рамковниот договор одвнатре.

ДУИ во Владата притиска за големо окрупнување на општините. Тоа за последица би имало нужно спојување на градските со селските општини и повторно правење на огромни конгломерати, слични на оние кој постоеја во социјализмот. Тоа за западна Македонија би имало големи последици. Така денеска во пооделните градови или градски општини со последниот закон за територијална поделба кој

помина со подршка на експерти на Советот на Европа, етничкиот баланс е следниот: Во Тетово 56% се Албанци, а 44% се други вклучувајќи ги Македонците, Турците, Бошњаците и слично. Во Гостивар има 44% Албанци, а додека 56% се други, односно Македонци, Турци и слично. Во Кичево и Дебар има 34% Албанци и така натаму. Со спојувањето на селските и градските општини под името на окрупнувањето на општините поради децентрализацијата - во Тетово би имало 85% Албанци и 15% други, во Гостивар 70% Албанци 30% други, Кичево 52% Албанци и слично. Ова би довело до притисок за тивко етничко чистење и би завршило де факто со етничка поделба на територијалната база во Македонија. Тоа би било во директна спротивност со словото и духот на Рамковниот договор, за неповрзување на етничките права со територијата или детериторијализација на правата на културната различност. Конечно тоа би довело до крах на Рамковниот договор, на неочекуван начин и преку реториката за негово имплементирање.

Меѓународните стандарди за поделба на општините токму упатуваат на поделба на градски и селски општини. Токму тоа треба да се следи и кај нас, и ништо повеќе.

Се поставува прашањето каков е мотивот на Владата да влезе во ваква катастрофална политичка драма? Таа ја прокоцка со мака и напор градената политичка позиција, заедно со меѓународната заедница во врска со градените принципи во Рамковниот договор. Таа го рескира и прекршува тој Рамковен договор, при тоа повикувајќи се на него. Се поставува прашањето кој е националниот интерес и меѓународни стандарди кои што се кријат зад ваквиот потег. Дека воопшто не е нужна територијалната поделба да се донесува сега и да се поврзува со децентрализацијата е повеќе од јасно, бидејќи е можно децентрализацијата да се изведе со овој број на општини, па после поминувањето на период на неколку години да се процени дали е одржлива и со кој промени, па дури тогаш да се пристапи кон нова територијална карта за општините.

Владата со ваквите потези доведува до судир и политичка блокада, работи во прилог на екстремните албански барања за поврзување на етнички права со територии, ја подржува нивната ароганција во Парламентот и надвор од него и со тоа длабоко ја фрустрира и понижува македонската јавност на драматичен начин. Сето ова се факти кои што мораат да бидат земени во предвид доколку не се сака да се загрози развојот и опстојувањето на Република Македонија.

Почитувани дами и господа пратеници, дозволете ми на крајот на моето искажување да ги предложам следниве заклучоци:

1. Поради горенаведените причини предлагам засега да се остане во ист состав досегашната територијална организација со 123 општини, и да се види нивната ефикасност со воведувањето на финансиската децентрализација;

2. Да не се прават големи и гломазни општини, составени од градски и селски населби, што ќе доведе до мешање на селските и градските интереси на населението и нивна мајоризација;

3. Да се избегнат вештачки направените општини со чист политичко-етнички карактер што може да доведе до етнички тензии и незадоволства кај граѓаните од тие општини, како што се Кичево, Струга, Маврови Анови и сл.

Да ги оставиме општините да опстојат сами. Доколку не можат, по природен пат да се укинат, а не по административен пат.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Љупчо Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Благодарам госпоѓо потпретседател.

Почитуван министер, почитувани колеги,

Во мојата дискусија ќе кажам неколку аргументи и ќе се надоврзам на последната реченица која ја кажа министерот во воведното излагање, а тоа е усвојувањето на територијалната организација што е понудена не доближува до Европа и не води до европското семејство, што е желба и стремеж на сите нас. Меѓутоа, ќе искажам неколку свои ставови, бидејќи мислам дека ваквиот предлог, напротив, не не води кон Европа, туку само зборува за нас дека треба уште многу да работиме за да можеме да ги достигнеме стандардите што таа Европа ги нуди.

Бројот на општините што се предлага со оваа територијална организација, за мене не е толку спорно прашање, заради тоа што границите на територијалната организираност не се вечни, односно границите на локалната самоуправа и тие можат да се менуваат, меѓутоа, суштински важно и витно е која е појдовната основа, односно кои се критериумите и анализата за да може на некои општини границите да им бидат променети или некои општини да бидат приклучени кон други. Кои се критериумите, односно дали ние во појдовната основа сме ги зацртале и ги имаме предвид европските стандарди токму за оваа работа, или поаѓаме од некои други причини, како што многу кажаа дека една од главните

причини е, доколку не се тие европски стандарди, некој политичко етнички критериум.

Како што реков, можеби бројот на општините сега е голем, тој може да биде и 71, но може да биде и 90, меѓутоа, за мене многу е важно дали во зацртаните територијални граници таа територија, односно граѓаните од таа единица на локална самоуправа можат брзо и ефикасно да ги остваруваат односите со локалната власт, дали можат брзо и ефикасно да искажуваат слободна иницијатива, се разбора, имајќи ја предвид фискалната децентрализација која ја усвоивме, имајќи предвид дека во однос на постојната состојба единиците на локалната самоуправа за своите надлежности ќе имаат и финансиски средства, што беше еден недостаток на пари за извршување на активностите на постојните единици на локалната самоуправа. Меѓутоа, ако се појде од фактот дека голем број на мали општини, барем од она што следевме покажаа и добри резултати и во економскиот развој, во зависност од тоа дали се рурални или други средини, и ако се појде од фактот дека граѓаните имаат желба да имаат своја општина, при тоа разграничувајќи ги руралните од урбаните средини, мислам дека и нема некое поголемо оправдување за драстично намалување на општините, иако како што реков, тоа е можно. Се разбира, ова прашање во Парламентот, меѓутоа, и во јавноста предизвика одредени бранувања, што е резултат пред се на одземениот статус на самостојна локална самоуправа на одредени општини од една страна и од друга страна дисбалансот на постојната етничка структура на населението кое живее на подрачјето на тие општини чии граници сега ги менуваме. Како што беше повеќе пати истсакнато, ова е особено карактеристично за двете големи општини, а тоа се Кичево и Струга и граѓаните од тие општини, немајќи друг начин да го искажат своето право, односно негодување од таквиот предлог го избраа начинот своето мислење и став да го изразат преку референдум.

Се разбира дека новопредложената организација од тој аспект, ако се имаат предвид европските стандарди, а европските стандарди се дека треба да се почитува мислењето и ставот на граѓаните кои живеат на подрачјето на тие општини чии граници се менуваат и ако тоа не е почитувано, тогаш мислам дека нема поголеми оправдувања во промената на тие граници, освен фактот и сам по себе се наметнува заклучокот дека тоа е одреден политички договор, за да се дојде до една друга единица на локална самоуправа во однос на постојната и зошто да не, да се дојде до заклучок дека тоа е можеби некакво подготвување терен за претстојните локални и претседателски избори. Се разбира, оваа констатација не би држела,

доколку како што реков понапред, се почитувани евроспките стандарди особено волјата на граѓаните, што како што беше истакнато е содржано во Европската повелба за локална самоуправа.

Ова што особено загрижува токму во овие две општини кои сега ги споменав е и фактот дека ние во предлогот или на друг начин не гледаме предложени механизми на Владата на Република Македонија како би можел да се спречи евентуалниот егзодус на македонското население на тие општини, што сакале да признаеме или не во одреден број ќе се почувствува, односно ќе го имаме. Опасноста е токму во тоа дека немаме некои посебни механизми, со оглед на фактот дека повеќе од познато е со доминантно албанско население во поглед на македонското до сега, градоначалниците, вработувањата и тн., ќе биде многу потешко за македонското население, што е реално и објективно да се очекува. Немаме механизми како ќе го спречиме тоа иселување и тој егзодус, што е можно да се појави во овие општини, каде од доминантно македонско население сега се менува етничката структура.

Во Европа јас сум убеден дека се оди со почитување на стандардите што таа ги пропишува во своите документи, а кои документи Република Македонија ги потпишува и постои обврска за оној кој ги потпишува и да ги почитува. Таа поделба ја има потпишано Република Македонија и во неа стои дека за менување на границите на единиците на локалната самоуправа неопходна е согласноста на граѓаните кои живеат на подрачјето на општината чии граници се менуваат. Еклатантен пример за ова ќе кажам, но јас имав прилика подетално да се запознам е примерот со Република Словенија, каде со донесениот Закон за локална организација предвиде 190 општини. Меѓутоа, две искажаа искажаа желба и волја, односно и тие сакаа да бидат општини, а не беа вклучени во постојниот број. Се разбира дека законот беше донесен, меѓутоа, се поведе постапка пред Уставниот суд на Словенија и Уставниот суд на Словенија во вкупниот број на општии ги вклопи и овие две општини, затоа што граѓаните од подрачјето на тие две општини изразиле волја да имаат самостојна општина. При тоа, главната констатација во таа пресуда беше дека општините постојат заради граѓаните, а не заради власта, главното образложение во пресудата на Уставниот суд. Затоа ја правам таа паралела колку е битно и колку е важно да се почитува слободно изразената волја на граѓаните.

Исто така, битно е да се напомене, иако на неколку места во образложението е кажано дека се консултирани локалните власти, меѓутоа, зачудува

сега од каде толку реакции, референдуми во толку голем број на општини. Значи, можеби не е направен до крај тој процес или не е почитувано нивното мислење, меѓутоа, факт е дека некои такви консултации не се направени или не дале резултат, заради што се наметнува заклучокот дека за децентрализацијата е одлучувано на централистички начин, што се разбира не не доближува, туку не оддалечува од Европа, како што реков на почетокот.

Сега би сакал да кажам неколку зборови дека како обврска од Рамковниот договор беше дека и локалната организација има учество во меѓународната заедница. Искрено да ви кажам очекував една поголема реакција на меѓународната заедница и меѓународниот фактор од сегашната, заради тоа што тој е тој кој ќе реагира и треба да реагира кога не се почитуваат стандардите што токму меѓународната заедница и Европската заедница ги пропишала во документите. Во случајот очигледно е дека не се почитувани.

Многу од нас сметаат дека, за да одиме во Европа и да направиме една децентрализација на власта, е доволно само да подготвиме неколку закони, да речеме, пакетот на закони за децентрализација подготвивме, понудивме, усвоивме и донесовме на овој парламент и направивме се што е потребно да влеземе во Европа. Ова што претходно го кажав апсолутно го негира тоа, односно битно е да се донесе пакетот на закони, меѓутоа, многу е важно при донесувањето на тој пакет на закони да се почитуваат демократските процеси, демократските институции и европските стандарди што ги пропишува Европската заедница.

Се разбира територијата и подрачјето на општината не треба да биде ни поголема ни помала, туку треба да биде толкава колку што ќе овозможи можности за граните да можат своите ставови и мислења да ги изразуваат преку референдуми, граѓански иницијативи и собири, па може, зошто да не, и борба против криминалот. Многу поефикасно се водат односно се реализираат тие надлежности во единиците на локална самоуправа, според мене во една општина што е помала отколку во една општина што е многу голема. Кога велам помала, сигурно не мислам на Старавина, затоа што такви општини со 350 луѓе или со мала територија, за нивно постоење нема некоја поголема оправданост, меѓутоа, во предлогот има и такви општини кои имаат оптимален број за да можат овие права да ги остваруваат на многу поефикасен начин, но сепак тие се приклучуваат кон други општини, што ќе создаде една многу голема територија, многу голем број население и логично е да се претпостави дека сите овие посебни права граѓаните многу потешко ќе ги

остваруваат и во контактите со локалните власти и преку иницијативите и тн., на подрачјето на тие многу големи општини.

Во оваа прилика, сакам да ја споменам и Охридската конференција која се одржа на ниво на експерти за локална самоуправа од Европа. Веројатно ви е познато дека постои и тело на европски експерти за локална самоуправа, чиј потпретседател е една наша почитувана, доктор на науки, правник и на таа Охридска конференција беа донесени, значи пред предлагачот на оваа територијална организација, беа донесени одредени препораки и тие препораки беа, дека во предлогот на територијална организација не треба да се поаѓа од некои критериуми како што се етнички, политички критериуми, туку треба да се поаѓа од неутрални критериуми. Тоа значи да се цени пред се колку таа општина во постојните граници постигнала, или во новите ќе постигне успеси во својот развој, економски, рурален или во урбана средина, без разлика за какво подрачје се работи. Значи, пред се треба да се појде од неутрални критериуми. Очигледно е дека во одреден дел, се разбира не целосно, не ги имал предвид ваквите препораки од таа Охридска конференција.

Постојните општини, според она што можевме да го видиме, иако беа мали општини и немаа доволно финансиски средства за да можат уште поголеми активности даројават во остварувањето на надлежностите што ги имаат, сепак, иако помали, покажаа резултати. Сега, зачудува еден предлог кој беше споменат тука, општините Зајас и Осломеј, кои пред се ги сметаме како рурални средини, сега тие средини се приклучуваат кон урбана средина, кон градот Кичево. Прво, не е до крај јасно кој кон кого се приклучува, затоа што ако се спореди бројот на населението во овие две општини со бројот на населението во Кичево, ако не се лажам, приближно е ист тој број. Но, несфатливо ми е зошто нема реакција на жителите од Осломеј и Зајас кога се укинуваат нивните општини. Значи, реакциите се таму каде што се укинуваа тие, и дали тие мислат дека една рурална средина која треба да го бара својот развој подборо ќе го најде во градот кога ќе биде една општина со една урбана средина и дали мисли дека тогаш многу побрзо ќе ги остварува интересите преку контакти со локалните власти, отколку тоа што во услови на една фактички направена фискална децентрализација ќе може да го прави на подрачјето на една општина која има оптимален број на граѓани и на територија, за да може во таа насока да се развива.

Затоа велам дека може би во прашање се неки други причини, ане развојот на општината во рамките на постојните граници и условите што сега за тој развој ги има со усвоената од наша страна фискална децентрализација.

Секако дека за целиот овој предлог што го предлага Владата апсолутно може да се констатира дека недостасува една анализа која што како и сите процеси што Европа ги води за било каква промена, пред да ја направи промената прво анализира. Прави анализа и согледува дали тоа што го имаме како постојно е добро, дали добро функционира или и треба нешто да се менува. Во нашиот случај таква анализа нема. Ако имаше таква анализа од неа ќе можевме да видиме односно можеби немаше да дојдеме до тоа некои општини кои може би најмалку имаа причини да бидат укинати сега  се укинуваат и се приклучуваат кон други. Значи, таа анализа ќе покажеше какви резултати општините во досегашното функционирање во извршувањето на своите надлежности постигнале, дали успешно функционирале или не и од тоа ќе можевме понатаму да придеме на процесот на предлагање на нова организација во која што неуспешните општини ќе ги вклопевме или ќе ги променевме границите и ќе ги вклопевме кон некоја друга општина, а успешните ќе ги оставевме и понатаму да одат по својот пат и да постигнат поголеми резултати од тие што ги имаат.

Ако ние поинаку работиме, а не вака тоа значи дека ваквите предлози нема да бидат предлози во интерес на граѓаните од тие општини, туку во одредени случаи од тие граѓани фактички правиме жртви на политичките елити.

Дека со етнички критериуми во локалната самоуправа не се стигнува далеку во Европа имаме и свежи примери. Тоа се примерите во Австрија со г-диниот Хајдер, и во Франција со г-динот Лепен, се извинувам што ги спомнувам а не се присутни, покажаа нивните идеи поаѓајќи од етничкиот принцип до каде стигнаа и колку Европа нив ги почитуваше, а тоа е затоа што Европа поаѓа од демосот, поаѓа од граѓанинот а не поаѓа од етносот, туку поаѓа од граѓаните и од демосот, затоа и тие поминаа така како што поминаа.

Сега на крај јас би го поставил прашањето за референдумите кои што беа одржани во овие 20-тина или повеќе општини, пред нас се поставува сега испитот, односно пред Владата колку оваа слободна волја на граѓаните за која зборував колку таа ќе биде испочитувана, а сигурен сум дека колку се почитува слободната волја на граѓаните токлу сме ние поблиску до почитувањето на европските стандарди, толку сме поблиску до Европа. Значи, доколку тие европски стандарди,

европски повелби обврски што сме ги презеле со потпишувањето на тие европски повелби помалку ги почитуваме или не ги почитуваме во тој случај и понатаму ќе останеме да не речам, касаба на Балканот која што ќе се задржи на тоа ниво и по цена на жртвувањето на демократските права на власта односно ќе се претвори предлагачот само во желба предлагање на закони од кои извира само желбата да се зачува власта, а по цена дури на жртвување и на демократијата и на демократските права што ги имаат граѓаните на оваа држава.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, господине Мешков.

Само еден мал коментар, г-динот Лепен и Хердер не тргнале од етнички принципи туку од сосема други принципи, таа споредба не ви е во ред.

Повелете г-динот Рамизи има реплика.

НЕДИМ РАМИЗИ:

Благодсрам претседателе,

Сакам да реплицирам само во делот на г-динот Мешков каде што славно укажа едни тешки зборови ја спомна Струга и го употреби зборот егзодус или одбрана, спас. Навистина ме зачудува од кого треба да се одбрани струга, за каков спас, дали да се брани од граѓаните на Република Македонија.

Во сите овие општини кои што се предложени да одат во Струга гравитираат граѓани на Република Македонија, инвестираат, финансираат во Струга. Дали се добри финансиите на тие граѓани во Струга, плаќањето на комуналните такси е во Струга. Овие населби до 1996 година биле во рамките на град Струга и, сега се зачудувам каква одбрана да се прави спрема овие граѓани.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мешков една минута.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Јас реков дека не се предложени, механизми не гледаме од евентуално егзодусот што може да се очекува во услови кога веќе востановени односи и во поглед на локалната самоуправа и во поглед на етносот на тоа подрачје се прави промена. Нормално е дека таму ќе се менуваат градоначалници, ќе се менуваат директори итн., итн., што македонското население сакало или не ќе мора да бара начин како поефикасно на друго место ги оствари своите права.

Е, сега јас би го прашал почитуваниот колега, да го земем на пример Лабуништа. Лабуништа беа со претходниот попис ако не се лажам 80 и незнам колку проценти македонци, а сега да ги прашам како во последниот попис 80 повеќе во таа средина се напишани албанци.

(Г-динот Рамизи бара контрареплика)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Нема право на контрареплика.

Благодарам.

Повелете г-дине Хасипи, нека се подготви пратеникот Чедомир Краљевски.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Почитуван г-дин претседателе, почитувани пратеници, локалната самоуправа за која е значајно постоење на изворни надлежности, сопствена организација и финансиско материјална самостојност во вршењето на сопствените дејности несомнено претставува суштествен концепт преку кој граѓанинот најнепосредно учествува во водењето  на јавните работи на локално ниво. Се разбира дека потребата локалната власт да има висок степен на автономија, ефикасна и блиска до граѓанинот администрација како и сопствени извори на финансирање подразбира перманентно усовршување на тој концепт поради слабостите пројавени по неколку годишното функционирање на локалната самоуправа во Република Македонија.

Со единствена намера за надминување на тие слабости сакам да истакнам дека една од основните слабости на досегашниот концепт беше што повеќето општини не можеа да го поттикнат локалниот економски развој со сопствени средства и се потпираа на помошта од централната власт и до најразличните донации.

Од друга страна децентрализацијата остана мртво слово на хартија не само поради редуцираните изворни надлежности на новоформираните единици на локална самоуправа туку и поради крајно рестриктивни извори за нивно финансирање. Сето тоа ја наметна потребата од реформи на локалната самоуправа и покрај тоа што и во вакви услови многу единици на локалната самоуправа се покажаа крајно витални и покажаа завидни резултати. Бидејќи се работи за суптилна во која настапи од ислучиво политичко партиски интереси може да има далекусежни негативни последици во функционирањето на новоформираните единици на локална самоуправа сосема е евидентно дека измените во оваа сфера треба да базираат на:

Прво, јасен концепт со строго утврдени критериуми,

Второ, јасно утврдени цели

Трето, целосни и исклучиви функции на локална власт кои не смеат да бидат одземени или ограничени од страна на централната власт.

Четврто, точно прецизирање на овластувањата пренесени од централната на локалната власт,

Петто, јасно дефинирање на изворите за финансирање на локалната самоуправа и утврдување на постапките и мерките за заштита на финансиско послабите локални власти со цел да се избегнат последиците од неадекватната дистрбуција на финансиските средства.

Шесто, точно прецизирање на работите од заеднички интерес меѓу две и повеќе единици на локална самоуправа, нивната соработка како и нивна правна заштита, заради обезбедување на слободно вршење на нивните функции.

Имајќи ги во предвид наведените принципи не сум убеден дека предлогот за донесување на законот за територијална организација на локалната самоуправа што е на дневен ред во потполност ги задоволува истите дотолку повеќе што се уочуваат одредени слабости во новата општинска мапа понудена од страна на Владата на Република Македонија.

Иако лично сметам дека зад некои од реакциите не единиците на локална самоуправа се кријат лични или политичко партиски интереси, сепак реакциите од одредени сстручни и научни кругови како и дел од референдумското изјаснување на граѓаните се причина повеќе законодавецот сериозно да ги разгледа предлозите, мислењата и сугестиите од страна на пратениците, граѓаните, експертите, општинските власти, заедниците, ЗЕЛС, научните и стручните кругови со единствена цел да се постигне поширок консензус кој ќе биде од општ интерес на граѓаните.

Оттука, сосема е јасно дека новоформираните единици на локална самоуправа треба во најголема можна мера да ги исполнуваат критериумите утврдени во образложението на законот. Демографска големина на општината и општинскиот центар т.е. општината да нема помалку од 5 илјади а општинскиот центар помалку од 2 илјади жители. Економска одржливост на општината, постоење на објекти од општествениот стандард и служби од областа на управата, здравството, образованието социјалната сфера, културата и слично. Инфраструктурната опременост на општинскиот центар, природните или географските услови т.е. морфолошките карактеристики на просторот, определени историски, културни и еколошки карактеристики на населените места.

Исполнувањето на наведените критериуми треба да овозможи новоформираните единици на локална самоуправа ефикасно да ги извршуваат функциите утврдени во член 22 од Законот за локална самоуправа. Меѓутоа веднаш се поставува прашањето дали понудениот предлог од 71 општина базира исклучиво на наведените критериуми и дали има елементи на етничко политички и национално бирократски интереси. Дали во таа листа има место за дополнителни 20-тина општини за кои слободно може да се рече дека ги исполнуваат истите критериуми како 20 -тина општини кои нашле место на листата. Потоа, дали монотипните општини се најоптималното решение без разлика што тоа се чини дека е и дефинитивно решение и колку конбинираните градско рурални општини се во состојба под еднакво да ги задоволат градските и селските потреби кои евидентно се доста различни. Дали понудениот предлог реално го отсликува мултиетничкиот и мултикултурниот карактер на општината и дали во доволна мера штити од мајоризација и етничко надгласување со сите најзини последици.

Дали е воопшто возможно да се избегне етничкиот критериум дотолку повеше што одредени права се врзани за процентуалната застапеност на одредена етничка заедница. Впрочем, зар е можно да се затвараат очите пред тој нотoрен факт дотолку повеќе што одредени недоразбирања на релациите помеѓу политичките партии во голем дел се однесува на етничката структура на новоформираните единици на локална самоуправа. Освен тоа, бројни медиумски коментари се однесуваат на етничкиот дизајн на новоформираните општини. Или сосема логично би се поставило прашањето кои се тие критериуми кои на пример ги исполнуваат општините Карбинци, Кукуречани, Облешево, Ранковци, Мешеишта, Новаци, Чашка, Студеничани, Сопиште, Росоман, Чучер, Сандево и други, а не ги исполнуваат на пример општините Центар Жупа, Неготино, Врапчиште, Чегране, Долна Бањица, Василево, Тополчани, Лозово и други. Зар првите можат економски да опстанат, а овие вторите не можат.

Како ќе се објасни фактот дека со редукцијата со бројот на единиците на локална самоуправа во најголем дел  оди преку намалување на процентуалното учество на помалите заедници во новоформираните единици на локална самоуправа и притоа да се поверува дека етничкиот критериум не бил земен во предвид. Зарем за серија на вакви примери можат да се подведат под случајност. Доколку окрупнувањето на новоформираните единици на локална самоуправа е гаранција за финансиската одржливост на истите тогаш се поставува прашањето, дали враќањето на старата шема од 34 општини не е најдоброто решение.

Почитувани пратеници, законот за локалната самоуправа во 2002 година ги прошири надлежностите на општините што само по себе ја наметна потребата од ново прекројување на општинските граници и формирање на единици на локална самоуправа кои ќе бидат способни ефикасно, квалитетно и рационално да ги извршуваат доверените надлежности. Се разбира дека ова комплексна операција мора да е производ на една сериозна анализа на ефектите од досегашната територијална организација т.е. во кои општини се создадоа солидни претпоставки за локален економски развој со сопствени средства. Кои општини со одредени прекројувања можат да обезбедат доволно средства за самостојно финансирање, а кои се тие општини кои во досегашниот период не обезбедија ни минимум услови за нивно функционирање  и кои по сите критериуми треба да се укинат.

На овој начин ќе се добие реална слика за ефектите од досегашната територијална оранизација и потребата од новопрекројувае на општинските граници за да истите нормално ги извршуваат доверените надлежности. Се разбира дека притоа не би смеело да се суспендира член 2 од Европската повелба за локална самоуправа во која што се вели дека основањето на нова општина и промена на името и седиштето може да се изврши со измена и дополнување на Законот по претходно консултирање но не по секоја цена прифаќање на граѓаните од односното подрачје на начин утврден со закон.

Лично сметам дека малку поголема транспарентност во оваа фаза од изготвувањето на законот веројатно немаше дас доведе до референдумската треска која за волја на вистината не е секогаш од најискрени побуди и со најчесни намери. Но, сепак, околу 30-тина одржани и неколку најавени референдуми само по себе зборува за суптилноста на материјата и огромниот интерес на граѓаните за овој проект.

Почитувани пратеници дозволете ми во еден релативно пристоен временски интервал да изнесам дел од размислувањата на турската заедница околу понудениот предлог за територијалната организација на локална самоуправа. Незадоволството кое што е евидентно претежно се должи на фактот што со новиот предлог голем број општини во кој турската етничка заедница беше во мнозинство или над 20% се укинуваат или со припојување кон други општини тој процент паѓа под 20%. За илустрација со досегашната територијална организација на локална самоуправа во две единици на локална самоуправа турската заедница е во мнозинство, тоа се општина Центар Жупа со 6.299 жители од кои 79,74%

припадници на турската заедница, 12,9% припадници на македонската заедница и 6,9% припадници на албанската заедница. И, општина Пласница со вкупно 4.545 жители од кои 97,92% припадници на турската заедница и 1 мал процент припадници на македонската заедница. Освен тоа во 6 единици на локална самоуправа турската заедница процентуално е застапена над 20% и тоа општина Врапчиште со 8586 жители, од кои 11,94% македонци, 51,14% припадници на албанската заедница и 36,48% припадници на турската заедница. Со припојување на оваа општина кон Гостивар, процентот на турската заедница во општина Гостивар би изнесувал 9,95%.

Трето, општина Долнени со вкупно 11,583 жители од кои 41,79% македонци, 21,22% припадници на албанската заедница, 22,27% припадници на турската заедница. Со припојување на оваа општина кон општината Житоше, процентот на турската заедница би паднал од 22,27% на 18,94%.

Општина Вранештица со вкупно 1322 жители од кои 73,14% македонци и 20,88% припадници на турската заедница. Со припојување на оваа општина кон општина Кичево процентот на турската заедница во општина Кичево би изнесувал 5,28.

Општина Ростуше со вкупно 7.787 жители од кои 45,51% македонци, 32,17% турци и 14,19% албанци. Со припојување на оваа општина кон општината Маврови Анови, процерсот на туркста заедница би останал речиси непроменет т.е. околу 32,10%.

Општина Тополчани со вкупно 2.923 жители, од кои 70,34% македонци и 27,06% припадници на турската заедница. Со припојување на оваа општина кон општина Прилеп, процентот на турската заедница во општина Прилеп би изнесувал занемарливи 1,19%.

Сакам да напоменам дека уште во две општини процентот на турската заедница е близу 20%. Тоа се општината Студеничани со 19,5% припадници на турската заедница и општина Карбинци со 18,5% припадници на турската заедница.

Овие податоци ги изнесов со цел да се стекне увид колку, со менување на општинските граници, се менува етничката структура на поедини општини и колку е тоа на штета на турската етничка заедница. Оставањето само на една општина во постојните граници, во која турската заедница е во мнозинство и две ново формирани, општина Дебар и општина Маврови Анови, во кои турската заедница е над 20% и притоа да се тврди дека етничкиот критериум не играл значајна улога при

утврдување на границите на ноформираните единици на локална самоуправа, во најмала рака е некоректно и е директен повод за жестоките реакции во тие средини.

Наметнување на решенија од страна на моќните политижки елити, без доволно функционални механизми на одлужување и заштитни механизми од надгласување, неминовно на површина го исфрла етничкиот критериум, дотолку повеќе што со формирање на мултиетнички единици на локална самоуправа, во кои само побројните заедници во најголем процент обезбедиле застапеност на 20%, не е ништо друго туку наметнување на политичка волја на помоќниот, без чувство за интересите на државата во целина. Оттука сосема нормално е дека Демократската партија на турците во Македонија, ќе реагира и по цена да биде окривена дека делува од тесно партиски интереси и од доминантно етнички позиции. Впрочем редуцирањето на бројот на општините, подразбира подеднаков блок на сите етнички заедници, при што волјата на граѓаните ќе се респектира, доколку предлозите се поткрепени со податоци за економска одржливост на единиците на локална самоуправа. Доколку поедини општини поседуваат такви силни аргументи, централната власт е должна да ги респектира и да изврши одредени корекции во понудената територијална организација на локалната самоуправа. Само на тој начин реферндумите како облици на плебисцитарно изјаснување на граѓаните, нема да биде израз на наметната волја на тесен круг луѓе, од лични тесно партиски или од други интереси. Оттука, стрикно придржувајќи се на критериумите врз кои е прекројувана општинската мапа, ќе се обидам да ја објаснам оправданоста од постоење на одредени општини во постојните граници, поткрепена со податоци за економска одржливост на истите.

Општина Центар Жупа, овој простор кој зафаќа површина од околу 111 км$^2$, претставува природно издвоена географска целина, одвоена од соседните општини со посебни природни граници. Според податоците од последниот попис општината брои 6.299 жители, од кои 12,9% се македонци, 6,9% припадници на албанската заедница и 79,74% припадници на турската заедница. Во општината постојат дваесетина населби со регистрирани 14 месни заедници. Со самото формирање на оваа општина започнал нејзиниот динамичен развој и од типично рурална средина се создадоа услови за подобар живот. Во изминатиот период е доста финансирано во инфраструктурата. Сите населени места добија улично осветлување. Во повеќето од нив се изградени водоводни мрежи. Пробиени се и асвалтирани повеќе локални патишта, со што е олеснета комуникацијата на луѓето.

Изградени се канализациони мрежи во повеќе населени места. Реконструирана е постојната електрична мрежа со ново изградени трафостаници. Во тек се активности на започнати проекти од водоводни, канализациони мрежи и патишта, во други населени места. Со нејзиното згаснување ќе згаснат сите започнати инвестиции, со што повторно ќе се поттикне иселувањето од овие простори. Оваа општина поседува етно културни карактеристики, специфични за оваа регија. Впрочем посебноста на овој географски поим има и своја етимолошка потврда во поимот Центар Жупа. На референдумот одржан на 4.01.2004 година, околу 86% од населението се изјасни за опстојување на оваа единица на локална самоуправа, во посебните граници.

Општина Врапжиште, вкупно население 8.586 жители, што е над утврдениот минимум од 5 илјади жители. Класична мултиетничка средина со 51,14% албанци, 36,48% турци и 11,94% македонци. Најголемиот дел од населението живее во Врапчиште, како центар на општината што е еден од критериумите утврдени во образложението на законот.

Економска одржливост.

Општината Врапчиште располага со голем број на мали и средни претпријатија во кои се вработени неколку стотини луѓе, меѓу кои позначајни се: “Дино Трејд”, за стакло и пластични материјали, “Фатина”, за мебел, “Сезгилер Ѓунен”, ентериер за мебел, “Конут”, за производство на изолациони материјали за градежништвото, “Камини” погон за производство на камин и метални конструкции, “Атом”, фирма за производство на пластични врати и прозорци и други. Споменатите фирми можат да генерираат средства за успешен материјален и социјален развој на општината. Освен тоа општината располага со огромни површини плодно земјиште, шуми и патишта.

Понатаму објекти од општествениот стандард и служби од областа на управата.

Општината располага со административна зграда, со просторни капацитети да ги задоволи сите потреби на општината.

Во областа на здравството општината располага со здравствена станица, со стоматолошка служба и капацитети за консултативно специјалистички служби.

Понатаму, со сферата на образованието, современо училиште со капацитет од над 1000 ученици, како подрачни училишта во околните населени места, како и современо училиште во населеното место Топлица.

Од културата, културен објект кој е руиниран, за жал и има потреба од негова реконструкција.

Понатаму инфраструктурна опременост, инфраструктура приближно на ниво на една градска средина. Сите населени места се асвалтирани, изградени се водоводни мрежи, резервоари и нови филтер станици, улично осветлување во сите населени места. Освен тоа конституирано е комунално претпријатие со континуирано собирање и транспорт на отпадот, до депонијата направена за таа намена. Изграден е посебен пазар за разновидни стоки. Во тек е изградба на фекална канализација, во Врапчиште како центар на општината. Морфолошките карактеристиките на просторот се такви што овозможуваат гравитирање кон Гостивар, како градски општински центар, а по својата место положба овозможува максимално комуникациско поврзување со околните населени места.

Оваа единица на локална самоуправа, по своите етно културни карактеристики, по место положбата и економската издржливост претставува природна географска и економска целина.

Со сите овие наведени карактеристики, оваа единица на локална самоуправа е далеку пред некои општини кои најдова место во новата општинска мапа и нејзиното опстојување како посебна општина, е императив.

Општина Пласница, во новата општинска мапа е предложена како посебна општина, кон која припаѓаат и населените места Лисичани, Преглово и Дворци. Географски, општината Пласница се наоѓа во југоисточниот дел од Кичевската котлина и на комуникацискиот пат Кичево - Македонски Брод. Сметаме дека со припојување на населените место: Ореовец, Ижиште, Челопеци, Миокази, Орланци, Речани, Челопечко, Крушице, Светораче, Козичино, Дворјани, Рабетино и Патеец, кои имаат многу мал број на жители, но овозможуваат да се постигне природна географска и економска целина, што е од витален интерес за тоа население. Сакам посебно да нагласам дека не е логично граница да се земе регионалниот пат Брод - Кичево, дотолку повеќе што околу 180 жители од Пласница ќе фигурираат во рамките на општината Македонски Брод. Проширувањето на општината со наведените населени места, ќе овозможи максимална, функционална и географска поврзаност на населените места од овој регион.

Општина Долна Баница со вкупно 9.467 жители е типична мултиетничка средина, со 50,10% албанци, 29,23% турци и 16,55% македонци, со сите елементи да опстане како посебен рурален центар. Согласно потребите за постигнување на

поширок консензус, спремни сме да ја разгледаме оправданоста од нејзиното припојување на општина Гостивар.

Општина Долнени има своја специфика, што согласно утврдените критериуми и во рамките на една природна географска и економска целина е можно со одредени корекции, да се оформи една класична мултиетничка единица на локална самоуправа, во која покрај припадниците на македонската, албанската и турската заедница, постои можност за прв пат и бошњачката заедница да биде застапена со над 20% население. На тој начин во рамките на постојните критериуми, ќе се овозможува употребата на јазикот и писмото на бошњачката заедница, во една единствена единица на локална самоуправа.

Дозволете ми најпосле да дадам краток коментар на референдумската треска што ја зафати Република Македонија.

Несомнено е дека референдумот е еден од најдемократските облици на плебисцитарно изразување на граѓаните, во изборот на општина по нивна мерка. Меѓутоа, доколку и ваквиот облик на непосредно изјаснување на граѓани, не се вклопува во општиот државен интерес, може да резултира со деструктивни ефекти и ирационални решенија, со далекусежни негативни последици. Од друга страна целосното игнорирање на референдумските резултати, би го потенцирало егоизмот на политичките елити и нивната недоволна спремност да го слушне гласот на народот. Сето тоа ја наметнува неопходноста, централната власт да направи објективна анализа на референдумските резултати и доколку е потребно и во корелација со општиот државен интерес, да изврши одредени корекции во понудената општинска мапа. Секаков ригиден однос кон аргументираните барања и потреби, како и избрзани решенија произлезени од временскиот цајкнот би имало далекусежни негативни последици во функционирањето на новоформираните единици на локална самоуправа. Мудроста на извршната власт е од овој конгломерат на различни мислења и спротивставени интереси, да ги извлече најоптималните решенија, со единствена цел, новоформираните единици на локална самоуправа, целосно и ефикасно да ги извршуваат функциите утврдени со член 22 од Законот за локална самоуправа. Во спротивно, некоја нова гарнитура на власт, ќе ја спроведе сопствената шема и така во недоглед. Затоа, почитувани пратеници, крајно време е да се избориме за најоптималното решение. Убеден сум дека тоа е решението во кое сите ќе бидат по малку незадоволни. Длабоко убеден во вашата кооперативност и меѓусебно разбирање, ви упатувам изрази на моја длабока почит.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Хасипи:

Повелете г. Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, дами и господа пратеници,

За да се одбегнат евентуални недоразбирања, уште на стартот би сакал да нагласам дека мене и на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, многу добро ни е познато дека донесувањето на законите за децентрализација на власта, се обврски о Рамковниот договор и според тоа нивното донесување е неопходно и неспорно.

Децентрализацијата е основа или база за подобро и поефикасно функционирање на власта на сите нивоа. Пренесувањето на дел од надлежностите кои точно и таксативно се наброени во законот за локална самоуправа, од централната на локалната власт, е многу важен процес со кој власта ја доближуваме до секој граѓанин и до секој поединец. Децентрализацијата на власта, исто така, претставува еден, би рекол од најважните услови што не носи чекор поблиску до Европската унија, што е наша заедничка цел. Децентрализацијата ќе овозможи доближување на власта до граѓаните и можност за понепосредно влијание врз она што се вика нивно секојдневно живеење во локалните средини, а тоа е образованието, примарната здравствена заштита, урбанистичкото и комуналното уредување на местото на живеење итн. На овој начин централизираната власт се откажува од дел од своите надлежности и остава простор на локалната самоуправа и на граѓаните, да ги моделираат во согласност со сопствените можности и потреби. Меѓутоа, морам да напоменам дека делегирањето на ингеренциите од централната на локалната власт, не значи и обврска за ново кроење на општините. Нема таква територијална поделба што ќе создаде инфраструктура за ефикасна локална власт, ако не се плаќаат даноците, и ако целиот пакет и проект, наречен децентрализација, се подразбира само како етничко прегрупирање на државните плацеви. Но, со оглед на фактот што владеачките коалициони партии во еден подолг временски период екстензивно и во функција на дневно политижки потреби ги толкуваат обврските од Рамковниот договор, потребно е да се нагласи што точно е содржано во Рамковниот договор, по однос на децентрализацијата на власта.

Во едно мое претходно обраќање од оваа говорница, кога дебатиравме за Тетовскиот универзитет, јас реков легализацијата на Тетовскиот универзитет е исчекор од Рамковниот договор кој отвора нов опасен проблем за во иднина, а тоа е

проблемот на релативизирање на Рамковниот договор, излегување од неговите рамки, негово погрешно толкување, што понатаму ќе резултира со мултипликација на проблемите со територијалната поделба и регионализација, надвор од секаква контрола, која албанската заедница во Република Македонија може да ја искористи за федерализација на Република Македонија, што е чекор на остварување на албанската кауза.

Рамковсниот договор вели дека не постојат територијални решенија за етничките прашања.

Во точка 3-2, стои: "во рок од една година по завршувањето на новиот попис кој од меѓународен надзор ќе биде спроведен до крајот на 2001 година, ќе бидат ревидирани општинските граници. Ревизијата на општинските граници ќе биде спроведена од страна на локалните и националните власти, со меѓународно учество".

Оваа одредба од Рамковниот договор што конкретно се однесува на територијалната поделба, не дефинира и не наметнува обврска, дали треба да има намалување, или зголемување бројот на општините, туку упатува на тајмингот за исполнување на обврската за ревидирање на општинските граници, а тоа е по завршувањето на пописот. Да заклучам, тезата за намалување на бројот на општините, воопшто не може да се црпе од одредбите на Рамковниот договор.

Потребно е да се нагласи дека во Рамковниот договор е содржана само обврската за донесување на закон за територијална поделба, но се разбира не навлегува во моделот на таа поделба, што всушност е внатрешно политичко прашање на секоја држава парекселанс.

Ова, можеби затоа што нашите европски пријатели многу добро знаат дека постојат европски стандарди утврдени во Европската повелба за локална самоуправа ратификувана од страна на Република Македонија во 1997 година, во чиј член 5 децидно стои дека за било каква територијална поделба или промена на територии на локалните заедници, мора да се консултираат истите тие заедници.

За моделот на територијалната поделба треба да се разговара и тој да се креира на транспарентен начин, со широко вклучување на јавноста, на стручната јавност и на локалните заедници, наспроти на централизираниот начин, единствено на централизираниот начин помеѓу носителите на власта. Само така може да се дојде до квалитетен модел на територијална поделба, кој ќе продуцира политичка и економска стабилност, наместо нови тензии на етнички и политички план. Притоа, треба да се има предвид дека децентрализацијата не е акт, едноставно донесување

на закон, тоа е сложен процес, во кој внимателно и со добро проучени состојби на теренот треба да се изгради автентичен модел кој ќе одговара на нашите услови. А, какви се состојбите, дефакто, на теренот.

Според Хелсиншкиот комитет за човекови права и слободи, Македонија постепено го губи карактерот на мултиетничка држава и се претвора во биетничка држава. Хелсиншкиот комитет тврди дека наспроти декларираните интегративни процеси во текот на 2003 година е видлива отворена дезинтеграција на населението и на територијата на Македонија врз етничка основа. Според некои други теоретичари, Македонија ниту формално веќе не се развива како граѓанска држава, туку од едно мултинационално општество, што всушност и реално постои во Македонија, се движиме во насока на двонационално општество.

Две години по војната и по Рамковниот договор гледаме дека малку е поправено на меѓуетнички план дека сме пооддалечени едни од други од кога било и да е и дека продолжува политиката на радикализирање на политичките односи. Македонија се дезинтегрира, се федерализира и доведено е во прашање нејзиното опстојување како самостојна, суверена и унитарна држава.

Двојазичноста, најавената децентрализација во образованието, во здравството и во урбанизмот, контролата на полицијата од страна на локалната власт и финансиското осамостојување на општините, но пред се во контекст на новата територијална поделба по етничка основа, предложена со законот за територијална поделба од Владата, се добра основа за кантонизација, федерализација или за конфедерализација на Македонија. Овде треба да се нагласи фактот што 2001 година, па до денес Владата не остварува ефективна контрола во северозападниот дел на Република Македонија. Сите отворени прашања во Република Македонија се решаваат под притисок и со уцени, со политички пазар помеѓу коалиционите партнери во власта односно СДС и ДУИ. На тој начин оние што дојдоа божем да ја спасуваат Република Македонија од претходните, сега со кванташки манир ја прават последната кројка на Македонија. Сите одлуки, структурни промени во државата претставуваат резултат од непосредно партиско договарање во затворени партиски кругови, што доведува до целосна нетранспарентност на процесите на одлучување. Децентреализацијата е придобивка за граѓаните, таа не е пазар на чии тезги се мери кој имал среќа или несреќа, кој изгубил или кој добил. Овој политички пазар помеѓу СДС и ДУИ со цел да останат на власт е со краток век на траење, бидејќи може да доведе до немири од големи размери , кревките меѓуетнички односи да се радикализираат до степен

на усвитеност, да дојде до дестабилизација на државата со можен конфликт од поголеми размери и тешки последици врз суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија. Затоа, овие процеси стимулирани со ваков Предлог за територијална поделба, мора да запрат од проста причина што тие не се ов интерес ниту за граѓаните со албанско етничко потекло, ниту на граЃаните со македонско етничко потекло или било кој припадник на некоја друга етничка заедница што живее во Македонија. Македонија не смее да се подели на два дела и да се федерализира, туку да се направи организација на локалната самоуправа, која првенствено ќе биде во функција на зголемување на квалитетот на живеењето на граѓаните и на развојот на општините, без притоа никогаш да не се загуби од предвид фактот дека иднината на Република Македонија е нејзината унитарност. Во една ваква фактичка состојба, во која се наоѓа Република Македонија само по себе се наметнува прашањето, колку предлогот на Владата за нова територијална поделба е во функција на вистинска децентрализација, а колку се повеќе е чекор до кантонизација односно федерализација на Македонија. Во услови кога се говори за потребата од интензивен процес на интегрирање на сите македонски простори, се навестува состојба на отворени можности за ново дезинтегрирање, но овој пат со административно технички мерки. На територијата во западниот дел на Македонија, ќе се создаде механизам за етничка мајонизација преку институциите и функциите на локалната самоуправа. Со овој предлог се врши сменување на етничкото управување, со просторот во Македонија по пат на вештачко создадено мнозинство, со спојување на неколку општини. Тој процес понатаму ќе резултира со иселување на неалбанското население од овие простори. Понатаму, ќе се формира политички поим Западна Македонија, која со текот на времето ќе стане база за реализација на радикалните албански концепти за територијално прекројување на балканските простори и со сите можни последици по дезинтеграционите процеси во Македонија.

Инаку, идејата за извесна федерализација на Република Македонија датира од осамостојувањето на Република Македонија. Настаните хронолошки се редат од Илирида преку албанската паравојска, со негирањето на атрибутите на македонската држава, химна, државно знаме, националните празници, за да кулминираат со оружената агресија на ОНА против Република Македонија за освојување ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, ако може задржете се на законот за територијална организација, а политичките ваши размислувања, можете да ги кажете на друг начин на друго место. Сега, конкретно, зборувајте за законот за територијална организација.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Господине претседателе,

Јас предлогот за територијална поделба на Република Македонија го доведувам во контекст со претстојната опасност од можната федерализација, која таквиот предлог како што е даден ќе го стимулира и ќе го забрза тој процес каде што оди Република Македонија. Инаку, не ми е целта да зборувам за федерализација, напротив, зборувам за фактичките состојби што владеат на теренот во Република Македонија, на што упатува ваквиот предлог.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е се во ред, само сепак давајте конкретни примери со општини.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Ќе дојдам и до тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, 90% имате политички, се извинувам што ќе го употребам овој израз, памфлет, а 1% зборувате за општина. Ве молам, преку примерите на децентрализацијата, кажувајте ги вашите размислувања за последиците.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Во некои од минатите седници ви зборував за состојбата за средните училишта во Куманово, каде што веќе две години не одат заедно учениците средношколци македонци и албанци и каде што со помошта на Министерството за образоване и некои други политички фактори, се направи обид средношколците албанци да се сепарираат од средношколците припадници на другите етнички заедници, со намера да се создаде една трајна гетоизација, гетоизирана институција на етничките албанци. Откако тоа не им тргна од рака да го сторат, во училишните згради на старото Економско училиште, каде што настава посетуваат ученици од основното училиште Браќа Миладиновци, во зградата на Техничкото училиште и во

Интернатот Проф. Мијалковиќ, средношколците албанци се сконцентрираа и ја посетуваат сега наставата во поранешната управна зграда на ЗИК Куманово. Идејата да се создаде средношколски албански центар и да се навлезе во делот од градот Куманово, каде што живеат претежно граѓани со неалбанско етничко потекло, со конечна цел да се освои уште една позиција или територија од градот Куманово, беше осуетена и спречена, меѓутоа, сега сме сведоци на едногласната одлука на советниците на општина Липково во форма на препорака до Владата на Република Македонија, градот Куманово да се подели на албански и неалбански дел и се разбира албанскиот дел да се припои на сега веќе етнички и чиста општина Липково. Овде би напоменал дека ниту еден бегалец неалбанец од с.Матејче не се има вратено во ова село, а обидот да се премести границата на поделбата на градот Куманово помеѓу албанскиот и неалбанскиот дел со формирање на албански средношколски центар, не успеа. Едногласноста на советниците на општина Липково, кои се припадници на сите албански политички партии во Македонија да донесат ваква одлука, говори во прилог на стремежите и намерите преку предложената територијална поделба на Република Македонија да се оствари крајната цел, поделба на државата.

Оваа едногласност кореспондира и со непројавениот отпор на општините со претежно население од албанско етничко потекло, кое со новиот Предлог-закон за територијална поделба, се укинуваат, што значи веќе нема ни да постојат, наспроти јасно изразената реакција на општините со население од претежно македонско и друго неалбанско етничко потекло, кои се укинуваат на отпорот кон таквата Предлог-долука на Владата го изразуваат низ организирање на референдуми, кои до сега во 100% се успешни. Неотпорот кон укинувањето на сопствените општини на албанските граѓани во Република Македонија, говори дека тие сакаат да се припојат кон другите поголеми општини, како што стои во Предлог-законот, на кој начин преку процесот на мајоризација се постигнува општата цел и покрај тоа што постигнувањето на таа општа цел се плаќа со оддалечување на самиот граѓанин поединец од неговото непосредно учество во општинската власт односно самоуправа.

Напоменувам дека територијалната поделба на Република Македонија на општини е клучен дел од целиот систем на локалната самоуправа. Што всушност нуди Владата со Предлогот за донесување на закон за територијална поделба. Со овој предлог општините се намалуваат од 123, 116 општини без Скопје и седум скопски општини на 71 односно 62 без Скопје плус девет скопски општини. Или

поточно, од сегашните 116 општини без Скопје, без седумте општини се намалуваат на 62. Постојните седум скопски општини се наголемуваат на девет. Се применува еден, за мене би рекол, нелогичен критериум на демографска состојба на општината или поточно минималниот број на жители во една не треба да е помал од пет илјади жители, а со општинскиот центар да не биде помал од две илјади жители. Овој критериум за ВМРО-ДПМНЕ е неприфатлив, бидејќи тој е априорен и поради тоа вештачки изведен од реалните состојби и од реалната структура на локалните заедници. Такви априорни нумерички критериуми не се типични за ниедна локална самоуправа, ниту за таа на западните демократии, ниту на земјите во транзиција.

Би сакал да нпоменам дека основна грешка кога се работи за подготовката на новиот закон за територијална поделба, е што авторите на овој предлог не појдоа од анализа на искуствата на законот за територијална поделба од 1996 година, кој по мое мислење со сите негови мани, има многу подобри решенија од актуелниот предлог, како и поголемо вклучување на стручната јавност.

Кога сме кај стручната јавност, би сакал да потсетам дека науката денес познава бројни критериуми што се однесуваат на воспоставување на еден успешен модел на територијална поделба, како физичко географски, демографски, демографско-гравитационен, традиционален, економски, инфраструктуре, административен, политичко-регионален, регионално-стратешки и тн.

Поѓајќи од ова, ако го анализираме предлогот кој е пред нас, ќе го заклучиме следното. Предлогот е изготвен крајно нетранспарентно и централизирано, главно, меѓу носителите на власта, далеку од очите на јавноста и без елементарна консултација на локалните заедници, како што налага Европската повелба на локалната самоуправа. Од метоците за градење модел на територијална оделба користен е само етничко-политичкиот, што е многу опасно за стабилноста на земјата и наместо кон подобрување на меѓуетничките односи, ќе доведе до нивно уште поголемо нарушување или да бидам уште подиректен јасна е пораката на авторите на овој модел за тивко повлекување на етнички граници, кои ќе ја овозможат идната федерализација на земјата.

Оваа идеја почитувани колеги, може да се согледа и со најповршно читање на Предлог-законот, што врз авторите на овој текст фрла голема несогледлива и историска одговорност за развојот на настаните и иднината на земјата. Авторите на овој текст лукаво го направиле политичкиот дил и следејќи го етничкиот критериум таквите свои мотиви ги спакувале во наводна потреба од намалување на бројот на општините, што воопшто не е европски тренд и одново ќе не вратат во редот на

земјите со најголеми и гломазни општини во Европа. Напротив, европските стандарди претпоставуваат помали локални заедници поблиску до граѓаните и нивните потреби. Еве, на пример, Словенија која речиси има ист број на жители како Република Македонија, има 192 општини и бројни иницијативи за нови општини, кои централната власт ги почитува. Впрочем во нашиот случај зголемувањето на бројот на општините имаше позитивни искуства. Само неколку примери, општината Маврови Анови, мариовскиот крај, општината Самоков, Вевчани и други и со мали финансиски средства успеаа да постигнат значајни резултати во сите области на организирањето на општественото живеење на општинско ниво. Впрочем, референдумите што се одржуваат или ќе се одржат во над 1/3 од општините во државата, во кои граѓаните со висок процент на излезени гласачи и висок процент на спротивставување на укинувањето на одделни општини, говорат за тотално промашување на моделот на територијалната поделба предложена со овој предлог-закон.

Обврска е на Владата и според Европската повелба, да ја земе предвид и вака изразената волја на граѓаните од содветните општини. Политичкиот дил и опасноста од федерализација на земјата, може да се заклучи и низ предложените решенија за општините Струга и Кичево како и во други општини, така и во овие две се оди кон укинување на руралните општини, како што е на пример укинување на општината Зајас и Велешта, со што се прави, така да речам, трајна штета. Тие се припојуваат кон градовите вакви рурални општини, кои во услови на тешка економска состојба неминовно ќе резултираат со запоставување на руралните средини, ќе доведе до замирање на руралните средини со самото поместување на општинските центри и што е особено важно со нарушување на етничката структура на населението се создава почва за нови етнички тензии и конфликти, кои одново можат сериозно да ја загрозат стабилноста на земјата.

На авторите на овој модел на територијална поделба изгледа дека не им е јасно дека во нашиот случај не е битен бројот на општините, а очиглендо е дека тој може да биде дури и поголем, туку е многу побитно и поважно како ќе се изврши децентрализацијата на власта, во кои сегменти, во кој обем согласно материјалните можности на централната власт и општините, како ќе се моделира нивното финансирање и слично, за да се овозможи функционирање на локалните заедници блиски до граѓаните и способни да решаваат дел од нивните потреби и да ги мобилизираат граѓаните во решавањето на локалните потреби. Политичкиот дил изгледа не им дозволил на авторите на територијалната поделба да го запазат,

особено, елементарниот критериум во градењето на моделот на територијална поделба, а тоа е географскиот. Би се рекло, сосема аматерски од овој аспект се направија недопустливи грешки. Примери има безброј. На пример, општината Лозово кон која гравитираат бројни населби, се припојува кон Свети Николе. Потоа, случајот со Конче и Радовиш, Белчишта и Мешеишта, Добрушево, Могила и Кукуречани, Џепчиште и Тетово, Србиново, Вратница и Вруток, а особено како што веќе нагласив општините Кичево, Струга и Дебар.

Почитувани колеги, сите овие проблеми укажуваат на исклучителната важност за градење на модел на локална самоуправа, која ќе генерира стабилност, а не нови поделби и конфликти. Еве, и за момент да се отклониме од сомневањата за политичкиот дил меѓу СДСМ и ДУИ, останува констатацијата за аматерскиот пристап на власта, ако таа да претпоставиме, со моделот што го имаме пред нас сака да ги релаксира меѓуетничките односи. Зошто аматерски? Затоа што локалната самоуправа е многу чувствителен терен за такви намери и мож е со сигурност да произведе сосема спротивен ефект, од ефектот што се посакува односно да се релаксираат односите .

Затоа што очигледно ги задоволува само барањата на албанската страна, а тоа практично значи политичко етничка поделба на Македонија. Свесен сум за потребата за брзо донесување на овие закони, кои се од особено значење за нашата апликација во Европската Унија, кон која сите тежнееме, но мислам дека сеуште има можнос, се разбира , ако се има добри намери и волја, добар дел од лошите решенија , за кои на најдобар начин имкажаа граѓаните на Република Македонија да се прифатат и вградат во новиот закон за територијална поделба на Република Македонија.

На крајот би завршил, без оглед на тоа какви и да имало ставови во минатото од претставници на ВМРО-ДПМНЕ или од претставници на други политички партии, во врска со територијалната поделба во минатото и сега, допуштам тие ставови да еволуирале или да еволуираат, во зависност од општествените текови, кои го детерминираат процесот на децентрализација, вклуително и територијалната поделба. Токму сега е моментот тие ставови да се корегираат и искристализираат, бидејки токму сега се носи законот. Ова е прва фаза која допушта место за корекција. Токму затоа, сега треба да се настапува отворено, да се испразни душата, да се укаже на сите опасности штоја демнат државата, се со цел Владата и министерот да имаат отворен и широк простор на размислување и за корекција на

сопствените првични ставови, бидејќи не се сомневам во нивните добри намери на најдобар можен начин да го решат ова прашање.

Сакам да го уверам министерот Гештаковски дека нам не ни е целта да ириме страв и да ги нарушиме меѓуетничките односи, туку да ја потсетиме Владата и парламентарното мнозинство на тежината на моментот и одлуката и на историската одговорност штоја наметнува донесувањето на законот врз оние штоистиот тој закон го предлагаат и евентуално би го изгласале во вака непроменета содржина. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прв за реплика се јави г-динот Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Навистина , хартијата се трпи и можете се да напишете, да се спремите и да прочитате овде како ви одговара и како вие го гледате.

Јас на колегата Чедомир Краљевски, мислам ние сме разговарале на овие трибини во Куманово, сме биле заедно , сакам да по дискутирамоколу она што се спомна овде поранешната управна зграда на ЗИК Куманово, бидејќи јас со моето семејство живеам наспроти таа зграда каде што сега посетуваат настава средношколците од техничкото училиште и гимназијата и секогаш тенденциозно колегата Краљевски кажува за некои граници на општината Куманово на неалбанско и албанско население. Сега ако е таа логиката, јас бидејќи живеам во тој дел каде што навистина, е мешан етнички состав, има значителен број на албанско население, на српско, на ромско и т.н. , па би го поставил во вид на прашање, дали утре отворено кога говориме, зошто тој рече, треба со моето семејство да се отселам во некој неалбански дел, да поминам на некоја друга страна од границата која тој ја потенцираше овде од говорницата и повторно се навративме на одлуката на Советот на општина Липково, мислам тоа не е наша работа, Советот на општина Липково е составен претежно од членови на партијата на ДПА и тие можат да си носат какви сакаат одлуки, тоа и во медиумите го коментиравме, дали јас со моето семејство треба утре да заминам кон некој друг крај од општината Куманово, каде што живее чисто македонско население. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ;

Јас на колегата Иван Анастасовски би го упатил овој одговор на неговото прашање што ми го постави мене, да го побара од советниците на општина Липково, бидејки тие точно знаат што предлагаат, да се подели Градот Куманово на два дела албански и неалбански дел, сигурно ја знаат и границата. Инаку незванично во Куманово кружат верзии каде би постоела некаква хипотетична граница помеѓу овие етникуми, а мислам дека е информиран г-динот Анастасовски за тоа какви информации кружат во Градот, што се наметнаа, недвосмислено се наметнаа после одлуката на Советот на општина Липково.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-идн Хусеини Хусеинџевад.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАД:

Почитуван г-дине Краљевски, многу кратко ќе ве прашам, вие сте поддржувач на урбани центри да бидат со мнозинско макеоднско население, а од друга страна ние принципиелно се согласивме со процесите на европски и регионални интеграции, доколку не се интегрираме внатре во нашаа држава, со кого сакате интеграција. Дали е можна таква интеграција. Не е можна ниту со ескимите, ниту со французите, ниту со украинците. Интеграција започнува од нас. Вие на ваков начин мислам вештачки го заплашувате макеоднскиот народ од Западна Македонија и на некој начин и го потценувате националното чувство, бидејки тој никогаш историски не се предале, го заштитуваат својот интегритет во времето на Турција, во времето на Србија и во времето на тоа што го викавте вие голема Албанија. Заедно живееја , заедно работеа и заедно излегоа врз сите тие проблеми. Незнам зошто сега ова страввуање. Мислам дека е многу штетно и за самиот вас. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута господине Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам на г-динот Хусеини Хусеинџевад за репликата, меѓутоа, мојата дискусија одеше во насока на тоа на спречување на тие рурарни центри по природен пат да прераснат во урбани центри. Никој не е против таа појава. Мојата

дискусија одеше во насока на недопусливост со мајроизација , со припојување на рурарните центри да се менува етничката структура, а тоа значи и управвуањето со локалните самоуправи во веќе постојните и веќе дифинираните урбани центри. Така е примерот со Кичево и Зајас и Осломеј. Никој не е против тоа Зајас или Осломеј во иднина да прераснат во урбани центри, со сите карактеристики на еден град.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави госпоѓа Славица Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Господине претседателе, мојот почитуван колега рече дека е време да ги исчисти сопствените души, јас тоа го почитувам, меќутоа Парламентот сигурно не е место во кое тоа треба да се прави.

Мојот колега при своето излагање користеше поим територијална поделба. Јас на колегата и на макеоднската јавност да икажам дека територијална поделба не е опција на оваа коалиција. Таа територијална поделба, размена на територија и луѓе беше опција на некоја друга коалиција.

И на крај, заради право информирање на макеоднската јавност што е она што се случуваше во Куманово, заради тоа што генезата на многу им е позната и ќе кажам дека етнички чисти училишта се резултат на активности на луѓе, кои во тоа време Куманово го спасуваа од албанци, а сега цела Македонија се труе да ја спасат од албанци. Тие не дозволија децата албанци да се вратат во сопствените матични училишта, како нивен патриотски влог во функција во градење на соживот и меѓуетничка доверба. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Краљевски имате една минута.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Јас на оваа реплика, правото на контра реплика им го оставам на гледачите на Република Македонија и на граѓаните на Град Куманово да ја оценат дискусијата и моја и на колешката Славица Станковска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Хисни Шакири.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Благодарам господине претседател. Колку што го разбрав мојот сограѓанин, г-динот Краљевски во оваа прилика тој ги помешал тезите. Ние на дневен ред имаме закон за територијална организација.

Колку што ми е познато, бидејки го познавам добро, тој по професија е правник. Се знае како се дели власта во Република Македонија . Локалната власт е четвртата власт.

Господине Кралевски федерализација на Македонија не се прави со законот за локална самоуправа и со законот за територијална организација. Тие прашања се дефинираат со Устав. Нам ни е јасно и сите знаеме што опфаќа во себе Уставот. Меѓутоа, зошто се пласира идејата дека со новата територијална организација се прави федерализација на Македонија. Значи што се крие позади тоа? Се крие се, меѓутоа повеќе знаат тие што ја пласираат оваа идеја, оваа теза. Зошто токму го носат овој проблем во оваа насока кон федерализација.

Што се однесува на овие закони, на овој пакет закони што се на дневен ред, тие произлегуваат од Охридскиот договор. И вие спомнавте дека правиме апликација за Европската Унија. Тогаш е потребно ние да ги завршиме овие закони. Зошто г-дине не сме искрени барем пред нашите избирачи и создаваме конфузни ситуации. Создаваме страв и паника. Ако одиме со овој стил на наша политика бидете длабоко убедени дека ќе имаме многу малку резултати. Да бидеме искрени, затоа што овие закони не ја водат Македонија кон федерализација, затоа што се многу јасно дефинирани работите со Уставот. Да ги оставиме овие манипулации со јавноста, да им пристапиме на проблемите коишто не очекуваат и да поминат овие закони од првата фаза во втора.

Второ, ме интересира зошто се занимавате со проблемот на образованието. И образованието на мајчин јазик го нарекувате гетоизација. Изгледа не го разбирате зборот гетоизација како што треба. Гетоизација не е да учиш на својот мајчин јазик.

Што се однесува на проблемот во Куманово, јас разбирам дека е решен тој проблем. Ако стои понатаму Македонија да биде окупирана со насобрани проблеми , јас мислам дека ниеден од нас не треба да се согласи со тоа. Треба да одиме во насока на решавање на проблемтие. Меѓутоа, ова прашање не е тема за дискусија. Повеќе да им пристапиме на проблемите кои што се...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Шакрири благодара, заврšија вашите три минути.

Има збор г-динот Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Она што го зборував во моето излагање во врска со федерализацијата, произлегува од фактичката состојба на теренот и од објективните показатели, кои се резултат на фактичката состојба. Мислам дека, а и на вас претходно кажав, на моменти реплицирав додека говорев, дека тезата од понудениот Предлог закон за територијална поделба на општините, е всушност, правење пат. Можеби тоа не произлегува од желбата на власта, но објективно, дава такви насоки и такви можности за федерализација на државата. А состојбите фактички на теренот не укажуваат на релаксирана меѓуетничка состојба. Напротив, укажуваат дека сеуште тензиите меѓу етникумите постојат на јако ниво и ова само ќе придонесе да се приближиме кон несакан процес.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Абдулаким Адеми.

АБДУЛАКИМ АДЕМИ:

Благодарам господине претседател, вчера пред почетокот на разгледувањето на овој дневен ред, добивме една заедничка изјава од сите политички партии во координација со претседателот на Парламентот, каде што се вели дека ќе има конструктивни дискусии и дека ќе се придржуваме кон дневниот ред за коиј што треба да дискутираме. Но од досегашните дискусии на пратениците од опозицијата од ВМРО-ДПМНЕ, оваа изјава не се почитува, веќе е сосема јасно. Сигурно се наменува на фракцијата која што постои во нивната партија, затоа би повикал да земат со себе и еден претставник од фракцијата.

Господинот Краљевски спомна дека ова не е обврска од Охридскиот договор, бидејки таму се спомнува само ревидирање на границите на општините, значи што не подразбира намалување на нивниот број , значи на општините, но има неколку начини на читање на текстот . Ние сите овдека читаме од лево кон десно, а арапите читаат од десно на лево, но, по се изгледа, пратениците на ВМРО-ДПМНЕ не читаат ниту од лево на десно, ниту од десно на лево, ни хоризонтално ни вертикално и го коментираат на свој начин Охридискиот договор. Самиот факт дека досегашните општини не се функционални говори дека нивниот број треба да се намали. Партиската задача што ја добивте е да го застрашувате населението, пред се,

макеоднското во Западниот дел на државата, спомнувајки и федерализација дека со новата поделба ќе се повтори конфликтот, не се контролираат некои делови од територијата и т.н.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, да објаснам некои работи. Вие бевте сите сведоци на настапот на г-динот Краљевски и јас го прекинав за да му кажам дека сепак малку повеќе да обрне внимание на самиот закон. Секој закон си има своја политичка и суштинска компонента. Господинот Краљевски избра да ја зборува политичката димензија. Дали е правилна или погрешна за тоа ќе одлучат граѓаните и сите овдека што слушаме. И репликата беше во таа насока. Политичка реплика на политичка дискусија. И ве молам немојте повеќе од место да дискутирате и да се јавувате.

За процедурално се јавува г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал процедурално да ми кажете дека ВМРО-ДПМНЕ не го заплашува народот од Западна Македонија, како што сакаше претходниот говрник да каже. Бидејки тие веќе го заплашија македонскиот народ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова не е процедурално. Бидејки интерпретацијата на г-динот Краљевски јас не сакам да ја давам, бидејки сум претседател е сватена онака како што е сватена во репликата.

Повелете г-дине Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитуван колега, методи на заплашување кон народот постојат во екојдневниот живот многу врсти. Ако е метод на заплашување кажувањето за можните последици и импликации од ваквиот концепт на територијалната поделба на општините, тогаш сватете го како заплашување. Меѓутоа, мислам дека методот со вооружена борба , со оружје во рака на заплашување многу поголеми ефекти на страф и паника внесува, отколку една теоретска расправа, или би рекол дискусија на тема што е од витално значење за иднината на нашата држава. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

(Објавувам пауза до 15,00 часот).

(по паузата)

(седницата продолжи во 15,00 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, а службите да ја затворат вратата.

Повелете г. Бислимовски, а нека се подготви г. Невзат Бејта.

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Денес расправаме за територијалната организација на локалната самоуправа на Република Македонија , а повод за тоа е предлогот за донесување закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија .

Според некои помалку, според некои повеќе но во секој случај територијалната организација на Република Македонија ќе конкурира за една од најактуелните теми во овој период и тоа повеќе поради политизирање затоа што прашањето не да не е сосема политичко, но помалку е политичко а повеќе е организационо. Потврда за тоа е фактот дека меѓуопштинските граници уште не утврдени почнаа да разединуваат наместо да поттикнуваат меѓусоседска соработка и ја разбрануваа македонската јавност иако официјалната расправа во Собранието на Република Македонија само што почна. Се разбира предводници на таквата атмосфера се кој друг ако не политичките партии во Република Македонија или пак некои други структури кои сакаат да заземат одредена позиција во сложената македонска политичка сцена. Тука се прави обид да се додадат или злоупотребат некои стручни и научни гледања, тука се и некои локални моќници и наместо конструктивен и отворен дијалог кој би водел кон задоволително уредување на новата територијална организација на локалната саомуправа некој како да сака ова прашање да не се реши. Тогаш се заборава заедничкиот интерес на граѓаните и на државата и на преден план излегува тесниот и личен интерес кој нема ништо заедничко со поставената цел за заокружување на комплексот локална самоуправа и нејзино подготвување за функционирање врз новите и поквалитетни основи. Но во овој момент мојата намера не е да арбитрирам и да посредувам дали некој е во право или не, дали досега чуените забелешки се основани или не иако знам дека има и такви кои нудат одредени решенија, но има и такви кои во најдобар случај

значат само задоволување на тесни интереси а за одредени средини се дури и штетни или невозможни а сепак се настојува токму тие да преовладаат.

Почитувани пратеници кога расправаме за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија пред се треба да се има предвид основите утврдени во Уставот на Република Македонија . Поради тоа ќе потсетам на некои од нив.

Прво, на граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа кои тоа право го остваруваат преку единиците на локалната самоуправа односно преку општините за што самите обезбедуваат средства определени со закон, но еден дел обезбедува и Републиката пак врз основа на закон.

Второ, во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење , а особено за областите на јавните служби, урбанизмот, урбаното планирање, заштита на околината, локалниот економски развој, локалното финансирање, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, образованието, здравството итн.

Трето, територијалната организација и подрачјата на општините се уредуваат со закон. Покрај тоа со Рамковниот договор утврден е развојот на децентрализираната власт и во согласност со Уставот на Република Македонија и со Европската повелба за локална самоуправа утврдено е ревидирање на законот за локална самоуправа со цел да се зајакнат овластувањата и активностите на единиците на локалната самоуправа, како и ревидирање на територијалната организација што ќе ја спроведе власта во Република Македонија со учество на меѓународната заедница.

Според тоа за прашањето за кое денес расправаме постои стратегија, поставена цел, постојат обврски и тоа утврдени со најважните акти во Република Македонија .

Еден суштински дел од процесот за ревидирање на овластувањата и надлежностите на единиците на локалната самоуправа е завршен со донесувањето на законот за локална самоуправа и тоа во текот на минатиот мандат на ова Собрание. Уште тогаш позната беше обврската за уредување на прашањето за финансирање на единиците на локалната самоуправа и за територијалната организација. Причините зошто тогаш не се исполнија овие обврски мене не ми се познати, но можеби некој ќе ги каже. Но како и да е комплексот локална самоуправа треба да се гледа како целина уредена со повеќе закони и во никој случај не треба

да се гледаат одвоено, независно еден од друг затоа што за успешно спроведување на веќе утврдените и значајни надлежности на локалната самоуправа сосема е јасно дека мора на соодветен начин да се уреди финансирањето и да се воспостави соодветна територијална организација. Исто така во овој дел не помалку е значајно и прашањето за урбаната односно месната самоуправа во единиците на локалната самоуправа кои единици дополнително треба да го доуредат ова прашање.

Сето ова почитувани пратеници значи дека ако постои стратешка цел и обврска на граѓаните да им се организира локална власт која што ќе обезбеди остварување на нивните најважни права и сето тоа да се спроведе преку децентрализација на власта, пред се заради обезбедување услови таа локална власт вистински да функционира и да ги извршува обврските во интерес на граѓаните тогаш треба да се свати и да се прифатат објективните околности за нужноста од оформување на еден реален и спроведлив систем. Тоа значи дека на граѓаните им треба локална власт која што ќе може да роганизира успешно, ефикасно, рационално и квалитетно остварување на сите работи поврзани со уредувањето на општинското подрачје во поглед на добра инфраструктура, квалитетно образование, здравство, социјална детска заштита, култура, спорт, заштита на околината и природата и ред други работи од нивни интерес. Со други зборови почитувани пратеници на граѓаните им треба локална власт која ќе има моќ и капацитет  да организира финансира, обезбеди и спроведе задоволување н апотребите на граѓаните кои се утврдени и прецизирани пред се со законот за локалната самоуправа.

Ако се има предви ова тогаш полесно ќе може да се оценат и одмерат определбите за територијалната организација на единиците на локалната самоуправа. При ова сакам да потсетам дека со приодот на новата територијална организација на локалната самоуправа се настојува да се обезбеди поголем степен на изедначеност во економскиот развој  на единиците на локалната саомуправа. Да се обезбеди порамномерно распоредување на функциите помеѓу локалната и централната власт, при што доаѓа до израз децентрализацијата на власта. Да се обезбеди порационално и поефикасно искористување на сите ресурси (природни, материјални, човекови итн.) Да се обезбеди преднос на квалитативните во однос на квантитавните елементи во поглед на уредување и спроведување промени во просторно физичкиот, социјалниот односно накусо кажано во поглед на севкупниот развој на сите населени места итн.

Ако кон сето ова се додаде дека при изготвувањето на предлогот за новата организираност на територијата на Република Македонија се имало предвид како фактичката така и состојбите што треба да ја карактеризираат локалната самоуправа во иднина, а се однесуваат на економската моќ и способност на секоја единица на локалната самоуправа пооделно, инфраструктурата од комунален аспект, демографската состојба, природните и географските услови во целина и сл и ако на сето ова се додаде дека во предлогот за донесување на закон има одредби со кои се основаат општините, се прецизираат општинските центри, се определуваат подрачјата и границите на населените места, се дефинираат населените места како градови и села се создавsituation можност за планирање нови општини по пат на поделба, спојување или промена на границите, а исто така се нудат решенија и за начинот на кој ќе се премости функционирањето на локалната самоуправа според сегашната територијална организираност во однос на новата, се разбира откако се донесе ќе стапи на снага овој закон. Тогаш почитувани пратеинци според мене и според моите сваќања во оваа фаза треба да се подржи и јас го подржувам донесувањето на овој законски проект, се разбира така како што е планирано неговот донесување, во две фази и со организирање на јавна расправа.

Верувам дека оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе придонесе во текот на јавната расправа помалку да има тесни и локални гледања, помалку да има споредување со земји со кои Република Македонија заради свои специфики и заради сопствениот развој неможе да се споредува и неможе некои туѓи правили технички да се преземат и применат, а исто така се надевам дека помалку ќе има дневни политики заради остварување тесни инереси од било кој аспект. Се надевам дека расправата ќе биде конструктивна и транспарентна со изнесување на објективни јасни и недвосмислени аргументи кои ќе бидат во прилог на предлогот за кој расправаме или против предлогот за кој расправаме и само на таков начин можеби ќе се дојде до подобри решенија и за случајот Струга и за случајот Кичево и за Маврови Анови, Ростуше итн.

Исто така се надевам во следната фаза од донесувањето на овој закон ќе можеме да пријдеме кон конструктивна расправа каква што доликува на народни избраници и ќе разговараме за решенија кои ќе бидат прифатливи за сите или за големото мнозинство кое ќе го остварат пратеници и од опозицијата и од позицијата.

На крајот уверен сум дека поединци од одредени политички кругови, па и поединци од други неполитички кругови пораката што треба да произлезе од овој законски проект нема да ја поврзуваат со тоа дека ова е дефинитивна поделба на

Македонија , дека македонците исчезнуваат дека албанците не ја сакаат Македонија, дека Брисел не не сака итн. и тоа пред се затоа што од основите од кои произлегува овој закон и неговите решенија неможе да се извлекуваат такви пораки.

Напротив и во јавната расправа, па и подоцна во спроведувањето на овој закон ако се сака да се дојде до пошироко прифатливи решенија тогаш задача и за опозицијата и за позицијата е да ја објасни намерата за подобро уредување на државата и тоа не само преку еворпски, туку и преку сопствени стандарди кои објективно произлегуваат од предлогот што го имаме пред нас и на тој начин јас се надевам и верувам дека ќе се враќа и ќе се зацврстува уверувањето дека Македонија може да биде стабилна и попросперитетна држава.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски, имате реплика? Повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал да му реплицирам на колегата Ристе Бислимовски за неколку негови искажани тврдења и тези, малку да полемизирам.

Имено, рече дека ние најчесто тука полемизираме од тесни и лични интереси, градоначалници, локални моќници и сл. Јас би сакал да му напоменам дека ова е многу сериозна тема во која што Република Македонија се обидува, можеби и мора незнам, меѓутоа сметам дека не мораше толку касно да почнува за во неполна година да ја направи целокупната децентрализација вклучувајќи ја и територијалната организација на Република Македонија . Многу луѓе се вознемирени за својата иднина како економски така и останата.

Во останатите земји во Европа, што е случај и со Словенија овој процес трае повеќе од неколку години и сеуште не го имаат вака во завршна фаза донесено, сеуште анализираат како тоа да го изведат. Сето ова ние го правиме набрзина.

Исто така кажа дека со ова ќе се доведе до поголем степен на развој. Тука не се согласувам со г. Бислимовски бидејќи овие 50 години покажаа дека развојот се сконцентрира во големите урбани средини, па така имаме една железарница во сред Скопје, имаме еден Охис во сред Скопје, имаме една цементарница во сред Скопје што мислам дека целиот свет може да ни се смее на ваквите потези кои што сме ги правеле за разлика од еден Илинден од кој што потекнувам и кој што е 10 километри од строгиот центар на Скопје до 1980 година по три часа сме чекале

аутобус за да дојдеме до Скопје и многу од испитите ни пропаѓаа на факултет поради тоа. .

(реакција од место на г. Јани Макрадули)

Смејсе г. Макрадули, лично за мене се однесува.

Исто така порационално искористување на сите ресурси. Би му кажал на г. Бислимовски дека пред малку ги поминавме законите за финансирање на локалната самоуправа во кои што концесиите останаа под државната капа, така да многу од овие општини и кои што се предвидуваа, а да не речам тие што се укинуваат иако имаат огромни ресурси, водни пасишта, шуми, рудни богатства тие концесии ги искористува државата, само процент во незнам каква форма и враќа на локалната самоуправа.

Според тоа сметам дека овој модел не е добар, иако мислам дека општина Ростуше од каде што е роден г. Бислимовски се укинува, па би сакал да видам како ќе реагира.

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ:

Почитуван г. Коце Трајановски ние можеме да се согласиме и да се разбереме, но и не мора. Но, објективноста кажува друго. Ќе градиме единици на локалната самоуправа кои што ќе имаат моќ и капацитет вистински реално и остварливо да им обезбедат подобри услови на граѓаните , или пак ќе правиме екскурзии и ќе разговараме кој пратеник од каде е роден и ќе кажуваме дали локалната саомуправа треба да има право и можност да издава концесии или да не зборувам што овие два дена се изнаслушавме многу, многу работи, но многу малку од нив се однесуваа за поефикасното и вистинско функционирање на единиците на локалната самоуправа. Вие ако сметате дека има тесни интереси односно дека нема локални моќници тоа си е тоа, ваше е.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Оровчанец имате реплика? Повелете.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Господине претседателе, колеги пратеници,

Имам реплика за г. Бислимовски затоа што она што он го искажа во своето говорење претставува едно декларативно изјаснување крајно воопштено за одредени вредности кои што сите ние сакаме да ги добиеме. Јас апсолутно се

согласувам со сето она што тој го кажа во таа смисла, меѓутоа фактичката состојба или анализата на таа работа не е таква.

Премногу елаборирате со тесните интереси, меѓутоа она што јас можам да го кажам во поглед на тесните интереси е она што практично ова е територијална организација врз база на тесни интереси на г. Црвенковски и г. Ахмети. Други потесни интереси немаможам да видам а во декларацијата за правото на локална саомуправа и она што е обврска на некој начин во Рамковниот договор обврската не е територијалната организација. Обврската е пренесување на надлежностите и функциите од централната на локалнтата самоуправа.

И тоа е суштината на функционирањето на локална самоуправа.Во што е поентата? Поентата е што досега имавме до 2% средства со кои се обезбедуваа фукнциите на општините. Сега со овие законски мерки ќе стигнеме некаде евентуално до 20%. Во тоа е суштината, а не е територијалната распределба. Територијалната распределба може да функционира очигледно ако земеме географски, просторно и по капацитет и демографски со многу повеќе општини отколку што предвидува и сега што има Република Македонија. Типичен пример ви е Република Словенија.  Гледаме дека развојот на локална самоуправа кај нив оди прогресивно напред и како што треба со 190 и нешто општини. Мене ме загрижува најмногу што никој овде досега, а и министерот не даде анализа на досегашното функционирање на локалната самоуправа врз база на оние норми и принципи кои важеа со досегашниот закон, односно со толку малку средства. Сите општини и со толку малку средства успеаа да направат многу повеќе, затоа што успеваа да се организираат и успеваа да донесат грантови, да навлечат проекти и на тој начин средствата од 2% што се издвојуваа тие ги мултиплицираа практично до 10%. И тоа е поентата.

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ:

Почитуван Ѓорѓи Оровчанец, незнам за каква распределба зборувате. Законот не се вика за распределба, се вика за организација на единиците на локалната самоуправа. Тоа е првата работа.

Втората работа, децентрализирањето, односно утврдувањето на новите надлежности на единиците на локалната самоуправа утврдени се во Законот што е донесен пред околу две години. Јас и го поставив прашањето, ако тогаш се донесе тој закон, зошто не се реши и прашањето на финансирање и на организацијата на единиците на локалната самоуправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Драго Шајноски.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Почитуваниот господин рече дека некој не е за отворен разговор и решавање на ова прашање. Дали господине има поотворен разговор од одржаните референдуми од јавните трибини на кои што опозицијата редовно учествува и дебатата во овој Парламент? Јас ви препорачувам да ги сослушате граѓаните и опозицијата добро и да ги оставите да се изјаснат како што умеат. Во тоа време Владата нека направи економски студии за секоја општина, мислам на постоечките 123 и по демократски пат да ги образложи пред граѓанството. Можеби тие ќе го прифатат предлогот на Владата. Зошто се плашите да го примените овој демократски терк и зошто веднаш ја напаѓате опозицијата дека е против децентрализацијата без да одговорите на ниеден нејзин аргумент. Можам да ве убедам напротив дека токму опозицијата е за децентрализација.

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ:

Навистина не се разбираме. Денес не разговараме за децентрализација, таа е завршена работа. Тоа е прво. Второ, што се однесува до односот и прашањето на почиување на интересите на граѓаните пресмело изјавувате дека вие ги почитувате и никој друг не ги почитува. Следна работа, се направи една тензија во јавноста уште законот не е утврден во првата фаза, се пријде кон референдуми, кон иницијативи, кон прес конференции, кон незнам што, а од каде сте уверени дека тој текст што го предложи Владата ќе остане токму таков како што вие сметате, односно како што е стигнат досега. Зошто законот се носи во две фази, зошто јасно и гласно се кажува дека ќе има јавна расправа, зошто ги изместуваме работите и зошто јавната расправа не ја организираме во времето тогаш кога треба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Ќе се навратам само на одреден дел од дискусијата на колегата Бислимовски. Колегата рече дека бара од опозицијата да даде сопствени стандарди. Меѓутоа, почитуван колега Бислимовски тие стандарди веќе ги има утврдено, затоа што веќе толку се повикуваме на патот кон Европската Унија, тие стандарди се утврдени во документите на Европската Унија. Она што го бара опозицијата е бројот на општините да остане таков каков што е. А од друга страна Владата не дозволи да

направи, или не даде на увид за една општина од оние што се укинуваат да даде елаборат за причините зошто таа општина треба да биде укината. Туку таа декларативно и со прекројување: таа општина ќе влезе таму, таа општина ќе влезе тука. Ние немаме аргументи. Владата не нуди аргументи за да можеме да ја прифатиме, или да не ја прифатиме ваквата територијална организација.

А што се однесува до федерализацијата и заплашување на македонската јавност од страна на опозицијата, јас ќе кажам дека македонската јавност доволно е заплашена со оглед на 2001 година.

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ:

Почитувана Марија Којзеклиска, ако во Европа се одеше со такво техничко преземање на европските стандарди веројатно ние веќе ќе бевме во Европа. Тие стандарди сигурно треба да ги сватиме, да ги прифатиме и да ги прилагодиме на нашите македонски услови. Тоа е првата работа.

Втората работа, изнесувате теза дека со Предлогот на законот излезено е со некоја шема која што тајно се работела и никој не ја знаел. Погледајте го законот, неговиот приод како се изготвуваше и образложението, ќе видите дека таму се утврдени принципиелни критериуми и таму ќе ги најдете одговорите зошто во Република Македонија со овој предлог не се предвидуваат 123 општини, туку толку колку што се предвидуваат, а во конечниот текст пред донесување ќе видиме колку ќе бидат. А и да ви пратам една порака. Ние пратениците овде не сме да испраќаме пораки на страв, туку пораки на оптимизам до граѓаните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господинот Бислимовски помеѓу другото во неговото обраќање кажа дека ништо не кажала опозицијата за поефикасно функционирање на единиците на локалната самоуправа. Ќе го потсетам само дека за поефикасно функционирање на единиците на локалната самоуправа ние кажавме доста и за претходните закони кои што се однесуваат за финансирање на локалната самоуправа, кажавме дека неопходно е потребно концесиите да бидат во сопственост на општините за да можат да се користат за развој на општините и за задоволување на потребите на граѓаните во општините. Понатаму зборувавме за процентот на враќање од ДДВ наместо 1% да биде, да се зголеми, ако се сака вистинска децентрализација и фукнционирање на општините. Понатаму зборувавме исто така и за персоналниот данок. Господинот кажа дека ние ништо не сме кажале за поефикасно

функционирање на единците на локалната самоуправа. Ние стоиме на ставот дека постојните општини треба вистински да се децентрализираат, да добијат повеќе средства од државата и преку концесии и преку ДДВ. Имаше предлози и од страна на градоначалниците кои што стигнаа на клупата на сите нас пратениците тука, персоналниот данок, односно не само дел од персоналниот данок, туку целиот персонален данок да остане во општините за да може да се користи за развој на општините. Сето тоа ние го потенциравме. Жално е тоа што за да може ние да знаеме дали ќе функционираат единиците на локалната самоуправа кои што се предмет на територијалната поделба, или пак неможат да егзистираат постојните општини, не добивме никаква јасна пресметка од Владата од кое што ние ќе видевме дали е оправдано територијалното прекројување на државата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, реагирам процедурално бидејќи сите дискусии, сите реплики што се водат од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ немаат за цел да исфрлат погрешно наведен навод, или да се дообјаснат, туку напротив одат кон задржување на времето и одолговлекување на времето, одат во јалови дискусии. И дискусијата на Ристе Бислимовски се однесуваше на одредени политички партии, нека не го присвојуваат тие тоа, дека се одредена политичка партија. Ве молам, реагирајте, тие цело време зборуваат за она што не го направила Владата. Пратеникот Ристе Бислимовски си дискутираше, ако имаат реплики на негов неточно изнесен навод, или да се дообјаснат, нека се држат до член 86. Ако сакаат да го задржат времето, нека повелат, пак нека се соберат 20 души, нека ви ја извадат картицата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Можам ли јас да кажам нешто? Господинот Ристе Бислимовски имаше свој настап. Репликите беа на одредени ставови од неговиот настап. Тоа што репликите траат 3 минути, па во тие 3 минути може нешто друго да се каже, јас искрено да ви кажам неможам да ве прекинувам на секоја минута. Тоа е до вашата совест. И затоа мислам дека нема потреба процедурално понатаму. Не давам збор за процедурално. Тоа ставете ми го на контото на интерпелација, не давам процедурално.

Процедурално му давам збор само на координаторот на пратеничката група.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, само би сакал друг пат вака на сила да не ги добиваме овие наши процедурални јавувања.

Сметам дека процедуралното јавување на господинот Макрадули како координатор на пратеничката група на СДСМ воопшто не држат. Вие тоа го кажавте во вашите дискусии, во вашето објаснување. Јас за мојата дискусија, мојата реплика, ќе кажам беше многу конкретна. А ако господинот Макрадули сега со јавувањето ми личеше како да е претседател на Собрание. Јас знам дека беше конкурент, ама жалам што изгуби.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега ќе ви го одземам зборот, бидејќи ова е крајно невкусно.

Повелете, господине Бислимовски, една минута контра реплика.

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе, во интерес на поефикасно и поквалитетно и попродуктивно работење на Собранието, јас повеќе нема да одговарам на реплики.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Иако колегата се изјасни дека нема да одговара на репликите. Прашањето може да остане отворено, можеби во некоја друга прилика ќе ми одговори.

Господинот Бислимовски ја обвини опозицијата дека ги изместува работите. Меѓутоа, опозицијата јас мислам дека многу конструктивно и аргументирано сака да укаже на погрешните, односно непринципиелните критериуми кои се користени во подготвувањето на овој предлог. Вие господине Бислимовски тврдите дека децентрализацијата била друга работа сосема различна од територијалната организација и таа работа била завршена. Да ве потсетам дека ја завршивме само првата фаза од фискалната децентрализација. Јас навистина се сложувам со вас дека фискалната децентрализација е сосема различна од територијалната организација. Меѓутоа, вие очигледно не се сложувате со предлагачот бидејќи претставникот на Владата господинот министер во своето воведно излагање напротив не убедуваше дека ова е дел од пакетот за фискална децентрализација. Јас навистина незнам каде е вистината, можеби вие ќе ми помогнете да ми одговорите која е вистината?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Спиро Мавровски, вас не ви давам реплика со едно едноставно објаснување. Вие дојдовте откако беше завршен настапот. А имам информација дека не сте го гледале ни на телевизија. Според тоа, вие ќе одговарате на реплики.

Има збор господинот Невзат Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Почитуван претседател, почитуван министер, почитувани колеги пратеници. Имам една молба до вас, да бидеме посериозни дека пред нас имаме еден многу значаен закон кој нашите почитувани граѓани го очекуваат со нетрпение и потрудете се Собранието да го преиначите во еден парламент, еден највисок орган од кој зависи иднината на нашите граѓани. Затоа внимавајте како се однесувате.

Еве два дена пратениците од опозицијата ВМРО-ДПМНЕ прават политички маркетинг и ништо не рекоа што се однесува до точката која е на дневен ред, Предлог за донесување на закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија. Покрај ова сведоци сме дека пратениците од опозицијата бараа да ги добијат стенографските белешки од говорот на господинот министер и побараа пауза од 1 час и тоа им се овозможи. И колку што јас можев да ве следам, вие ништо не рековте во врска со говорот на министерот на локалната власт.

Јас ќе се осврнам на Предлогот на закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија. Пратениците знам дека законот го имаат пред нив, но нашите граѓани овој закон го немаат и тие не следат на парламентарните седници и затоа овие седници се отворени за јавноста, отворени се за граѓаните на Република Македонија. Затоа јас ќе направам еден осврт на Предлог законот за територијална организација на локалната власт во нашава земја. Со донесувањето на Законот за локалната власт "Службен весник на РМ" број 502 на соодветен начин се зголеми бројот на надлежностите на општините. Значи ова е една голема улога, значи, каква улога ќе имаат општините според новата поделба. Ние знаеме која беше улогата на општините порано кога егзистираа 34 општини.

Сите добро знаеме која беше улогата на актуелните 123 општини. Треба да им објасниме на граѓаните актуелните општини какви резултати имале. Дали имале резултати во развојот и економското унапредување, дали постигнале овие 123 општини нивното владение да создадат силен финансиски буџет. Знаеме дека овие општини немаа резултати и затоа се предлага новиот закон за нова територијална организација, нешто што причини и зголемување на нивната одговорност во многу

области со посебен секојдневен интерес за граѓаните во многу области, а тоа се: планирањето, менаџирањето на локалниот развој, регулирањето на територијата на општината, прашањето на изменит во областа на образованието, здравството, социјалната помош, културата и спортот, заштита на животната средина, како и други прашања од посебен интерес за граѓаните на општините. Општините не се основаат за политички интерес. Општините не се основаат заради интересите на некоја партија. Општините не се основаат заради интересите на некоја личност за да биде цел живот претседател на некоја општина без никакви резултати. Општините се основаат заради општите интереси на Република Македонија.

Со новиот закон ќе се направат големи измени, затоа што во законот стои зголемување на надлежностите, се зголемува потребата за соединивување на општините, затоа што за нивно функционирање е потребна изградба на органи и капацитети во општините кои ќе бидат способни за изведување на ефикасен начин на своите обврски, на рационален начин и со висок квалитет, стандарди и процедури определени со закон.

Најголемиот дел на новите надлежности не можат да се направат во постојните рамки на локалната самоуправа, посебно во големиот број на помалите општини. Затоа се прави намалување на бројот на општините, затоа што ниеден пратеник до сега не спомна со аргументирани факти акви резултати има во производството на помалите општини, колку вработувања имале, колку се развила економијата во тие помали општини. Некои колеги пратеници спомнаа дека во тие општини има училишта, амбуланти, електрична енергија. Ние сме на почетокот на 21-от век, нема веќе можност во селата да нема училишта, амбуланти и електрична енергија. Сега треба нашите професионални способности да ги ставиме во служба на производството. Само со производство ќе можеме да го зголемиле бројот на вработувањата. Вие многу добро знаете, само незнам дали граѓаните знаат колкав е бројот на невработените во нашата земја. Бројката е скоро 400.000 невработени. Затоа, треба да бидеме внимателни за тоа кои општини треба да се опфатат со Предлогот на законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Тоа што е најзначајна причина за усвојување на овој закон е исполнување на обврските кои произлегуваат од Рамковниот договор во врска со измената на територијалната организација и во соработка со меѓународната заедница. Да беше добра нашата територијална организација во земјата, тогаш меѓународниот фактор немаше да интервенира и немаше да се направат уставните

измени, врз основа на Рамковниот договор. Тогаш се ќе беше в ред и ќе се дадеа само нови надлежности на општините. Меѓутоа, експертите кои се занимаваат со локална самоуправа направиле детални истражувања за тоа како функционирале сите постојни општини кои ги имаме во нашата земја односно 123-те општини.

Ќе се задржам на општина Гостивар. Општината Гостивар сега според овој предлог на закон нема да ги спомнам сите населени места, меѓутоа, ќе ги спомнам актуелните општини кои ќе се вклучат во рамките на општина Гостивар. Гостивар е град, општина Вруток, Бањица, Трново и Чегране ќе се припојат на општина Гостивар. Доколку навлеземе подлабоко и контактираме со граѓаните, граѓаните ги гледаат своите економски интереси. Тие бараат и другите општини и останале надвор од општина Гостивар да се припојат и да се врати општината Гостивар таква каква што била порано. За тоа треба да и се припои Врапчиште и Полошко Неготино, општина Маврово, општина Ростуше, па така Гостивар како општина каква што била порано со поранешната територијална организација 1965 година ќе стане една општина со една развиена економија. Многу добро знаеме дека Гостивар како град е хетероген, во него живеат многу националности и тоа албанци, македонци, турци, роми и други. Не сум чул ниеден граѓанин да ме праша зошто, доколку се припои некоја општина јас како граѓанин припадник на друга националност ќе бидам дискриминиран. Никој не го вели тоа. Граѓаните мнгу добро разбрале дека секој граѓанин на нашата земја треба да го почитува законот, а не како што се правело досега, законот бил и функционирал врз етнични основи. Законот нема веќе да фунцкионира врз етнички основи, туку ќе функционира во интерес на сите грњаѓани.

Тука слушаме разни гласови и мислења од пратеници кои се обидуваат да водат политички маркетинг, мислејќи дека граѓаните не ги разбираат работите. Се вели дека се прават општини со мнозинство од одредена националност. На пример, албанците, таму каде што се албанците мнозинство, таму се албанците. Таму каде што се македонците, македонците. Меѓутоа, има и општини каде мнозинството се припадници, каде македонците се мнозинство во одредена општина, а каде има албанци и тогаш што со албанците. Албанците ќе се третираат така како што предвидува законот. И македонците таму каде што се малцинство, и тие ќе бидат третирани во согласност со законот.

Забелешките, на пример, ова е прва фаза, ова е фаза на наши сугестии, доколку остане општина Врапчиште, никој нема да изгуби - се извинувам на мојот колега лекарот, кој направи пресметка во проценки. Јас не правам такви

пресметки, граѓаните се толку колку што се и врз основа на нивната желба ќе се зголемат или намалат. Не одам со проценки, меѓутоа, турците кои ќе останат во рамките на општина Врапчиште ќе бидат рамноправни со граѓаните кои ќе бидат мнозинство во општина Врапчиште, односно албанците. Сега го имаме законот за употреба на јазиците, но тоа е друга работа. Тамју треба да се придржуваме кон Уставот, кој произлезе од Рамковниоит договор.

Доколку остане општина Маврово, тука има само еден пропуст. Можеби не е добро доколку остане. Тука ја имаме Симница и Џеновица, има територијален прекин, граѓаните не можат да ги спроведат своите административни потреби, затоа што треба да одат до Гостивар и потоа од Гостивар да одат до Маврово, а тоа е голема дистанца. Граѓаните на овие две села Симница и Џеновица се мислење дека треба да припаднат на општина Гостивар.

Додека сум касј општините, граѓаните најмногу се заинтересирани за тоа како ќе можат да ги извршуваат своите обврски и потреби во општините каде што ќе живеат, дали ќе функционира администрацијата, затоа што граѓанинот е многу заинтересиран за администрацијата. Доколку службениците во општината ќе се стават во служба на граѓаните, таа општина ќе биде прифатлива за сите граѓани. Доколку службениците бидат, раководителите на општината ако се стават во интерес на своите индивидуални потребни и прават дискриминација, таа општина нема да биде прифатлива за граѓаните. Исто така, голема улога ќе има и тоа кој ќе дојде на чело на општината. Доколку продолжат и натаму да доаѓаат луѓе како до сега кои ги руинирале општината, тогаш подобро да не постои ниедна општина. Граѓаните со владееењето на актуелната владеачка коалиција се надеваат дека во идните општини ќе дојдат градоначалници и заслужни градоначалници кои ќе бидат во служба на граѓаните тогаш нема да имаат проблем.

Понатаму, тука се спомнаа референдумите. Еден колега пратеник рече како треба да се одржуваат референдумите. Референдумите се со политичка заднина, но таквите референдуми не се прифатливи. Логично е да се прифатат референдуми демократски, пред да се одржат референдумите, пратениците избрани од граѓаните на демократски начин, било од позицијата или опозицијата, да ги посетат општините каде се појавуваат проблемите и да се соочат со граѓаните, при тоа не измамувајќи ги, туку да одат да им ја кажат вистината за тоа што предвидува законот, било да е тоа законот за финансирање на локална самоуправа, било предлог законот за новата територијална организација и таму да се соочи пратеникот од опозицијата со пратеникот од власта. Доколку на населението не му е

јасно, тогаш се одржува референдум, меѓутоа, референдумот да се одржи на демократски начин, а не како што се правеше претходно, едно лице гласа за 100 души. Ова логиката не го прифаќа. На референдум треба да излезе секој граѓанин и да се изјасни на најдемократски начин. Тие времиња веќе се изминати кога се избираа луѓето кои немаа кредибилитет од страна на граѓаните. Се полнеа кутиите така како што се полнеа. Меѓутоа, се одржаа неколку референдуми каде граѓаните не излегле на гласање со цел да не се посрамотат. Организаторите кои ги организирале референдумите ги ангажирале своите активисти и ги наполниле кутиите и излегоа со многу смешни резултати. 97% гласале за таа општина да остане општина, било сегашните градоначалници или актуелните советници треба да излезат пред граѓаните на своите општини и да кажат што направиле во текот на нивното владеење од 1996 година до сега, колку таа општина напредувала од економски аспект, инфраструктурен аспект, што е направено во областа на урбанизмот, како ги употребиле средствата кои им биле дадени од развиените земји со цел да ни помогнат да просперираме, да се развиваме и да се приближиме на развиените земји, затоа што никој не те прифаќа доколку останеш неразвиен. Никој не те прифаќа доколку не ја почитуваш демократијата. Никој не е прифаќа доколку одиш и ги полниш кутиите. Има точни правила за тоа како се одржуваат референдуми.

Јас верувам дека го почитувам дневниот ред, а не како вас. Колку треба да бидеме емотивни и да говориме со емоции, емоциите со националистички карактер се завршени, им дојде крајот, дека Република Македонија ќе се подели, албанците ќе бидат избркани и незнам што.

Колеги од македонската опозиција, апелирам да не го мамите вашиот народ, туку работете со цел сите граѓани да ја подобрат економијата. Никој нема да се исели од никаде, ниту албанците ниту македонците, затоа што нема каде да одат и ќе си останат на своето место. Колку треба дса се занимаваме со историското минато? И тука повторно жалам што го спомнувам тоа често, меѓутоа, тоа е реалност. Пратениците од македонската опозиција на ВМРО-ДПМНЕ постојано се занимаваат со историјата. Не треба да се занимавам сло историјата, туку треба да се занимаваме со предлогот за донесување на закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, затоа што доколку се занимаваме со минатото, се знае како ќе излезе вистината за историјата. Ние сега работиме за нашите граѓани кои се денес, а не за минатото. Ние држиме лекции тука чие било Кичево. Кичево е на сите, Кичево е на граѓаните кои живеат во Кичево.

Гостивар е на граѓаните кои живеат во Гсстивар. Битола е град на граѓаните кои живеат во Битола. Меѓутоа, да не навлегуваме длабоко во историјата, затоа што ќе се изгубиме.

Понатаму, ставот на ДУИ е јасен, за да имаме 34 општини, меѓутоа, не е и против овој предлог на новата територијална организација предложен од Владата на Република Македонија. Како што рече министерот, ова е прва фаза. Пооправдано би било да имаме 34 општини, да се вратат 34-те општини и во овие општини да има просперитет во сите области на делување, во економската, општествената, културната област, инфраструктурата и тн.

Територијалната организација е тешка, се разбира меѓутоа, нема да биде тешка доколку тоа се прави во интерес на граѓаните. Оваа Влада можеби прави некои грешки, меѓутоа, работи територијалната организација да се напрви во интерес на граѓаните, за граѓаните да не бидат дискриминирани, на граѓаните да не им се нанесе штета. Знаеме дека поделбата е тешка, меѓутоа, таа се прави за подобра перспектива на нашата земја.

Како заклучок, би им одговорил на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ кои велат дека македонците ќе се иселат. Тоа не е вистина. До сега се иселуваа албанците. Тоа можеме да го поткрепиме со факти. Меѓутоа, од сега натаму ни албанците ни македонците нема да се иселуваат, туку ќе работат разумно и умно за економскиот просперитет на нивната држава, а посебно албанците ќе работат со цел сами економски да се развијат и со еден таков силен економски развој ќе се насочат кон земјите кои постигнале таков економски развој порано. Меѓутоа, не го постигнале економскиот развој преку национални конфликти. Нашите граѓани од сите националности ќе се ангажираат во насока на економскиот просперитет и во насока на Европа. Само на тој начин ние имаме една светла перспектива и само на тој начин Европската унија ќе не прифати, само така ќе ја имаме подршката од целата меѓународна заедница, а не со тоа што ќе се повикуваме на националните чувства. На нив им дојде крај. Сега граѓаните бараат да ги донесеме законите и да работиме за економскиот развој на нашата земја. Со еден ваков напредок, нашата заедничка држава ќе оди многу напред.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, ве молам, полека,

Прво јас нешто сакам да кажам. Во однос на апелот на г-динот Бејта на почетокот. Господине Бејта во животот нема толку сериозни работи да не можеме да

се пошегуваме и да направиме една шега, да се насмееме, а посебно ако таа смеа е од срце, од душа, бидејќи таквите луѓе за мене имаат пупка на духовност и добрина која што кај некого е можеби веќе цвет, кај некого е сеуште пупка и ние треба да поработиме да тоа прерасне во еден многу убав голем цвет. Затоа, да го гледаме животот понекогаш и од посветлата страна, од поубавата страна. Тоа е во врска со она што беше на почетокот, коментар.

А, сега да го слушнам процедуралното. Повелете,

ГАНКА САМОИЛОВА-ЦВЕТАНОВСКА:

Благодарам  господине претседателе,

Јас ве молам да ми објасните дали денес на дневен ред е Законот за територијална реорганизација или е интерпелација на работењето на опозицијата односно пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ. Затоа ве молам, и особено им препорачувам на пратениците од пратеничката група на ДУИ да не се обидуваат да ни држат лекции за нашата работа бидејќи не се во позиција. ВМРО ДПМНЕ има своја програма, има свој лидер и има свое раководство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-споѓо, заврши процедуралното, ве молам.

ГАНКА САМОИЛОВА-ЦВЕТАНОВСКА:

ВМРО-ДПМНЕ е сама одговорна за своите настапи. Затоа, уште еднаш препорачувам да не се обидувате да ни држите лекции во која насока ние ќе настапуваме.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Е, сега, јас ќе одговорам на ова процедурално,

Морам да ви кажам една работа, ако се држиме до тој договор, да се држиме до тој договор. Бидејќи и опозицијата држи лекции на СДСМ и ЛДП дури спомнува имиња на актуелни премиери, овде се прочита историја од час ипол, вие не бевте присутни тука, која што немаше . . .  (реакција на пратеникот Ганка Самоилова) вчера се прочита историја од Камено доба до денес и не направив никаков коментар. Според тоа, јас реков, секој закон (реакција на некои од пратениците) ве молам, ве молам, само да се дообјаснам и тука да завршиме. Секој закон си има своја политичка компонента, има своја реална компонента за што се носи законот. Јас апелирам да се дискутира по онаа компонента за што се носи, законодавната компонента, да не можам да оспорам некој тоа да го користи како свој политички настап.

Според тоа, тука никој не можете да барате од другите она што го барате да немаат и да не го прават она што го барате за себе да го имате право.

Одиме на реплики.

Има збор Коце Трајановски процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам, претседателе, ќе бидам краток,

Во моето процедурално сакама да обрнам внимание дека тоа што се историја се изнесува на градовите или општините кои што треба да бидат или се во оваа територијална организација, но не и да е предмет на работа. Нашата процедурална забелешка беше бидејќи поголем дел на дискусијата на претходнот дискутант беше комплетно околу ВМРО ДПМНЕ, затоа беше процедурално.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Коце Трајановски, дали и вие ја слушнавте расправата на г-динот Чедомир Краљевски. Ја слушнавте расправата и тој не ги броев, но 10 пати ДУИ и СДСМ и договорот меѓу нив. (реакција на некои од пратениците).

Затоа велам не сте во право.

Реплика има госпоѓа Бонева, повелете. (Реакција на некој од пратениците)

Власта ја составува позицијата и опозицијата. Така ли се договоривме.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господинот Бејта во неговото обраќање кажа дека експертите направиле детални истражувања како функционирале постојните општини и откако тие виделе од нивните истражувања дека нема финансиски резултати, се пристапило кон територијално прекројување на државата.

Сакам да го прашама г-динот Бејта дали тие имаат информации кои што нас како опозиција не ни се достапни бидејќи ние немаме вакви истражувања од експерти кои што одат во прилог на постојната понудена ново територијално прекројување на Република Македонија, туку напротив имаме анализи од експерти кои што зборуваат дека ваквата територијална поделба ќе предизвика само далеку сежни негативни последици во државата Република Македонија. И во однос на запоставување и маргинализирање на одредени региони, миграција на население и да не зборувам што се. Значи тоа е во прилог на неспроведување на ваква територијална поделба, а бидејќи постојано г-динот Бејта се повикуваше на економски критериуми на новото територијално прекројување ќе го замолам да ни ги даде истражувањата од експертите од кои што и ние ќе се убедиме а ќе се убедат и

граѓаните од општините кои што се укинуваат дека овие општини не може да опстојат па во функција на нивниот опстанок, нивната подобра иднина дека власта ја прави оваа нова територијална прекројба на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дин Бејта една минута.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Благодарам, г-дине претседател, причинува задоволство бидејќи колешката призна дека јас не бев надвор од дневниот ред и зборував за предлог законот, за донесувањето на Законот за територијална организација на локална самоуправа и јас стојам на тоа дека професионалците кои го изготвија овој предлог закон за основа го зедоа економскиот развој и финансиските можности, за финансирањето на општините. За основа не зедоа да направат едно кажување за минатото, за историското минато, а како што почнавме вчера од камено време до денешни денови.

На колешката треба да и биде јасно дека општините во развиените земји постојат само со моќна економија, јака економија, со јаки финансии. Таа нека ми каже една општина во источна Македонија која има јаќи финансии за да се одржи самата себе.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да констатирам редослед.

Господинот Оровчанец не е тука а тој треба да добие збор.

Господине Драго Шајноски вие се јавивте за реплика.

Повелете.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Благодарам.

Нашето залагање во овој повеќепартиски парламент е за транспарентност на овој процес и предлагање на измени со цел да донесеме што пофункционален закон е наша примарна цел. Процесот што тече во оваа држава додека трае оваа сесија во Парламентот секако претставува и политички маркетинг, но како нус производ на овие аргументирани дискусии од опозицијата. Додека аргументите на опозицијата се добро примени кај граѓаните. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Шајноски, не сметам дека ова е реплика на г-динот Бејта.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Па, за него зборувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Незнам, не сметам дека е ова баш реплика.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Па, првата реченица му е дека ние правиме политички маркетинг.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Од тој аспект повелете. Видете не сум семоќен и сезнаен.

Повелете.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Не слушате претседателе, слабо слушате.

Дека аргументите на опозицијата се добро примени кај граѓаните доказ е и вашата прва реченица дека ние вршиме политички маркетинг. Инаку, зошто вие би се секирале дека нашите дискусии се лошо примени.

Господине Бејта вашиот настап јас го почитувам како ваш став и нема да речам дека правите само политички маркетинг.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Трендафилов повелете, три минути ве молам.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Ако сватиф, претходниот дискутант своето долго излагање го тврдеше на три тези: прво, дека станува збор за економскаста одржливост на некои од постоечките општини, дека тоа треба да резултира законот во Република Македонија и водењето на правото да функционираат под еднакво на цела територија, а не на етничка основа и дека сто тоа ќе придонесе во иднина степенот на напуштањето на Македонија, тоа значи дека никој нема да емигрира, затоа што квалитетот на животот ќе се подобри.

Кратко кажано јужно од Велес се наоѓа општина Градско која со новата карта не е предвидена понатаму да егистира како општина, таа ќе ја издвојам затоа што е најблиску до Велес. Општина Градско ќе исчезне од картата на постоечките општини иако за овие неколку години откако е таа самостојна општина е видлив развојот во инфраструктурата во вработувањето и во развојот на локалната економија.

Што се однесува на тоа дека Законот веќе не функционира за етничка основа најверојатно претходниот дискутант го имаше во предвид министерот за правда г-динот Иџет Мемети и конкурсот за избор на судии во Скопје.

И, во однос на третото прашање дека никој, а најмалку македонците ќе треба да ја напуштаат Македонија сакам да го потсетам дека во одредени делови во Република Македонија за да се иселат тие прво треба да се вратат во сопствените домови.

Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодсрам.

Една минута господине Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ќе му дададм на знаење на колегата дека има  два вида економски и политички. Политичката миграција постоеше во минатото време и сега нема таква миграција, економска миграција ќе има доколку ние не ги зајакнеме нашите општини од економски и финансиски аспект. Ако ги зајакнеме од економски и финансиски аспект тогаш ќе отвориме нови работни места, тогаш нема да има миграција од ниедна националност, но не така како што ја прави пропагандата дека во општините каде што се албанците во мнозинство ќе се иселат македонците. Ова не е вистина. Не се иселуваат бидејќи се мнозинство албанците, туку може да има некое мало движење поради економски причини, не поради политички причини.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам. Г-дине Мавровски вие сте на ред, бевте тука присутни, повелете имате реплика три минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам, за дадениот збор и мислам ве сватив во добра насока за она шега пред малку, но мислам дека ќе треба да се извините затоа што јас колегата Бислимоски и го слушав, а за тоа имам и неколку сведоци од вашата пратеничка група, бидејќи на нашите не им верувате, значи вашите извори на информација се тотално погрешни. Но, во секој случај, имав да реплицирам со г-динот Бислимовски, за работи кои што ги кажа и за кои мислам дека можеме да одговориме, но сега е на ред г-динот Бејта.

Мислам дека уште во самиот вовед го спомна Охридскиот договор и се повикува на децентрализација на меѓународнот фактор, но тука мислам дека е сосема погрешна теза затоа што овде не правиме ние поделба на Република Македонија и да правиме некои државни граници па меѓународниот фактор да биде тој што ќе каже дали општина Бач ќе биде со општина Старавина приклучена на

општина Новаци или Јегуновце ќе влезе во Тетово, или Мала и Голема Речица ќе биде во Тетово и Маврови Анови ќе биде поделено, апсолутно меѓународниот фактор ниту ги знае нашите карактеристики, ниту може да каже за овие поделби. Значи, меѓународниот фактор да го исклучиме, тука се работи за фактор наша свест и она што значи опстојување на овие општини. Господинот Бејта кажува дека воопшто не е регуларно а на прагот на 21-от век како што кажуваме за некои рурални општини дека имале амбуланти, струи, училишта, според него тоа воопшто не е некој успех. За чал јас треба да се сложам со него, но уште поголема е жалоста кога во една општина Дебар селото Џепиште кое спаѓа во таа општина Дебар и општината Дебар и понатаму ќе се проширува и понатаму, едноставно нема водовод и тие илјада луѓе таму чекаат и перат и собираат вода на три чешми во селото, а нивното училиште со повеќе од 100 дечиња нема воопшто вода. Тоа е во 21-от век. Незборувам за 19-век.

Исто така, многу често се  манипулира со тоа што опозицијата кажува работи кои што биле политички маркетинг. Но, во самата точка 5 од Европската повелба за единиците за локална самоуправа се кажува дека без согласност на граѓаните, значи без распишан референдум, апсолутно не може да се менуваат страниците. Ние како Република Македонија сето тоа го прифативме и мислам дека треба да опстоиме на сето тоа.

Понатаму, говориме за окрупнување на единиците за локална самоуправа и со тоа дека се ќе биде во ред. Погрешно. Имавме 32 општини и овие рурални општини некои по 15 илјади, сега се по 300 луѓе, значи во тоа време кога имаше окрупнети општини ние стигнавме до тоа тие да станат рурални и пасивни општини. Значи, не е тоа решението. А, колку за вработените, јас мислам дека со ова темпо ако се продолжи на невработеност големите општини како Битола, Тетово, Велес, и понатаму ќе останат да бидеме само една општина цела Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам, г-дине Мавровски.

Една минута, повелете г-дине Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ви благодарам,

господине Мавровски незнам дали си заборавил дека гарант на потписот на Рамковниот договор е меѓународниот фактор и незнам колку сте прочитале, за правата и обврските на развиените земји кои имаат влијание врз неразвиените или

земјите во развој и без меѓународна поддршка ниедна држава ниту народ не може да оди напред.

Ние тука говоревме за предлог законот за територијалната организација за тоа како општините да имаат подобар просперитет од економски аспект и како сите граѓани во нивните општини да ги уживаат своите рамноправни права во законска рамка.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Крстевски вие имате реплика или збор. (Реплика)

Повелете три минути реплика.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Оваа дискусија на г-динот Бејта покажа всушност за каква хипокризија на власта се работи кога е предложен ваков закон бидејќи во членот 2 во овој закон веќе ја почитуваме повелбата на Советот за Европа за локалната самоуправа и предвидуваме дека измена на општини може да се врши само по пат на консултација со граѓаните. Што значи дека Македонија не е од вчера потписник на таа Спогодба, таа обврска ја има и денеска тоа да го направи. Тоа е едно. А, дека се работи за политички договор самиот кажа дека неговата партија е за 34, сега има 123 и се нашле на некоја бројка од 70 општини, за која не можат да го објаснат ниту економските ниту другите причини. Дека се работи за потреба од етничко прекројување говори и фактот на примерот на општина Врапчиште која го губи етничкиот примат на турската популација, за сметка на промената која настанува и уште еднаш покажува дека ниедна општина од постоечките не се губат во однос на пропорционален однос кога се работи за албанската популација.

Според тоа се работи за еден политички договор во Влдата кој денеска овде е проектиран како закон за кој мислам дека Македонија ќе има долгорочно последици бидејќи на тој начин се оддалечуваме од ЕУ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Бејта, имате една минута за реплика.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Се согласувам со колегата за членот 2 од овој закон, но сеуште законот е во прва фаза. Мислам дека ќе има измени, а овие измени ќе бидат од интерес на граѓаните и ќе се спроведува така како што ќе се донесе овој закон.

Што се однесува на општина Врапчиште, има мешан состав. Но да му дадам до знаење, доколку не знае, актуелниот градоначалник во општина Врапчиште, е албанец и мнозинството во Советот се од редовите на албанците. Но да не навлегувам во ова прашање. Јас реков без оглед на тоа, колку граѓани има од другите заедници, сите ќе бидат еднакви пред законот. И јас зборував дека општина Врапчиште и другите општини да се припојат кон општина Гостивар, за еден економски развој и граѓаните на општина Гостивар да ги вршат своите обврски така како што треба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Кенан Хасипи имате реплика.

КЕНАН ХАСИПИ:

Мислам дека јас бев единствено спомнат во настапот на господинот Невзат Бејта, во делот што се однесуваше на општина Врапчиште. Меѓутоа, репликата ми е во сосема друг правец.

Господинот Бејта јасно и концизно го изнесе ставот на ДУИ дека е за опција од 34 општини и ништо немаше да биде спорно доколку ние денес расправавме за таа опција. Меѓутоа, ние денес расправаме за предлог на Владата која содржи 62 општини и 9 за градот Скопје. Значи не е опцијата која ја изнесе господинот Невзат Бејта.

Втората работа е во однос на етничкиот критериум.

20% не е наша измислица. Тоа е работа на политички договор и доколку се квантифицираат законите, сосема логично е дека етничкиот критериум игра битна улога.

Сакам само да потсетам дека со законот за локална самоуправа, на советите им е дадено право да го стават во службена употреба и јазикот на националната заедница која е под 20%, со одлука на совет. За жал, цели две години, во ниедна единица на локална самоуправа не се покажа политичка волја да се стави во службена употреба јазикот и писмото на заедницата што е под 20%, што покажува, доколку во законите не постојат јасни и прецизни одредби, тоа не се применува во пракса.

Втора работа, ако веќе сме да се почитува законот, сакам да потсетам, согласно став 2 од член 10 од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, на малцинствата кои во одредени простори живеат во мнозинство, или

традиционално, во службена употреба му се дава и јазикот на таа заедница. Сакам да потсетам дека тоа право не е искористено во законот за локална самоуправа. Напротив, законот има сосема друго решение, што се коси со член 118 од Уставот кој вели: - Според Уставот на Република Македонија меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел на внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон. Ние со закон менуваме еден ратификуван меѓународен договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јавува господинот Илија Китаноски.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

На две точки имам реплика на г. Бејта.

Првата реплика се однесува на она што на еден начин во неговата дискусија си дозволи да ги оспорува резултатите од референдумските изјаснувања на граѓаните и од името на моите сограѓани можам да кажам дека навистина ги навреди нивните чувства и на сите оние 15 илјади граѓани кои во неделата на 1 февруари масовно излегоа на гласачките места и го дадоа својот глас за опстанок на општина Кичево во сегашните граници. Ако тој лично или некој друг се сомнева, евентуално, во вистинитоста на тие резултати, или во излезот итн, резултатите се достапни за секој оној кој сака да ги провери. Меѓутоа мислам дека им должи извинувања на граѓаните на Кичево за оваа негова однапред искажана квалификација.

Втората работа на која сакам да реплицирам е принципот и критериумот на кој се повикува и тој, а го оправдува предлагачот односно Владта во концепирањето на овој закон. Тие принципи и критериуми кои се набележани и декларативно Владата во законот сакала или имала намера да ги почитува, во старт се прекршени и елементарно не се почитуваат затоа што на цела територија на Република Македонија имаме ситуација да имаме една дистинкција помеѓу руралните и урбаните општини, освен во Кичево, Струга и Дебар каде сите рурални општини се придодаваат на градовите. Конкретно во Кичево сите четири досегашни општини, Осломеј, Зајас, Вранештица и Другово се припојуваат кон општина Кичево, иако сите четири имаат економски капацитети и според финансиските критериуми, финансиска самодоволност. Значи ги исполнуваат тие критериуми.

Само за илустрација ќе спомнам дека на територијата на сегашната општина Осломеј се наоѓа вториот по големина произведувачки капацитет на електрична

енергија во Република Македонија. Самото тоа покажува дали таа општина има економски потенцијал и можности за развој. И на територијата на општина Зајас се наоѓа најголемиот рудник на железна руда во Република Македонија од кој работеше до пред 10 години, железара во Скопје. Тој рудник моментално е во конзервација, меѓутоа добар дел од неговите капацитети и погони работат.

Тоа само за илустрација за нивната економска одржливост и можност за опстојување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута реплика има господинот Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Колегата спомна дека на референдум излегле 15 илјади граѓани македонци. Меѓутоа, не ја спомнува волјата на другите жители албанци и други кои живеат во општина Кичево.

Уште еднаш кажувам дека експертите кои работеле во оваа насока, предвиделе и другите општини, толку колку им е развиена економијата, значи зависно од развојот на економијата да се припојат во урбаната општина Кичево, со цел општина Кичево да има поголем просперитет, заедно со граѓаните кои ќе живеат во неа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски имате релика или збор.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Реплика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, имате три минути.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Другарот Бејта денес имаше настап од времето на реал-демагошките настапи и денес ни држеше беседа и слово по демократија, а знаеме како влезе во Парламентот, барајќи човек кој управува со оружје и дојде на власт.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски поминете на реплицирање.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Околу она што сакаше да го поврзе дека децентрализацијата нема врска со територијалната поделба, се согласуваме и нема потреба да се експлоатира.

И втората работа, дека Рамковниот договор не обврзува на нова територијална поделба, туку ревизија или ревидирање на општините.

Она што сакам да укажам како забелешка, непознавањето или не сакањето да ја согледа реалноста, е тоа да ни зборуваше тука за успешноста на општините. Не можеме да зборуваме ние за успешноста на општините, кога при пренесувањето на правата на општините, ги дадовме општините такви какви што беа, без никакви ингеренции и сигурни извори на финансирање. Таа точка е апсолвирана и нема што понатаму да се дискутира.

Да одиме уште понатаму со големо незнаење, сакаше да апострофира дека општините се тие кои што ќе вработуваат. Апсолутно никаква врска немаат општините со вработувањето. Тотално непознавање на материјата. Која е таа општина што може да вработува. Знаеме како оди вработувањето, има закон, Биро за вработување. Тоа е надлежност на државната власт.

И она другото што сакам да кажам, повикувајќи се на меѓународните фактори дека тие ќе ги креираат односно ќе ги прават границите.

Би сакал да му советувам на господинот Бејта, јас сум еден што не го гласав Рамковниот договор и тие од ДУИ не го гласаа, затоа што кога ќе го стават потписот и кога ќе застанат зад Охридскиот договор, тогаш тој може да дискутира за правата од Охридскиот договор. Кога ќе стават потпис и кога ќе застане целата партија зад Охридскиот договор, тогаш можат тие со право да бараат права од Охридскиот договор. Вака е чиста демагогија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута реплика има господинот Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Однесувањето на колегата не е во согласност со еден пратеник и интелектуалец. Не знам како го добил мандатот да стане пратеник. Што се однесува до тоа како јас сум дошол моите колеги од ДУИ, тука, се знае дека нашиот народ на

најкристален можен демократски начин ни го даде гласот и ние сме тука и ги браниме општите интереси на нашиот народ и на сите граѓани.

Што се однесува до границите, каде има тој врска со границите, како тие се прават и како се прави држава. Тој нема врска со тоа како се создава државата и како се прават границите. Му советувам да чита литература за тоа како се раѓале државите и како се границите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете за реплика господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Мојата реплика се однесува на господинот Бејта.

Тој секогаш тука добро зборува, меѓутоа едно зборува а друго работи.

Би сакал да кажам нешто околу неговите кажувања и околу неговите ставови.

Тој рече, да беше добра територијална организација, немаше да биде загрижена Меѓуанродната заедница и немаше да не притиска да направиме нова територијална организација. Сакам да му кажам дека не е во право, бидејќи ЗЕЛС токму од ваквите тврдења упати барање до Советот на Европа од каде доби одговор дека територијална организација е внатрешна работа на Република Македонија, но не и обврска на Рамковниот договор. Не би сакал да се експлоатира понатаму ова прашање, бидејќи ние сто пати го повторивме а и понатаму ќе повторуваме.

Она што го кажа дека ние ги заплашуваме македонците да се иселуваат и нема тие каде да одат, ќе мора да останат таму, сакам да го потсетам, бидејќи е тој во власта од албанскиот блок, дека сеуште раселените од Арачиново и од Матејче не можат да се вратат во своите домови, па нека оди нека им објасни зошто, бидејќи нивното главно објаснување е поради безбедносните причини, а тие безбедности причини токму господинот Бејта и неговата партија ги направија во 2001 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате реплика од една минута господине Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Жалам за оние што се иселиле од селата и дошле во градовите, меѓутоа никој не ги попречива да се вратат. Но, има еден добар дел од граѓаните, од тие населени места кои создале подобри услови за живеење во урбаните средини, нашле подобри

работниместа. За тие кои не нашле такви услови, Владата ќе создаде услови да се вратат. Тие што сакаат да се вратат, нека се вратат и нека со својата сила градат, не засегнувајќи ги интересите на другите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Џезаир Шаќири имате реплика три минути.

ЏЕЗАИР ШАЌИРИ:

Сакам да му реплицирам на господинот Бејта во врска со она што кажа дека општините нема да се градат врз национални основи, туку во интерес на граѓаните.

Иако господинот Бејта е од Гостивар, јас само скам да го потсетам дека Македонците во Гостивар се 20 и нешто посто, меѓутоа има 80% во државните институции.

Како мислите вие да ја измените оваа бројка?

Од друга страна барате општина Маврово да се припои кон Гостивар, а знаете дека пред неколку месеци од страна на Владата е усвоен план за тоа Маврово да биде посебна општина. Тоа е само еден политички маркетинг.

Сепак јас ја разбирам реакцијата од позицијата која се обидува да добие во време, а опозицијата знае дека ќе ја изгуби таа привилегија околу таа бројка од 80%. Меѓутоа не е катастрофа што над 50 години биле водени од малцинството. Меѓутоа, не се плашите. Ние ќе знаеме да раководиме и во Кичево и во Струга и на друго место.

Меѓутоа, сакам да го потсетам господинот Бејта кој е дел од власта, нека го остави на страна Маврово што веќе е завршена работа, нека малку повеќе се сконцентрира на Битола каде албанците и муслиманите таму секојдневно се малтретираат. Јас ве уверувам и на улица не смеат да го користат албанскиот јазик, а камо ли во други институции. Иако не претставуваат 20% од населението во Битола, сепак концентрирајте се малку на нив, затоа што, навистина, се спроведува еден расизам кон нив.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика една минута има господинот Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Парламентарците треба да бидат малку подисциплинирани, да го стигнат нивото на културата и да се ислушаат меѓусебно.

Што се однесува до составот на администрацијата во општина Гостивар, таа е таква каква што е. Меѓутоа, не само во општина Гостивар, и во другите општини и администрацијата и раководните лица ќе бидат сменети согласно начелата на Охридскиот договор. Кога велам врз основа на начелата на Охридскиот договор, сакам да кажам врз основа на сегашниот Устав и верувам дека раководните лица ќе го отсликаат составот на населението во тие општини, а на републичко ниво исто така во согласност со составот на населението.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално за збор се јавува господинот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Мојата реакција навистина ќе биде процедурално, претседателе,

Сметам дека требаше господинот Шаќири да го прекинете во дискусијата, кога зборуваше дека во Битола има расизам, дека во Битола не им дозволено да зборуваат на јазикот на кој што сакаат, на улица. Сметам дека такви дискусии во иднина, со оглед на тоа што е процедурално моето јавување, не сакам да реплицирам, такви дискусии, вие како претседател на Собранието треба да ги прекинувате, бидејќи се изнесени невистини, без разлика на некои работи што се случиле. Никој не може пред време, додека органите не расветлат одреден случај, да носи вакви заклучоци. Но кога има вакви дискусии, отсега би ве замолил да ги прекинување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, ќе ги прекинувам.

Процедуралното јавување е за тоа за да го искорегирате нечии став.

Повелете господине Мавровски, процедурално.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Процедуралното се однесува токму за тоа што го кажа и господинот Слободан Најдовски.

И уште една работа. По стоти пат се повторува Монастири, Монастири.

Во Република Македонија има донесен Закон за топоними, од 1945 година. Ако почнеме да викаме сега Весели, Давор, Светлана, бидејќи во македонскиот јазик

нема некои такви имиња и што ќе правиме тука ние. Мислам дека има начин да се реши сето тоа.

Би ве замолил да го поделите на пратеничките групи Законот за топографија, што важи во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски, вие ми поднесовте имтерпелација. Еве ви уште еден аргумент за интерпелација. Јас не знам од кога вие разбирате албански. Јас само македонски слушнав и на македонски е кажано Битола и Скопје.

Повелете господине Трајановски:

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Добро е што му дадовте на господинот Мавровски процедурално да се јави за збор, меѓутоа не мораше така на сила да го добие.

Инаку со оглед на тоа што од господинот Бејта и господинот Џезаир Шаќири се искажаа некои тврдења дека македонците ќе бидат сменети и испуштени од работа во Гостивар, барам да го добиеме овој дел од стенографските белешки, да ни се даде на пратениците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам службите да се извади тој дел од стенографските белешки.

Повелеге господине Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Во дискусијата на господинот Бејта беше спомнато чисто политички маркетинг. Тој вели дека не е локалната самоуправа т.е. организација не е од политички аспект. Јас ќе му кажам дека е точно од политички аспект направена оваа територијална организација. Зошто, на пример, ако земеме во општина Кукуречани градоначалникот е од СДСМ, а општина Могила е од ВМРО-ДПМНЕ. Општина Могила е пет илјади жители, општина Кукуречани е две илјади жители, ги припојува и Добрушево и Могила во општина Кукуречани. Нели тоа е политички договор со СДСМ и ДУИ. Од економска страна вика дека ништо не е направено за досегашните општини. Мислам дека тој не пошол по овие рурални општини, сигурно и најверојатно нема појдено господинот, нема прошетано таму да види што е

направено и што е сторено. Ќе му кажам дека таа локална самоуправа после 1996 година до денес успеа да ги реши сите најнеопходни структурни промени во населените места, како што е, на пример, нема село без вода, нема село без осветлување, нема село без асфалтирани патишта, нема село без улични осветлувања и тн., а викаат дека досега ништо не е направено. Од економски причини, викаат дека нека кажат тие нивни анализи, тие нивни експерти зошто не можат овие општини да опстанат, а нека кажат како ќе опстанат тие што ги предлагаат 50 општини. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута господине Невзат Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Благодарам.

Јас стојам на тоа што го реков дека парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ врши поличтички маркетинг. Нивните говорници неколку пати ја повторија историјата на неколку града од Западна Македонија. Спомнаа, иако не е на дневен ред официјализацијата на тетовскиот универзитет како државен универзитет, расселувањето на македонците, вршат паника на македонското население, федерализацијата на земјата, кантонизацијата на земјата, ова не е политички маркетинг? Ние денес на дневен ред имаме закон за територијална организација на локалната власт во Република Македонија. Нека почнат да зборуваат за законот и ќе се согласам и тогаш нема да има политички маркетинг. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има госпоѓа Цветле Јаневска, а нека се подготви пратеникот, по втор пат Ѓорѓе Паљошковски.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, колеги пратеници,

Се двоумев дали најнапред да пристапам кон доближување до овој највисок законодавен дом и највисок претставнички орган на граѓаните на Република Македонија, кој треба и мора да ги знае жестоките реакции на граѓаните на Струга, а по повод сознанието дека Струга ја губи својата општина во сегашните мери и

граници со Предлог-законот за новата територијална организација на локалната самоуправа. Или пак, да ја насочам својата позитивна енергија во елаборација на аргументите за останување на општината таква каква што е, се одлучив секако за второво, со уверување дека сите вие истите ќе ги прифатите без резерва.

Неспорно, почитувани, денес расправаме за еден многу значаен документ, кој во многу нешта ќе предодреди иднината на нашите граѓани, на нашите сегашни и идни поколенија. Почитувани колеги, свесна сум дека секој од вас како претставници на граѓаните од вашите средини од кои доаѓате, можеби имате забелешки на овој предлог, впрочем тој не може да биде и идеален, особено не во неговата првична верзија. Но, како што вели нашиот народ, секоја планина си има своја тежина. Навистина, новиот предлог за територијална организација на локалната самоуправа, одговори на две круцијални прашања. Како не треба да изгледа општината или што таа не треба да биде и како таа треба да изгледа и што треба да биде. Таа не треба да биде политичка заедница и со тоа не треба да биде дел од државната структура и од структурата на државните надлежности и органи. А, таа треба да биде структура на надлежности, функции и институции, кои се сврзани со посебен круг јавни работи кои непосредно и реално се однесуваат на потребите и интересите на локалното население и на локалната заедница. Но, силно треба да се апсолвира фактот дека зад концепцијата на овој закон на окрупнување на општините и зад моделот и одделните решенија стојат живи односи и интереси долгорочни или краткорочни, се отсликува емпиријата на структурните, идејните, интересовните и слични компоненти на она што е општество и динамика на Република Македонија.

Од таму, логички, но и принципиелно според начелата и стандардите на локалната самоуправа, општината како локална заедница на реални и непосредни потреби на истото такво локално население, не треба да биде опширна и хетерогена заедница во која згора на тоа ќе има и големи разлики и противречности со условите и нивото на начинот на живеење и општење меѓу населбите и меѓу граѓаните. Општината треба да биде што е можно пореална локална заедница, со што похомогени интереси и потреби во делот на прашањата или на работите од локално значење. Таквата општина ќе биде поспособна да ги аргикулира и да ги решава заедничките потреби на граѓаните, а воедно ќе ги активира мотивациите и позитивната енергија на граѓаните. Тогаш, го поставувам прашањето зошто со новата територијална организација на локалната самоуправа Струга се глобализира. Оваа глобализација на општината, имено, предлогот постојните шест општини

произлезени од некогашната општина Струга, да се вратат повторно во една, граѓаните на Струга го доживуваат како една страшна идеја за создавање на кочница на нивниот севкупен развој.

Струга, условно речено, се казнува по втор пат. Еднаш кога на неа во 1996 година се приклучија 11 селски општини и сега уште повеќе кога треба да се здуши со сите други 48 селски населби. Аргументите со кои Струга треба сега да се здржи со досегашните мери и граници, се екстремно реални за да го дисциплинираат умот на било која етничка заедница или спротивставена страна на овие простори. Во таа смисла на овие простори сите етноси низ векови учествувале во создавањето на едно богатство, што лежи во основата на европските циовилизациски текови. Преку вековните искуства доаѓаме до сознанија дека на овие простори се живеело во надтолерантна атмосфера. Нема да претерам ако речам дека на овие простори се случувале настани, без кои не можеме Европа да ја замислиме без Македонија. Нема да претерам ако речам дека со Струга Македонија не треба да се комплексира и не треба да си го одзема достоинството пред модерна цивилизирана Европа, туку со кревата глава да застане во семејството на развиени народи и култури.

Расположена на бреговите на Охридското Езеро и реката Црн Дрим, но и со сплетот на историските настани, Струга денес во Македонија и на Балканот е еден од ретките историски локалитети, каде што се испреплетиле две доминантни европски култури, западната и источната и благодарение на тоа регионот претставува редок пример за тоа како таквите допири и преплетувања можат да донесат нов квалитет во естетска и духовна смисла.

Цивилизациски Струга влече корени уште од времето на праисторијата, позната уште од дамнешни времиња како антички град Енхалон, претставува голем крстопат на цивилизацијата во изминатите столетија, привлечно место за војските, царевите, епископите, знајни и незнајни неимари, кои во длабочините на неговата почва наплстиле една врз друга трагови и богатства на материјалната култура од античка Македонија, Рим, Византија и македонските словени.

Денес градот, благодарејќи на богатата и долга културна традиција, а вклучително почитувајќи ја неговата мултиетичност, е вистинска ризница на археолошки артефакти од неговиот историски развој, почнувајќи од најстарите почетоци на цивилизацијата, со предметите од неолитот, од елинистичката култура остатоци, остатоци од византиската уметност и словенскиот период.

Овој последниот период претставува вистинско богатство, цркви со чудесно изобилие од прекрасни икони, фрескоживописи, град со извонредно стара

архитектура и фолклор. Познати се малите пештерни храмови по должината на карпестите делови на западниот брег на Охридското Езеро. Од турскиот период во Струга има културни споменици. Значајни се и градските куќи од 19 век, кои по концепција целосно се вклопуваат во разбирањата на градителите на познатите куќи во Охрид.

Респектирајќи ги овие непобитни сознанија, за тоа и што претставуваат овие споменици на културата за овој град и воопшто што претставува градот Струга како историска и културна вредност на Македонија, бришењето на опстојувањето на постојната општина, без критична проценка, се поистоветува со засекување во корен на нејзините перспективи и развоен добробит за сите нејзини граѓани. Со необезбедување услови за негување на спомeничното наследство, се остава само баласт на генерациите кои треба рововски да се брани без да се познава историската суштина на балканското опкружување. Струга треба да се сконцентрира и да се развива како езерски град, да ги искористи сите прерогативи на езерските убавини, да го развива езерскиот туризам како главна стопанска гранка, да ги развива сите водени спортови со такмичарски дух според светските критериуми, да се стреми да го задржи и да го унапредува раскошот на крајбрежието. И, наместо Струга да го прославува со достигнувања денот на езерото 11 Јуни, да го заокружува и да го унапредува концептот за заштита на најголемиот дар на природата, Охридското Езеро, заедно со другите два града Охрид и Подградец од Албанија, а во духот на заштитата под закрила на УНЕСКО, таа сега со овој предлог треба дс се врати на назад, на маргините од некогашната градска Паланка, да се гуши, да размислува и да се занимава со селските локални патчиња и селски водоводи. Има ли ова било какво оправдување.

Да се вратам на помалку поетичните факти и аргументи. Струга, прифаќајќи ја неправдата што и се нанесе во 1996 година, со приклучување на единаесетте селски населби кон градот, кој сиот свој развој, од наколно живеалиште во езерото до денес, го осмислува животот во тесна врска со езерото, сепак, покажа дека како седишен центар има капацитет и се осведочи за тоа дека во оваа општина е можден мултиетнички и мултиконфесионален живот. За ова зборува и фактот што Струга по воените настани од 2001 година, остана настрана и надвор од воениот пожар.

Што се однесува до констелацијат ана населенето во постојната општина, во три населби живеат исклучиво македонско население, во четири исклучиво албанско, во пет има мешана етничка структура, од кои во две преовладува македонско, а во три албанско население. Во контекст на последниве податоци, во

постојнава струшка општина живеат сите оние што се наведени во преамбулата на Уставот. Во струката општина се зборуваат пет-шест јазици, а притоа никој не рекол дека јазикот е камен на сопнување меѓу етносите. Се работи само за поедноставување на еден сложен комплекс проблеми што ќе ги наметне новата територијална поделба во однос на Струга. Останување на општините во досегашните рамки и граници, ќе овозможува луѓето да си ги решаваат и реализираат основните локални прашања, согласно своите специфики.

Со оваа постојна поделба ќе биде надмината и доминацијата на едните врз другите и ќе биде ослободен простор за реализација на специфичните потреби и на едните и на другите општински заедници. Со поедноставени зборови кажано, ниту средствата за комунален и друг развој на потребите од локално значење, нема да минуваат преку градот, туку директно преку односните општински институции, ќе бидат поблиску искористени од граѓаните. Впрочем, и времето го покажа непобитниот факт за непречено, ефикасно функционирање на сите шест општини. Евидентна е нивната заложба преку сите инструменти, вклучувајќи го и референдумот за изјаснување на граѓаните грчевито да се борат да го задржат нивниот постоен статус. Четирите општини го направија и своето референдумско изјаснување, освен две чии обични граѓани, а не граѓански елити во неофицијални разговори ги искажуваат своите ставови за придобивките од задржување на нивните самостојни општини.

Според тоа, убедувањата се дека ако се успее во ова, пред се, ќе профитираат граѓаните, а ќе поентира и државата. До колку се рефундира оваа реалност на локалната самоуправа во Струшката општина, институционалниот систем ќе покаже способност и еластичност да ги врамнотежува интересите и односите, да ја гради стабилноста и реалноста на Републиката и локалната заедница во исто време. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Благодарам госпоѓо Јаневска.

Имате реплика, па толку беше убав говорот.

Повелете господине Мавровски, три минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господин претседателе,

Прво, го поддржувам говорот во 95% и не го сфаќам како политички маркетинг, зашто доаѓа од пратеник на позицијата кој го предлага законот. Целиот говор, колку што разб рав, е против оваа територијална организација, која ја предлага Владата, посебно за градот Струга.

Значи, ова уште еднаш кажува за договорот, за кого што зборува цело време опозицијата, а тоа е договорот помеѓу господата Али Ахмети и Бранко Црвенковски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Е, сега, господине Мавровски, пофалбата кон говорот ја злоупотребувате. Ќе си земете збор тоа да го кажете. Вие не можете да ја корегирате госпоѓа Јаневска дека таа тоа го размислува. Бидејќи тоа е реплика да искорегирате нејасен став. Ве молам, господине Мавровски, држете се за реплиакта, бидејќи ќе ви го одземам зборот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Точно така, ќе се држам за зборот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Уште една ситуација која што треба да ја кажеме после ова дека останува она што го говореше госпоѓата Цветле за општините што цело време говориме за хетерогени и хомогени општини. Не се работи само за Струга, се работи и за другите општини кои што идат во истата оваа ситуација, каде што порадихетерогеноста, помеѓу урбаните и рурарните средини, кои што се соединуваат се добива територии кои што по должина и поповршина се огромни, а од друга страна говориме дека законот кој што го носиме, треба да го доближиме до граѓаните да ги остварат своите права.

Значи еден од примерите е и Струга дека тоа не се реализира со овој закон за територијална организација. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута госпоѓа Јаневска.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Јас му благодарам на колегата Мавровски, што го подржува мојот говор, меѓутоа, мислам дека ,многу децидната констатација дека не го подржувам

предлогот на Владата, му е изричито неточна. Јас во основа го подржувам предлогот за територијална организација на локалната самоуправа, меѓутоа, пред се, треба да го пренесам во пораката на мојот говор е ставот на граѓаните, а и одредените елементи за спецификите што треба да ги испочитува сигурно предлагачот во втората верзија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има реплика г-динот Хусеини Хусеинџевад.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАД:

Почитуваната колешка го кажа своето размислување, а јас го ценам тоа како нејзино мислење, а наспроти нејзиното мислење е и друго размислување што се однесува до големото културно наследство што го има Струга, а јас тоа го ценам, но и таа треба да знае и јас го знам тоа дека наследството е на сите стружани, не е само на неколку стружани, бидејки ако размислите само дека џамиите се наши, а црквите ви припаѓаат само вам, ова не е вистина , бидејки исламизацијата на албанците е направена при крајот на 17-от и почетокот на 18-от век. Значи и ние имавме една вера, како верата на другите, но јазикот ни беше поинаков. И ние учествувавме во изградбата на тие цркви и исто така, сме способни да ги цениме тие и да ги чуваме, како заедничко наследство. Ова е под број еден.

Второ, незнам зошто етничкиот паритет во еден град ги разрушува перспективите на еден град. Ова не е воопшто разбирливо. Јас мислам дека ќе биде катализатор на едно многу поголемо унапредвување и по видливо унапредување. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута имате госпоѓо Јаневска.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Почитуван колега пратеник, ако добро го следевте моето излагање, во ниеден сегмент од моето излагање не беше потенциран етничкиот расчекор меѓу граѓаните што живеат тука. Напротив, поентирано беше мултиетничкиот мултиконфесионалниот соживот во Градот и во сегашната општина, така да кажано е дека напротив , тука е една локација, едни простори, каде што се судираат, односно се испреплетуваат две култури и се она што го има сегашната општина

Струга, цитирајки ги и кои етнички заедници живеат, воопшто е кажано како богатство на тој нивен историски соживот. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави госпоѓа Лалчевска.

ЛИЛЈАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Со внимание го проследив говорот на колешката Јаневска, од проста причина што мојот и нејзиниот Град го поврзува едно прекрасно езеро и јас исто толку жалам , за она што ќе и се случи на Струга, колку што жали и колешката. Говорот беше прекрасен, поетичен како на Струшките вечери на поезијата, меѓутоа , многу аргументи или воопшто аргументи не слушнавме, освен тоа дека главната поента на говорот, барем додека ја слушав колешката, сватив дека е против предлогот за новата територијална организација на РМ. Меѓутоа, таа за цело време зборуваше за Струга, па потоа добив впечаток дека е против новото прекројување на границите на општина Струга, што е сосема оправдано, меѓутоа, во контра репликата, мислам на г-динот Мавровски кога му одговараше, колешката ме демантираше и кажа дека е за предлогот на Владата, меѓутоа , против делот за Струга.

Јас навистина, би ја прашала колешката, дали сето она што го мисли и чувствува за Струга, го мисли и за Кичево да речеме, бидјеки со иста судбина е и Кичево и дали најголемата трагедија за Струга, ќе биде што општината Струга во новите граници, ако остане како што се предложени сега со новиот предлог, најголемата трагедија за Струга ќе биде што ќе треба да се спушти, како што кажа таа да се гуши во селски проблеми, со правење селски патчиња. Дали тоа ќе биде најголемата трагедија што ќе ја снајде новата велам под наводници општина Струга. Меѓу другото јас навистина ја разбирам колешката, која на некој начин е растргната меѓу желбата да ја спаси Струга во сегашните постоечки граници, а јас и се приклучувам кон таа желба и нејзината желба да го подржи предлогот на Владата,. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута госпоѓа Јаневска.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Јас ги молам колегите пратеници кои ми упатуваат реплики, пред се, да не ме жалат, затоа што јас сум во иста позиција како и сите нив, да си го кажам своето

мислење. А што се однесува до трагедијата, дали ќе биде трагедија Струга ако остане со предлогот сега како што е сметам дека не ќе е голема трагедија, меѓутоа добро е да се испочитуваат спецификите и на едните и на другите. Бранејќи ја Струга , јас ги бранам и другите општини заедници, затоа што со своите проблми и специфики мислам да постигнат поголем прогрес и развој.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Јани Макрадули, процедурално.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господине претседателе, јас би ве замолил и ги молам пратениците да на ја злоупотребуваат искреноста на некои пратеници, да не злоупотребуваат еден настап некој пратеник што го имаат исклучиво за дневно-политички цели и создавање политички поени и маркетинг. Би ве молел, за достоинство во собраниската расправа. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Потполно се слагам со оваа констатација и ја прифаќам, точно тоа е така, затоа што мене не ми е јасно, се слагате, констатирате дека се слага госпоѓа Цветле со вашиот став, а имате три минути реплика. Чим констатирате дека се слага, готово, завршува реплика. Така е.

Господин Недим Рамизи, имате реплика. Повелете.

НЕДИМ РАМИЗИ:

Благодарам претседателе, сакам само кратко да дополнам на ова на излагањето на госпоѓата Цветле, бидејќи и таа самата истакна дека ја пренесува загриженоста на граѓаните од Струга, така што сметам дека нема потреба од загриженост на граѓаните од Струга. Нема да дојде на никакво кинење во корен во просперитетот на Струга или перспективата, напротив Струга уште по перспективна ќе биде. Нема да не се продолжи понатака со никакви прослави , на оние прослави кои што се одржуваат во Струга, напротив ќе се продолжи со секакви прослави.

Во однос на референдумите кои што се држеа . Сметам дека референдумите и во Струга и во останатите општини од Струшкиот регион, беа необјективни референдуми и не успешни бидејќи самите резултати покажуваат дека и во Струга референдумот кој што се одржа е околу 38,06% или со референдумот од Лабуништа

кој што немаше ни 30%. Така да значи нема потреба да се премногу повикуваме на резултатите од вакви референдуми. Благодарам.

(Со седницата продолжи да претседава госпоѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, госпоѓа Јаневска повелете.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Јас му благодарам на колегата пратеник, меѓутоа, ако сака да ми реплицира, барем да се држи прецизно за тоа што сум го кажала. Не реков ја пренесувам загриженоста на граѓаните на Струга, туку го пренесувам својот став. Моево обраќање со оглед дека двата дена во првична верзија го расправаме законот за територијална организација за локална самоуправа, не сакав да го обременам моето обраќање со проценти и со бројки.

Меѓутоа, сигурно во втората фаза ќе бидам по прецизна и по докажлива, а што се однесува за неговата квалификација, за референдумите дека не биле точни и можеби, дека биле на етничка основа, јас ќе кажам дека за Струга, ме повлече за јазик, тој сооднос фамозен со кој се манипулира 47% и сега сме сооднос 47% со 41% макеоднско и албанско насление. На референдумот излегоа 54%. Што значи, не беше референдумот етнички и по етничка основа. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Драго Шаиновски.

ДРАГО ШАИНОВСКИ:

Во настапот на почитувната колешка, се чувствува притисоот кај неа од мислењето на граѓаните дека општина Струга мора да остане во сегашните граници и можеби нејзината нејасна желба тоа да биде така, и притисокот од нејзините партиски ментори на предлогот за правичната поделба даде призвук на ненамерна грешка и превид пооднос на општината Струга , сепак, како пратеник од тој регион , го подржувам нејзиното поетско обраќање, иако за стружани не е само поезијата квалитет, Струга да остане восегашните граници, ако така мислеше и колешката.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓа Јаневска повелете.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Госпоѓо потпретседател, сооглед дека чувствувам дека ме толкуваат, а не го пренесуваат моето обраќање, јас понатаму нема да реплицирам, односно да одговорам на репликите од моите колеги.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, нема повеќе реплики. Продолжуваме со дискусии.

За збор се јави господин Ѓорѓе Паљошковски.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувнаи колеги, почитуван минситер,

Територијалната организација на локалната самоуправа во РМ зависи од фактори кои пред се, произлегуваат од приоритетните барања на граѓаните за нивно доближување на децентрализацијата, во делот на локалното практикување, на локалната власт.

Постојниот концепт од 123 општини, покажа сериозни позитивни резултати. Во голем број општини со таквата регулација од 123 општини, општините во РМ навистина, почнаа да се ослободуваат од централизмот, модел на одлучување и започнаа да градат добри основи и нивниот локален развој.

Со предложениот закон за територијална организација во РМ  на некои општини се одземаат веќе дадените права, сами да се грижат за нивниот развој и иднина.

Негативните ефекти од тоа можат да бидат несогледливи од економски, демографски, социјален и културен поглед. Проблемите ќе се појават во сите делови на РМ. Но посебно ќе се одразат во подрачјата на РМ, каде што веќе почна да се создава вистинската основа за децентрализација.

Неоправдани се аргументите на Владата на РМ дека со окрупнувањето на помалите општини ќе се обезбеди засилен економски развој на истите. Но сепак, окрупнувањето на општините не значи дека децентрализацијата би се одвивала на задоволително ниво.

Имено, општините од РМ кои имаат рурални карактеристики, можат да се претпоат во општини со доминантен градски карактер. Тоа сигурно би се одразило кај населението кое живее во овие општини, бидејки единствена цел кои тие ја

назначуваа како приоритетна е нивното нормално функционирање во руралните средини. Постојат општини во РМ , кои навистина, функционираат позитивно, а сега се припојуваат со општини кои не се во економска и социјална врска со истите.

Посебно тоа се општините од рурален карактер, кои се припојуваат со општини од градски карактe. Во тие општини постои опасност да се изгуби значењето на функционирањето на општините со рурален карактер, кој имаат посебни специфики.

Тука би го истакнале примерот со општина  Куклиш, која со новиот Предлог закон би требало да се припои кон Струмица. Најпрво би сакал да ги истакнам карактеристиките на оваа општина, кои секако се најбитни во оценката, дали оваа општина  треба да остане во постојните граници, без да се припои кон Струмица.

Имено, општина Куклишпретставува функционална , економска, социјана  и демографска структура и целина, со погодни природни , економски , инфраструктурни и социјални услови за самостоен развој.  Општина Куклиш е соруралeн центар. Куклиш и нејзиниот опстанок е основен локално-стратегиски момент, во согласност и функција на регионалната политика на Република Македонија.

Со спроведувањето на економската политика, треба да се продолжи со започнатиот економски инфраструктурен развој, а на тој начин ќе се ублажи разликата во развојот и секако , опстанокот и задржување на населението во населените места. За задржувањето на населението во тие подрачја треба и приоритет при изготвување на законски проекти од ваков карактер. Географски општинскиот центар Кукли е во непосредна близина на регионалниот пат Струмица-Валандово, преку кои се поврзува со магистралниот пат за Радовиш и Тепублика Бугарија.

Истот ака, низ Куклиш поминува регионалниот пат Р-605, кој е во изградба и ќе биде директна врска со општина Куклиш и со Република Бугарија, што директно влијае врз развојот на општината.

Куклиш е едно од најголмите населени места во Струмичкиот регион, сооколу 2700 жители, кој во последните неколку години доживеа брз инфраструктурен развој. Вкупната територија на општината зафаќа површина од 12.600 хектари, и се вбројува во средно големите општини во Струмичката котлина.

Општината Куклиш ја сочинуваат 10 населени места и тоа се: Куклиш, Свидлица, Дурланбос, Орманли, Костурино, Немишли, Триводи, Раборци, Злешево

и Чепелин, со седиште во населеното мсто Куклиш, со вкупен број население 4.449 жители.

Просторот на општина Куклиш го сочинуваат две просторни географски целини и тоа: рамничарски и ридест дел, поради што постојат сите можни услови за развој на земјоделието, шумарството, сточарството, а посебно со развој на рано градинарството, кое во перспектива и уште повеќе ќе се развива со изградба на браната Маркова Река.

Општина Куклиш е најголем производител на рано градинарски производи во РМ , со нагласена изградба на оранжерии и примена на системот капка по капка во последните години.

На територијата на општина Куклиш постојат повеќе претпријатија, коивршат сервисирање на земјоделците со потребните репро материјали за одвивање на едно модерно оранжериско производство.

Водоснабдувањето е решено во следните населени места: Куклиш, Костурино, Свидовица, Раборци и Дурлонбос.

Во изградба е канализациона мрежа во с.Куклиш и во самото место  Куклиш, како и  регулација на речно корито на реката "Сушица".

Со водоводот стопанисува Јавно претпријатие за комунални дејности "Липа" со седиште во село Куклиш, со можност за проширување на дејноста на јавното претпријатие.

Сите населени места во општината се електрицифирани. Уличното осветлување е на задоволително ниво. ПТТ сообраќајот се одвива преку две пошти и тоа: во село Куклиш и во село Костурино. Со телефонската мрежа  не се покриени само селото Мемешли и селото Орманли .

Во општината Куклиш постојат две здравствени амбуланти лоцирани во Костурино и Куклиш. Тоа значи дека постои задоволителен  аспект за развојот на здравствениот сектор.

Образовниот систем го сочинуваат претшколското и основното образование. Општината располага со две забавишта во Костирино и Куклиш, едно осумгодишно училиште во Куклиш и  училишта до четврто одделение во сите населени места. Постои и културен дом во Куклиш и Костурино. Состојбата на овие домови е на задоволително ниво.

Да ги погледнеме состојбите во општина Куклиш од економски аспект:

Населеното место Костурино располага со природни локалитети .

Во општина Куклиш постоја колонијалени дуќани, занаетчиски работилници и угостителски објекти.

На територијата на опшината Куклиш е лоциран хотелот “Сириус” и повеќе стопански објекти како што се:

1. Две пекари кои се наоѓаат во Костурино и Раборци
2. Една млекара во Костурино
3. Фабрика за производство на зејтин во Раборци
4. Погон за откуп и производство на тутун во Костурино
5. Пилана во Костурино
6. Рудник во Мемешли
7. Погон за тапацерија во Раборци.

Може да се констатира дека општината Куклиш располага со значајни ресурси кои можат со интензивно економско планирање и стратегија да се бидат основни услови за поголемо застапување на стопанските дејности и за економскиот развој воопшто. Но, најбитно е дека основите за позитивен стопански развој во општината Куклиш веќе егзистираат и потребно е само дополнително интервенирање од финансиски поглед со кои планираните економски цели би се постигнале. Впрочем, тоа го овозможува и Генералниот урбанистички план на општинскиот центар Куклиш, и урбанистичката документација на останатите населени места во кој се предвидува лакација за изградба на мали и средни претпријатија.

Во општината Куклиш во последните години се изградени и значајни инфраструктурни објекти. Такви новитети од аспект на инфраструктурниот развој се од суштинско значење за развој на општината. Тие објекти се:

1. Изградбата на општинската административна зграда која е во завршна фаза.

2. Изградени водоводни системи во село Куклиш, село Костурино, село Свидовица и во село Дорломбос.

3. Изградба на регионалниот пат Р - 605 , чија изградба започна во 1999 и се уште е во тек.

4. Пробиен и тампониран локален пат за село Дорломбос .

5. Пробиен и тампониран е локалниот пат за селото Триводи.

6. Во општина Куклиш асфалтирани се повеќе улици.

7. Изградена е училишна зграда во село Куклиш и во село Раборци.

8. Во тек е изградба на систем за отпадни води(канализација) во село Куклиш.

9. Регулацијата на речното корито на река “Сушица” е во тек.

10. Поставени се четири ново трафостаници и мрежата за уличното осветлување низ сите населени места во општина Куклиш е проширено за 400

11. Извршено е реновирање на Домот на културата во село Куклиш.

12. Извршено е прекопување на канал за одводнување на полето во атарот на село Куклиш.

13. Реализирани се два проекти со поддршка на УНДП за прочистување на диви депонии и озеленување на површини низ општината Куклиш.

Со сите назначени параметри како од економски така и од социолошки аспект, се поставува прашањето дали на ваквата општина да и се оспори правото самостојно да одлучува за своите локални проблеми. Вистинската децентрализација на општината не е во запоставувањето на општините кои ги имаат овие економски параметри. Општинта Куклиш започна да ја гради својата перспектива во позитивен правец. Започнатите проекти од витално значење за општината, изградените објекти даваат сигурна основа дека оваа општина ќе биде главен носител на регионалниот развој во тоа подрачје. Регионалниот развој на општините, посебно на руралните општини како сегмент на регионалната политика, мора да бидат основна кетегорија врз која ќе се имплементира децентрализацијата. Карактеристиките на општината Куклиш, нејзините започнати стратегии за градење на модерна инфраструктура, едукативни центри, културни објекти се токму производ на вистинскиот приод кон оваа општина. Тоа апсолутно докажува дека со овозможувањето на општината Куклиш да функционира како самостојна општина се постигнаа бараните резултати. Таа е класичен пример за тоа како Република Македонија ќе ја спроведува својата регионална економска политика. Впрочем, функционирањето на модерните европски регионални системи укажуваат на тоа. Ако, веќе Владата се повикува на стандардизирана регионална политика и овозможување развој на руралните подрачја треба да овозможи тие да функционираат како вистински децентрализирани општини. Во Република Македонија нема ништо побитно од тоа да се развиваат регионалните рурални центри.

Загрижувачки е податокот и појавата на иселување на населението од овие подрачја. Со вакво законско решение само ќе го помогнеме иселувањето на населението и ќе го забрзаме процесот на тивко одумирање на селата. Со тој пристап кон селата и нивното витално функционирање не верувам дека Република Македонија ќе биде перспективна земја, и секако се доведува во прашање развојот на целокупната економска политика на земјата.

Расте незадоволството кај локалното население во сите загрозени општини во Република Македонија. Посебно, тоа е изразено во местата каде што веќе започна процесот на економски развој на локалните подрачја.

Примерот со општината Куклиш е евидентен пример за загрозување на локалните перспективи на месното население. Зошто баш сега да се одземе иднината на оваа општина и зошто да се создаде можност започнатите програми и проекти да пропаднат? Зарем не би можело да се изнајде начин да се остави простор и време општината да продолжи да се развива со започнатиот динамичен развој. Да се остави барем минимум време, со кое општината би продолжила по зацртаниот курс на економска преобразба. Фактите говорат дека за период од две години општината би го достигнала нивото на современо организирана општина.

Како претеници во Собранието на Република Македонија мора да го застапуваме интересот на граѓаните и нивните уставно загарантирани права.

Интересот на граѓаните од општината Куклиш со овој предлог закон се запоставени и нарушани. По неоправдани критериуми општината Куклиш се става во позиција да биде уништена како регионален центар со рурални карактеристики. Оваа општина заслужува да биде општина по сите законски стандарди и неможеме да и го ускратиме тоа право. Процесите што се започнати таму мора да продолжат и мора да бидат почитувани сите активности на локалното население кое приодонесе за целокупниот нејзин развој.

Апелирам до пратениците во Собранието на Република Македонија да ги почитуваат интересите на граѓаните и да не дозволиме општини со позитивен развој да бидат уништени и избришани од стратегијата за децентрализација и развивање на регионалната политика. Мора да бидеме совесни и да обезбедиме општината Куклиш и останатите општини во Република Македонија како законодавен дом, претставнички орган на граѓаните да биде девалвирано, бидејќи ќе подржи законски проект кој не е  лиску до реалноста и потребите на граѓаните.

На крајот би рекол да се почитува и да се земе во предвид волјата на граѓаните на општина Куклиш со изгласаниот референдум за да остане општината.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г. Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам г-ѓо потпретседателке, почитувани колеги, г. министер,

Поради значењето на оваа материја јас како координатор на Парламентарната група ќе зборувам за ставовите на ДПА во врска со територијалната организација на локалната власт. Кој е акцентот, иако денеска донесуваме еден закон. Оваа Влада дојде на власт со еден многу јасен мандат. Тој мандат беше имплементација на Охридскиот договор, политички документ кој спречи една криза и паузираше еден конфликт и му даде шанса на мирот. Изгледа многу луѓе, политичари и политичката елита многу брзо ги заборавија пукањата, несигурностите и опасноста што постоеше за опстанокот на државата. Жалам што ве потсетувам на овие моменти, што несакам никогаш да не се случат, меѓутоа кога го гледам пристапот кој го има Владата во однос на Рамковниот договор, однесувањето во однос на основните начела на овој документ кој стави крај на војната ми се чини како за некого таа војна да била игра, или како да се случувале на друго место и ние сега можеме да се однесуваме многу покомотно во однос на овој документ. Уште еднаш за илјадници пати ги повторувам основните начела и столбови на овој политички процес накратко.

Употреба на албанскиот јазик како втор официјален јазик во државата.

Адекватна застапеонст посебно на албанците во државната администрација.

Децентрализација на државата според новиот уставен концепт на држават апроизлезен од Рамковниот договор.

Што се однесува до прашањето на официјалната употреба на албанскиот јазик година ипол јас сеуште како пратеник неможам да добијам визит карта со моите податоци на албански јазик. Ќе чекам да покаже милост претседателот на парламентот и да ми рече Замир не се секирај јас тоа ќе ти го овозможам, или пак општината Тетово неможе да се обрати на Владата на албански јазик со очекување дека еден ден премиерот ќе покаже милост и ќе му даде на министерот за правда да подготви еден закон за употребата на албанскиот јазик.

Застапеноста на албанците во државната администрација, да не одам подалеку затоа што тоа не е тема на дневен ред, само да ви кажам дека во Парламентот, во оваа институција каде се наоѓаме ние структурата на вработените до пред војната беше од 192 вработени имаше само 14 албанци односно 7,22%. Еве година ипол ниедно ново вработување во професионалните служби на Парламентот нема со исклучок на неколку преведувачи. Очекувам дека можеби децентрализацијата ќе покриеше и ќе се надминеше нешто од оваа деформација, меѓутоа со последниот пакет на децентрализацијата може да констатираме дека

ништо ново не се случува и дека ова ги потврдува девијациите и застранувањето од тие главни цели.

Во продолжение сакам да го аргументирам дефектот во третиот столб, а тоа е децентрализацијата односно денес точката на дневен ред, територијалната организација.

Со самата точка за финансирање на локалната власт точно се покажа дека најновото интегрирачко небо слиакта ќе биде фингирана и албанците ќе бидат оставени без крилја. Јасно се увиде дека механизмот кој го нудеше овој закон за фискална децентрализација нуди само централизирани фискални механизми кои не нудат искрена децентрализација. Ова со други зборови значи дека повторно средствата ќе се собираат во центарот од даончниците и тие ќе се дозираат односно постои можност повторно дозирање за албанците. Значи од почетокот овој пакед јасно се гледа дека ова нема да значи рамноправност туку само давање милостиња на албанците.

Денеска разговараме за првата фаза за новата територијална организација на локалната самоуправа.

Сакам да потсетам за инвестициите кои се направени досега и дека нема случајност во тенденциите за постигнување рамноправност во државата. Стратешки гледано се определивме како ДПА за да ја подготвиме Македонија за фундаментална децентрализација и тоа фискалната децентрализација, децентрализација на власта, територијална децентрализација со цел да се обезбеди реална рамноправност и да се спречи еднаш за секогаш дозирањето и дискриминарењето врз национални и регионални основи.

За ова ДПА како предуслов за учество во минатата Влада го постави прашањето за децентрализација на власта тргнувајќи од формирањето на Министерство за локална самоуправа и се до подготовка на програмски и правни програми. Тука се мисли на формирање на нормативни акти односно основни закони кои се однесуваат на локалната власт и тоа Законот за локална самоуправа, Законот за финансирање на општините, Законот за територијална организација на општините и Законот за градот Скопје.

Законот за територијална организација на општините е еден од основните закони за соодветна децентралилзација на власта создавајќи општини со одржливи инфраструктурни капацитети, економски, развојни, финансиски наспроти надлежностите кои треба да ги вршат во согласност со Законот за локална самоуправа.

Предлог законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија кој денеска е пред нас претставува проект кој за жал нема јасен концепт. Тука мислам на начелата и освновниот концепт, основните критериуми за определување на административно територијалните единици на општините. ДПА досега изрази јасен став во однос на потребата за нова административно-територијална организација потенцирајќи ја потребата да се одбегне фрагментирањето на општините и да се оди кон нивно урбанизирање со цел да се создата пофункционални услови за реализација на надлежностите.

Во продолжение ќе се задржам на некои од принципиелните забелешки во однос на овој Предлог на закон.

Прво, зошто овој Предлог на закон во членот 9 каде се определуваат општините во Република Македонија не се наведуваат и општините во состав на градот Скопје. Ова го велам имајќи го предвид членот 114 од Уставот каде се вели дека единици на локална самоуправа се општините. Едновремено свесен сум за членот 117 од Уставот каде се вели дека градот Скопје е посебна единица на локалната самоуправа. Значи со овој Предлог на закон се нарушува начелото на рамноправност на општините утврден со Уставот со горенаведениот член.

Второ, се гледа дека Владата во текот на утврдувањето на општините не се придржувала кон критериумите определени од самата влада, или пак тие критериуми биле користени на селективен начин, а се однесуваат на територијалната организација.

Владата ги немала предвид законските принципи, членовите 16, 17, 18, 19 кои се однесуваат на условите, принципите за административно-територијалната организација на општините, потоа не го почитувала членот 5 од Европската конвенција за локалната власт, како и забелешките на Советот на Европа, односно конгресот за локални и регионални власти. Конкретен пример за ова застранување е општината Сарај каде со новиот предлог се предвидува рекреативно спортскиот центар да припадне на општината Ѓорче Петров, со што директно се нарушува, се гази членот 18 на Законот за локална самоуправа каде се вели дека при утврдување треба да се води сметка за катастарските граници. Така што границите во општината не треба да се поклопуваат со нив. Во спомнатиов пример токму тоа и се прави. Имајќи ги предвид новите карактеристики што создаваат нефункционални општини и правен дисконтинуитет, инфраструктурен и развоен, промовирајќи начело на селективност преку таканаречен лов на витални региони и објекти и создавајќи

таканаречени џебови. Пример, трансфер од сегашната општина Чаир на Карпош според предлогот што го имаме денес на дневен ред.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам, господине Дика, вие веќе сериозно завлеговте во Законот за град Скопје. Мислев дека ќе имате само еден пример, меѓутоа веќе е расправа.

ЗАМИР ДИКА:

Сигурно дека подготвувачот на законот при ова ја имал во предвид иницијалната зона, кои се во овој регион и се потенцијален извор за развој на оваа општина. Со овој предлог-закон Владата го злоупотребува етничкото начело создавајќи енклави со кои се прекинува природната врска на населението, географската, инфраструктурната и историската врска, правејќи обид секогаш да гради заштитни механизми за една заедница од другата. На пример општина Бутел, населба Визбегово, општина Јегуновце, Маврови Анови и некои други случаи кај кои неможе да се утврди ниедно друго начело за функционирање на општините освен тоа стриктно етничкото начело, или создавања на енклави со мнозинско население, во овој случај македонското мнозинство. Предлагаме Владата да го земе предвид етничкиот елемент, тоа е неизбежно, меѓутоа, не на штета на соживотото и интеграцијата која самата оваа Влада ја промовира. Значи овие вештачки општини, треба повторно да се разгледаат. За да се избегне оваа тенденција на злоупотреба на етничкиот елемент и гетоизацијата, некои самонаречени политичари и експерти ја префрлаат топката на друга страна, кон Струга и Кичево. Тука се прави обид да се импутира тезата на етничките елемент во функционирањето на овие две општини. Јас сакам да ги демантирам овие аргументи кои не држат и да потсетам дека се работи за две општини кои пред последната територијална организација биле со границите кои денеска се предлагаат. Токму владината коалиција од 1996 година водена од СДСМ, беа тие кои во тоа време предложија распарчување на некои општини со единствена цел зоните населени со албанци да ги рурализира до екстрем и на нивна штета да се создадат општини каде ќе доминира македонско мнозинство. Така се узурпираше просторот создаден со заеднички средства и се даде на употреба на една етничка група. Тука говорам за урбаните зони, посебно Струга и Кичево. Во тоа време токму овој елемент на етничката дискриминација доведе до тоа оваа сиромашна земја да има еден апсурден број на општини и тоа бројка од 123 општини, значи, оваа сегашна актуелна ситуација во тоа време кога

беше донесен овој закон, беше донесен без да се прашаат овие општини и овие албанци дали сакаат да се отцепат од овие урбани општини. Цениме дека доколку оваа Влада доколку сака да ја надмине дискриминацијата која самата ја правеле во минатото, треба да ги избрише вештачките општини и да создаде силни урбани општини. Уште еднаш да заклучиме во однос на овој дел, цениме отворено дека етничкиот елемент неизбежно мора да се земе предвид, меѓутоа не во горе опишаната форма, тука мислам на општините Маврови Анови, Јегуновце и тн. И треба да се поттикне учеството на граѓаните во општествениот живот и во заштитата на идентитетот, што е дел од Рамковниот договор. Значи, слободно може да констатираме дека Владата воопшто не води сметка за основните начела изразени од самата себе за меѓународните институции, како и документите кои произлегуваат од нив, а имајќи го во предвид и Рамковниот договор чија имплементација е атрибут на владеењето на сегашната влада и на партиите во коалиција. Доколку навлеземе во подлабока анализа во овој контекст, слободно можеме да кажеме дека Владата тука освен промовирањето на начелото на нееднаквост меѓу општината, односно нарушување на уставната еквивалентност аплицира чудни решенија, почнувајќи со бројот на единиците, дислоцирањето на значајни објекти со економски, финансиски потенцијал, со културно историска вредност, како и тие што обезбедуваат јавни услуги. Општините во составот на градот Скопје, посебно создавањето на новата општина Чаир е најфлагрантниот случај како може да се прават мапи чија главна тенденција е маргинализацијата, осиромашувањето, гетоизацијата, дезинституционализација на албанците од Скопје, не почитувајќи ниеден принцип.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Поминаа некаде околу 10 минути. Второ, дали ова треба да го сметам за дискусија дека нема да дискутирате за град Скопје?

ЗАМИР ДИКА:

Може да наречете како сакате, меѓутоа јас го имам во предвид ова. Значи, дефинитивно што се однесува до случајот со Скопје и овој флагрантен случај на креирање на мапи за дезинституционализација, ќе говориме со следната точка. Меѓутоа, со ова сакав само да го искажам пристапот на Владата кон Рамковниот договор и пакетот на закони за децентрализација. Ние ќе чекаме дека Владата можеби ќе ги земе во предвид нашите забелешки и ќе го подобри проектот со оглед

на фактот дека сме во првата фаза, затоа што инаку одговорност за ваквите проекти може да биде фатално за сите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На списокот за збор е пратеникот Благој Голомеов. Имаме уште 8 минути, дали тоа ви е доволно?

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи, тука ќе ја завршиме денешната сесија.

Утре продолжуваме со точката каде што е Декларацијата за апликација во Европска Унија, тоа се три точки. Потоа продолжуваме со оваа седница. Па имате разрешување на заменик министер за здравство, ја има Декларацијата и уште една точка каде што вие како пратеничка група ја задолжувате Владата. Тоа е 53-та седница. Утре продолжуваме со 53-та седница, а кога ќе завршиме продолжуваме со сегашната седница.

(Седницата прекина во 17,50 часот.)